**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

од Единаесеттата седница на Собранието на
Република Македонија, одржана на
27 февруари 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,20 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Г.Никола Поповски, претседател на Собраието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 11-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Славица Станковска, Илија Србиновски и Агрон Буџаку ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Господинот Илија Филиповски, министер за економија ме извести дека заради службени обврски, до 16,00 часот, не ќе биде во можност да присуствува и ќе ги замолам сите пратеници што имаат прашања до г-динот Филиповски да ги постават во вториот дел од седницата, од 16,00 часот, а со оглед дека и заменикот, ме известија, нема да присуствува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, Г-Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Почитувани пратеници, со оглед на веќе воспоставениот договор, ќе работиме по истиот принцип како и минатиот пат, што го постигнавме како договор со координаторите на пратеничките групи.

Ве известувам дека пратениците од Владината коалиција си направија интерен распоред за поставување на прашањата, во пропорција меѓу припадноста на трите пратенички групи, кој јас ќе го почитувам. Се разбира, како и минатиот пат, доколку во рамките на одредени пратенички групи некои од пријавените пратеници сакаат да извршат поместување на некои од пријавените, на место на друг, и тоа ќе го почитувам, меѓутоа, само во интерни рамки на пратеничка група, а не и меѓу другите пратенички групи.

Со оглед дека на оваа седница имаме одговори на  писмени прашања доставени од Владата во периодот меѓу две седници, или на некоја од претходните седници, почнуваме со нив. Откако ќе ја исцрпиме таа листа, тогаш ќе продолжиме со оние кои на оваа седница ќе поставуваат нови прашања, така што овој листинг, сега, како што се јавувате за збор ќе го игнорираме и кога ќе ги завршиме одговорите на веќе завршените прашања по писмен пат, ако има потреба од дополнителни одговори, тогаш ќе го избришемелистингот од компјутерот и ќе направиме ново пријавување, а овие сега нема да важат.

Ве известувам дека по барање на Пратеничката група на ВРМО-ДПМНЕ а согласно договорот од минатиот пат, работата ќе ја продолжиме до 19,00 часот, со тоа што предлагам да работиме вака:  од 11,00 до 14,15 минути, ќе направиме 60 минути вообичаена пауза, продолжуваме во 15,15 часот до 17 и 15 часот и после правиме само 15 минути пауза, па во 17,30 часот продолжуваме до 19,00 часот со работа. Значи, правиме уште една дополнителна пауза од 15 минути, надвор од вообичаедната, за да можат и министрите да земат здив, бидејќи ќе бидат под притисок на давање одговори.

Ве известувам дека министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Жарко Караџоски, Никола Апостолоски, Стојан Андов и Љубчо Георгиевски.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Жарко Караџоски, Ефтим Манев, Коце Трајановски, Абдулаќим Адеми, Коста Пешовски, Рафет Муминовиќ, Слободан Даневски.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговор на пратеничко прашање, поставено од пратеникот Ефтим Манев.

Претседателот на Владата на РМ достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Коце Трјановски, Исмет Рамадани и Ѓорѓи Трендафилов.

Министерот за транспорт и врски достави одговор на пратеничко прашање на пратеникот Петар Апостолов.

И министерот за економија достави одговор на пратеничко прашање поставено од пратеникот Спиро Мавровски.

Исто така, Ве известувам дека одговорите на некои од прашањата кои ги поставија господата Исмет Рамадани, Мите Николов, Емилија Костадинова, Каме Петров, Славица Грковска и Зоран Шапуриќ и Фатмир Асани, сеуште не се

пристигнати од страна на Владата. Тие на првата наредна седница за пратенички прашања ќе ги поставиме.

Продолжуваме со работа по одговори на овие пратенички прашања што ги поставив.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот на министерот за внатрешни работи и ако не е, може да постави дополнително прашање во рок од 3 минути.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Никола Апостолоски да се произнесе дали е задоволен од одговорите, добиени од Министерот за внатрешни работи. Се работи за повеќе одговори.

НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:

Задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Стојан Андов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Не сум задоволен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете, имате три минути за дополнително прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Прво, одговорот не е комплетен, бидејќи не се наведени сите лица против кои има поднесени кривични пријави, еве, читаме во весниците и сосема други лица има таму.

Второ, за една кривична пријава која веќе е поднесена, се вели дека е во завршна фаза на прибавување на потребни известувања. Со потребни известувања за поднесена кривична пријава треба да биде отворена истрага. Дали е отворена истрага од страна на обвинителството и истражниот судија или не е? Одговорите не се комплетни.

И трето, не ми е јасно дали претседателот на Владата бил известен, кога го предлагал составот на замениците и изборот на замениците, дали од Министерството бил известен дека предлага личност која е осудена.

Тоа се тие дополнителни прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Хари Костов, дали ќе дадете одговор на дополнителните прашања?

ХАРИ КОСТОВ:

Прашањето минатиот пат беше на кои членови и заменици во Владата се поднесени кривични пријави и до каде е постапката. Тоа што е содржано во прашањето, комплетна листа е опфатено во однос на евиденцијата која постои во Министерството за внатрешни работи, така што ниту има некој сокриен, ниту некој е додаден.

Второ, прашањето беше до Министерството за внатрешни работи и Министерството одговара само во делот на својата надлежност. Министерството за внатрешни работи не може да одговори за делот кое се однесува на Јавното обвинителство и за делот кој се однесува на судовите, како и за натамошниот тек на постапки за кои е надлежен судот, или обвинителството. Би требало да се побара одговор таму. До евиденцијата, до поднесена кривична пријава кај нас одговорот е содржан.

И третото прашање, мислам дека тоа прашање е упатено до премиерот и јас не би можел во негово име да одговорам на ова прашање.

СТОЈАН АНДОВ:

Не е точно, прашањето не е само за министрите и замениците. Тоа не е точно сосема е друго прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе го видиме тоа.

Го молам пратеникот Љубчо Георгиевски да се произнесе дали е задоволен од одговорот на министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање.

Г-динот Љубчо Георгиевски не е присутен.

Го молам пратеникот Жарко Караџоски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Од одговорот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство воопшто не сум задоволен. Очекував малку посеопфатен одговор. Се што е кажано во одговорот - цитирани се само некои одредби од Законот за тутун, она што буквално секој го знае. Прашањето беше што Владата односно конкретно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, дали чувствува потреба да има некаква улога во откупната политика за оваа година, или ќе се тргна настрана, доведувајќи ги тутунопроизводителите во состојба во каква што се, што значи дали Владата, преку ресорното министерство, планира во тој сегмент и во тој правец нешто да помогне во смисла да се откупи тутунот онака како што заслужува со едни подостоинствени цени.

Инаку, прашањето до министерот би било, бидејќи го цитира Законот за тутун, и јас би го прашал зошто воопшто постои Закон за тутун, ако ги поистоветуваме сите земјоделски производители да бидат еднакви.Зошто тогаш немаме закон за тикви или за лубеници, туку имаме Закон за тутун. Сето тоа зборува дека имаме стратешки производ и Владата не може да се однесува инфериорно кон тоа прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве разбрав дека немате дополнително прашање.

Дали сакате, господине министер, коментар на дополнителното прашање?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Нема да дадам коментар, бидејќи ова не е дополнително прашање, туку коментари на Законот за тутун и коментари на актуелната состојба. Од она што се случуваше овие три дена одговорот беше јасен што прави Владата на РМ и ќе направи во наредниот период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Костов, (му се обраќа на министерот за внатрешни работи) забелешката на господинот Андов е на место. Вие се обративте само за заменици и министри, а пратеничкото прашање е поставено и за државните секретари и државните советници, именувани од Влада.

Дали сакате на ова прашање дополнително да дадете одговор или направивте лапсус, Ве молам да се доизјасните.

ХАРИ КОСТОВ:

Во одговорот мислам дека ја има листата на сите државни функционери, кои беа опфатени со анализата, така што не се само членови на Влада и заменици, туку и сите оние што се државни секретари и мислам дека тој список постои во самиот одговор, така што сите тие досиеја се претресени од аспект на надлежност на

Министерството за внатрешни работи и само тие се случаите за кои постојат досега поднесени кривични пријави.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот, добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да пoстви дополнително прашање.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Коце Трајановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот, добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Пред се, би сакал да кажам дека не е испочитуван рокот на доставување на одговорот. Согласно Деловникот за работа на Собранието на РМ, во член 39 од Деловникот децидно е кажано дека во рок од 10 дена од поставување на прашањето треба да добиеме одговор. Меѓутоа, ние одговорот го добивме да не речам пред неколку дена.

Би сакал, во иднина, да се почитува овој рок од страна на членовите на Владата, за да можеме ние навреме за наредната седница да се подготвиме дали сме задоволни или не од одговорот.

Инаку, тоа се однесува и на одговорот на другото пратеничко прашање, за кое понатаму ќе дадеме образложение.

Што се однесува до одговорот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, не сум задоволен од одговорот, бидејќи сите знаеме каква беше состојбата во врска со поплавите во Скопје и во Република Македонија, особено што министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство живее во Велес, ако не се лажам, и секој ден патува по потегот Ражаничино, Петровец, Јурумлери, Колонија, Идризово, Маџари, Инџиково, инаку, поминува покрај поплавените региони. Би го прашал зошто ниту еднаш не ги посети овие поплавени региони, па да види во каква состојба се,  за да можат да преземат нешто поцелесообразно.

Инаку, во одговорот дадено е само за едно населено место, а вкупно во 12-тина е реагирано со механизација, на една мала делница од 200 метри. Воопшто не е помогнато или многу малку е помогнато на локалната самоуправа, бидејќи и “Водостопанство - Вардар”, кое е лоцирано на оваа територија мака мачи со пари и финансиски средства, така што одредени општини од овие три општини имаат давано дури и свои средства за нафта, за механизацијата, да нафрлат активности за да можат да продолжат и да ги исчистат овие канали.

Она што се однесува на прашањето што понатаму вели дека ќе се прави план и програма за ургентно делување во најзагрозените подрачја. А тие загрозени подрачја се загрозени повеќе од два месеци, временските услови веќе се подобруваат, така што додека се направи планот и програмата, веројатно веќе нема да има потреба од делување на Министерството.

Она што се однесува на законската обврска за плаќање надомест, исто така, не видовме стратешки како ќе се решава плаќањето на тој надомест или друга форма на финансирање, за да може одводните канали и наредните години да не не изненадат,  не е добро кажано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Петров, дали имате коментар?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

И овде се работи за коментар на одговорот и истовремено видување како тоа треба да се реши според пратеникот, така што немам коментар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Абдулаќим Адеми да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Делумно сум задоволен од одговорот на министерот. Тоа што го гледам во одговорот, како што реков делумно сум задоволен. Тоа што е во неговиот одговор е вред, меѓутоа, на терен немам позитивни резултати. Тутунот не се собира во Липково, Куманово, Тетово, Крушево, Житоше, Велес, Скопје, или делумно се собира во неколку места. Значи, имам дополнително прашање до министерот.

Имајќи го предвид фактот дека земјоделците од општина Крушево и Житоше, пред се се занимаваат со култивирање на тутунот и тоа е единствен извор на егзистенција, а од друга страна, претпријатијата за собирање на тутунот “Нико

Доага” со седиште во Крушево, со кое имаат склучено договор 80% од производителите на тутунот, општините Житоше и Крушево сеуште не почнале со собирање на тутунот, и тоа само за овие две општини, а на другите места веќе почнале.

Зошто се дозволува ова да се случи и како мисли Владата, односно Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да го реши овој проблем, особено во општините Крушево и Житоше, во однос на претпријатието “Нико Доага”, кое не го собира тутунот од производителите со кои има служено договор, а доцнењето во собирањето му штети на производството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Петров, дали ќе се произнесете за дополнителното прашање?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Можам да го исвестам пратеникот дека во врска со откупот и проблемите што се јавуваат со него околу недостигот на средства, односно потребните средства на откупните претпријатија, Владата веќе презема мерки и донесе заклучок, со кој ќе се изврши продажба од стоковните резерви на количествата тутун што постојат и од добиените средства ќе се помогне таму каде што откупните претпријатија, поради објективни или субјективни причини, не се во состојба тоа да го прават. Тука, пред се, мислам на реонот на Крушево и оние места што ги спомна пратеникот, како и на реоните на Скопско-Кумановско и Тетовско.

Во текот на овие два дена се интензивирани активностите околу прашањето за преземањето на откупот од солвентните претпријатија и во текот на вчерашниот ден е постигнат првичниот договор со нив, да извршат преземање на оние количини, ако немаат за тоа договор, и врз основа на одлука на Министерството, во реоните каде што откупните претпријатија не функционираат, како што е случајот во Крушево, или функционираат меѓутоа, само формално без средства за откуп. Мислам дека во текот на овие некоку дена ќе имаме појасна слика за тоа дека откупот ќе се изврши.

Инаку, во заклучокот на Владата стои, јас ова ќе го потврдам и сега, дека средства за откупот на тутунот од оние тутунопроизводители кои не можат да го пласираат тутунот и да ги добијат среддствата од откупните претпријатија, Владата ќе се погрижи да обезбеди, меѓутоа, тоа зависи најмногу и од тоа дали на тендерот ќе се појават купувачи на тутунот од стоковните резерви, и ако се појават, за која цена тоа ќе го подигнат. Јас се надевам дека ќе успееме во тој дел и дека ќе го помогнеме откупот, така што ќе си ги добијат своите пари што ги заслужуваат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам Пратеникот Коста Прешоски, да се произнесе дали е задоволен од одговорот, добиен од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

КОСТА ПРЕШОСКИ:

Задоволен сум од целосниот односно сеопфатниот одговор на прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Рафет Муминовиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

РАФЕТ МУМИНОВИЌ:

Одговорот е коректен и мислам дека на претходниот дискустант, односно на мојот колега, министерот му даде пошироко објаснување околу Житоше, Лажане, Десово и Крушевскиот регион, така што веќе е преземена акција за решавање на тој проблем и јас лично сум благодарен што е тоа така.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Слободан Даневски да се произнесе дали е задоволен од одговорот, добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

На моето прашање кое беше поставено на минатата седница на Собранието за пратенички прашања а се однесуваше на тоа дали и што мисли Министерството за земјоделство во поглед на изедначување на правата и обврските на фирмите кои се занимаваат со земјоделство, индивидуално земјоделство, во трговски друштва во мешовите сопственост или во општествена сопственост, делумно мислам дека министерот дава точен и потполн одговор.

Но јас би поставил дополнително прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Имено, тоа се однесува на следното:

Дали и што мисли Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, да прогласи елементарна непогода за 2002 година, кога знаеме дека годината беше многу лоша, почнувајќи од измрзнување, мразеви, поплави, уништување на пченицата, имаше топлотен удар и дали Министерството и Владата мислат 2002 година да ја прогласат како година на елементарна непогода, со што ќе

обезбедат некои дополнителни бенефиции и субвенции, премии и регреси за земјоделците во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Петров што имате да кажете на дополнителното прашање?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Не е дополнително прашање, туку е потполно ново прашање и ќе го задржам правото дополнително да се произнесам кога, дали ќе одговорам во писмена форма или пак тоа ќе го направам на седница. Меѓутоа, само да кажам дека секоја година мерките во земјоделието се предвидуваат со програма на Владата, што се носи до крајот на месец март. Таква програма е во подготовка и решенијата во неа набрзо ќе ги имаме, така што не би сакал да прејудицирам кои од тие решенија ќе бидат усвоени, затоа што тоа е сеуште во фаза на предлагање и одлучување по тоа. Меѓутоа, во секој случај ќе направиме она што е потребно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање или сака да постави дополнително прашање.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Одговорот на тоа прашање досега не сум го добил и тоа ќе го сторам на наредна седница. Досега не сум добил таков одговор. Сега ми јавија дека е добиен одговорот горе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговорот е дистрибуиран до сите пратеници. Значи, го имате добиено.

ЕФТИМ МАНЕВ:

За 2 мин. ќе дадам одговор, бидејќи сеуште не сум го видел.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одиме на наредното, па ќе ви дадам повторно збор.

Го молам пратеникот Коце Трајановски.

Со оглед дека г. Црвенковски ќе дојде веднаш штом ќе заврши со своето обраќање на Форумот на банкарите, можете да изберете дали ќе поставите дополнително прашање на заменикот премиер или ќе го почекате господинот Црвенковски да дојде.

Прво, кажете дали сте задоволен од одговорот?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Може сега да одговорам. Инаку, не сум задоволен. Како и по претходното прашање, прво, би потенцирал исто така дека не сум задоволен од времето за кое што го добив одговорот, а воедно и од самиот одговор. Прашањето беше малку покомплексно и затоа зафаќа повеќе министерства. Тука се наведува што се презема Министерството за внатрешни работи, јас само би цитирал малку од тоа: "ги интензивира сите неопходни активности, активно работи согласно планот за постапување на полицијата по имплементирање на главниот план. Гради доверба меѓу полицијата, месното население и локалната самоуправа. Исто така, се работи на тоа да се изградат полициски станици во кризните региони". Сето ова е во ред, мислам како работи полицијата и тоа што го работи, доста внимателно работи, меѓутоа, сакам да потенцирам дека тоа е во ред доколку раселените лица се вратени од местата од каде што се избркани раселените лица. Меѓутоа, тие не се вратени и затоа би требало да се најдат некои други поинтензивни методи, за да би можеле да се вратат раселените лица. Инаку, вака излегува дека се се работи за да може да се удобороволат месното население од албанската националност да не ја тепаат полицијата, да не ги тепаат раселените, да бидат мирни. Значи, се со убедување, да се прават и некои групи за советување на граѓаните во стилот не ја тепајте полицијата, не ги тепајте раселените лица. Јас така тоа го разбирам. Во исто време македонците, србите, ромите и другото неалбанско население се надвор од домовите. Тие живеат во катастрофални услови и веќе ќе направат две години. Владата мора нешто да направи, за да би можело тие да се вратат во своите домови. Бидејќи, јас не би сакал ова да го политизирам, меѓутоа, една од главните девизи на изборната кампања беше враќање на раселените во своите домови. Времето поминува, а гледам од одговорите дека нема ништо конкретно, сеуште е на разговарање и на убедување. Впрочем, тука е и коалициониот партнер ДУИ и мислам дека ова е повеќе политички проблем. Полицијата вака може да работи уште десет години. тоа е политички проблем, бидејќи ДУИ како политичко крило на ОНА беше главно инволвиран во кризата во 2001 година и практично нивните војници,

нивните симпатизери ги избркаа овие луѓе. На теренот треба да работи политички, за да би можеле тие да се смират, или пак ако не, треба да не ја попречуваат полицијата да дозволи тие луѓе да се уапсат, за да би можело да се направат подобри услови. Впрочем, може да се види и од структурата која што сега ја барам како дополнително прашање. Значи, барам структура на албанско и на неалбанско население и тоа како што е дадено во одговорот, меѓутоа, не е дадено во структура, зборувам за дополнително прашање, од сите раселени колку се албанци, колку се неалбанци. Од сите вратени колку се албанци, колку неалбанци. Во оштетените куќи исто таа структура. Во запалените, оштетени и ограбени куќи исто така.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Трајановски нема да ви дозволам понатаму да продолжите.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Видете, прашањето е комплексно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не. Ви благодарам, има две причини заради кои морам да ве прекинам.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Вие треба да им кажете понапред да ги даваат одговорите, за да можеме ние поконцизно да го направиме. Не можам одговорот сега да го добијам, како што сега го доби колегата и веднаш во 3 мин. да каже се што мисли. Значи, вие треба да го почитувате времето и на Владата да и сугерирате навреме да ги дава одговорите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прво, сослушајте ме што ќе ви кажам, можеби ќе се разбереме. Тоа што го коментиравте со времето е едниот проблем. Вториот проблем е што сега гледам дека вие не поставувате дополнително прашање. Поставувате сосема ново прашање, заедничка структура што воопшто не сме ја загатнале во првобитното прашање и тоа не можам да го третирам како дополнително прашање, затоа што е ново прашање. Кога ќе ви дојде редот на нови прашања, тогаш ќе ви дадам збор. Затоа, не можам да ви дозволам да продолжите понатаму, затоа што поставувате ново прашање. Го земате редот на другите.

Госпоѓице Шеќеринска ќе имате коментар само на оној дел кој не се однесува на новото прашање. Ова со етничката структура е сосема друго прашање во врска со поставеното.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Процесот на враќање на раселените лица тече подолг временски период и никој ниту во оваа Влада, ниту било кој друг одговорен политички фактор би требало да тврди дека тој процес може преку ноќ да се заврши.

Она што е дадено во одговорот на прашањето на пратеникот Коце Трајановски, ги покажува напорите на Владата во неколку различни сфери да одговори на овој сериозен проблем за Република Македонија. Значи, од една страна да се гарантира на раселените лица враќање во безбедни услови односно услови кои што ќе бидат гарантирани и со враќањето на полицијата и тековно со работата на Министерството за внатрешни работи. Понатаму, обнова на куќите кои што беа оштетени во текот на минатогодишниот конфликт, од кои што 5.057 куќи од прва и втора категорија, веќе се реконструирани. Од трета и од четврта категорија реконструирани се 1529, што е дадено во одговорот. Дополнително Владата именува и министер кој ќе се грижи токму ќе се концентрира на проблемите на раселените лица, не само подобрување на состојбите во центрите во кои што во моментов престојуваат, туку, пред се, создавање на услови за нивно безбедно враќање.

Во тек се анализи околу можностите за помош, економска и финансиска во овие региони, со што ќе се поттикне и од тој аспект обновувањето на економскиот живот во средините и ќе се обезбеди егзистенција на раселените лица, кои што својата егзистенција ја врзувале со бизниси или со работа во самиот регион. Меѓутоа, ова е процес кој што трае и за кој што Владата во континуитет ќе посветува висок континуитет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Исмет Рамадани да се произнесе дали е задоволен од одговорот од претседателот на Владата или сака да постави дополнително прашање. Ако сакате дополнително прашање на самиот премиер, може да почекате додека не дојде.

Повелете г. Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Што се однесува до одговорот задоволен сум, затоа што во одговорот на многу рационален начин и со операционализирани податоци се покажува како се наменети средствата односно насочени средствата од Донаторската конференција. Меѓутоа, сепак, сакам да кажам дека многу малку средства се стигнати од Донаторската конференција во споредбо со тоа што е ветено. Затоа и во кризните региони и оштетените населби, работите течат многу бавно. Но, како и да е сега само можам да кажам дека треба да се вршат напори со цел што побрзо и повеќе средства да пристигнат и да се реализираат овие проекти.

Инаку, верувам дека и на овој одговор, впрочем, јас не барав политички коментар зошто не се стигнати доволно средства од Донаторската конференција, туку доколку постои можност да се даде одговор, би поставил додатно прашае, која е причината и каде лежи проблемот што толку малку средства се насочени односно се доставени во споредба со средствата кои беа ветени на Донаторската конференција во Брисел.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓица Шеќеринска на дополнителното прашање?

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Како што може да се види во писмениот одговор 41% од средствата кои се дадени како макрофинансиска поддршка на Република Македонија се реализирани или т.н. прва и втора транша од ветените средства. Со потпишувањето на договорот со ММФ, се отвори можноста и обврската за Европската комисија, прво, да ги ослободи парите од третата, а потоа и од четвртата транша, така што очекуваме во делот на макрофинансиска поддршка во наредниот период овој процент од 41% односно 41,6%, практично да се зголеми до целосната сума.

Во вториот дел, а тоа е делот на средства за реконструкција и рехабилитација, всушност, се реализирани поголем број од средства, отколку оние кои што биле дадени или ветени од донаторската конференција, а лоцирани за време на Донаторскта конференција, од причини што констатирано е дека потребите се повисоки од оние прогнози или проценки кои што биле направени пред

Донаторската конференција. Така што, иако се реализирани 106,2% од тие пари, всушност, очекуваме дека во наредниот период таа сума ќе биде и повисока бидејќи тековно добиваме информации за некои дополнителни потреби за реконструкција и рехабилитација на културно уметнички споменици, како и на некои инфраструктурни објекти и очекуваме дека за нив ќе добиеме поддршка од страна на Европската комисија преку Агенцијата за реконструкција.

Најлош е резултатот или најлоша е состојбата во делот на средствата за имплементација на Рамковниот договор. Реализирани се само 45,8%, меѓутоа, тоа е од причини што оваа поддршка е континуирана и ќе го поддржува целиот процес на децентрализација, поддршка на проектите како што е пописот канал 3, обдуцманот итн, преводот, така што овие средства во континуитет ќе се трошат. Очекуваме дека, доколку постои можност дури во делот на соодветна застапеност, тие средства ќе бидат и зголемени од страна на Европската комисија. Меѓутоа, Владата е во комуникација со Европската агенција за реконструкција, која што во најголем број случаи е имплементатор на овие средства и инсистираме средствата да бидат ослободени што е можно побргу.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на госпоѓица Шеќеринска.

Го молам пратеникот Ѓорѓи Трендафилов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање. (Не е тука).

Го молам пратникот Ефтим Манев да се произнесе дали е задоволен од одговорот од министерот за животна средина и просторно планирање или сака да постави дополнително прашање.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Дадениот одговор од Министерството за животна средина е даден врз основа на расположлива документација, не е одено на лице место и сметам дека не може да даде конкретен одговор, се додека не се отиде таму. Барам тоа да го сторат на лице место и тогаш одговорот ќе биде целосен. Сега, одговорот не може да го даде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Јанев, дали имате додатен коментар на ова.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Прашањето беше, што се мисли во однос на отворениот и затворениот рудник. Факт е дека таму не постоела организирана експлоатација на уранова руда, што значи не постоел рудник. Таму се работи за геолошки испитувања и тоа во 60-тите и 70-тите години и таквите геолошки испитувања веќе овде не е присутен човечкиот, антропогениот фактор, туку тоа се природни фактори кои што произлегуваат од самото постоење на таква руда на самиот локалитет.

Инаку, податоците добиени од Републичкиот завод за здравствена заштита дека такви испитувања, такви податоци со таква статистика не постои и во самиот одговор односно во завршниот пасус стои дека во соработка со Министерството за животна средина, Републичкиот завод за здравствена заштита би можел да направи такви испитувања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Петар Апостолов да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или има дополнително прашање.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Јас сум од одговорот повеќе од задоволен, само се надевам дека министерот за транспорт и врски што побргу ќе формира техничка екипа, ќе излезе на терен, ќе ја сними состојбата, бидејќи е поврзано со факторот време, па да не дојдеме во ситуација да бркаме време.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас воопшто не сум задоволен од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Кога ќе дојде министерот во 16,00 часот, тогаш ќе ви дадам збор.

Со оглед дека ги исцрпивме дадените одговори, освен овие пет, што за жал, не се добиени, ја молам Владата и некои пратеници што доцна ги добиваат одговорите, навистина е проблем. Иако, деловничките одредби се 10 дена откако Владата ќе го добие. Значи, губиме неколку денови додека стигне до Владата, откако вие ќе го доставите до архива, па ние ќе го пропратиме до Владата, додека министерот го добие за да почне процедурата и во секој случај би барал од Владата да се придржува на роковите, за да можат и пратениците да ги видат.

Ги молам сите да се исклучат и во овој момент да се вклучите за барање на пратенички прашања.

Веќе има доволно и можеме да почнеме по вообичаениот ред. Шесте пратенички групи и еден од оние кои не се од пратенички групи заеднички и потоа одиме по наизмeничниот ред.

Прво пријавен од Пратеничката група на СДСМ, тие ми дадоа редослед, Никола Камчев. Ќе одиме наизменично, штонема никакво значење. Само сега продолжуваме со оној систем, можност од три прашања, во вкупно траење од 10 мин.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Господине претседателе, господа министри, колеги пратеници,

Јас имам намера да поставам три прашања.

Првото прашање до Владата на Република Македонија и тоа се однесува за рудникот Бучим во Радовиш. Радовиш е индустриски мртов град. Ниеден индустриски капацитет не работи. Во Радовиш има 7.300 невработени и околу 4000 илјади вработени, од кои половината не земаат плата. Радовиш имаше рудник за бакар и злато, што беше гордост на општината Радовиш, а сега е само носталгија. Во 1999 година, иако не беше во загубарите, рудникот Бучим е продаден со 85% дисконт односно за околу 3,5% милиони марки во тоа време, на начин, не знам колку законит и не знам колку транспарентен, па затоа прашувам. Дали приватизацијата односно продажбата на Бучим е транспарентна и законита. Кој е

купувачот? Бидејќи, никој од вработените, никој во Радовиш, се надевам и никој во Македонија не знае кој е газдата, кој е купувачот на рудникот Бучим.

Што е регулиран со купопродажниот договор за Бучим, кои се правата на работниците и дали е предвидено рудникот Бучим да работи или да се ликвидира. Дали е предвидено вработените да се намалуваат од 800 на 600. Дали е предвидено платата која беше над 400 германски марки просечен личен доход исплатуван, сега да биде линеарно 6000 илјади денари за сите. И, во последниот месец на тие 6000 илјади денари линеарно за работниците беше донесена одлука да се намали за 20% линеарно за сите. Тогаш, работниците влегоа во штрајк, штајкуваа два дена, бараа плата, објаснување и работа. Бидејќи, рудникот Бучим, досега наместо да работи, се раскрчмува неговиот имот се става под хипотеки, неговиот имот се дава под концесии, не се плаќа ништо од обврските на Бучим, така што во купопродажниот договор не се знае што е преземено.

Под прашање е, дали купувачот плаќа концесија за користење на рудното богатство што го користи и дали рудникот Бучим веќе не е ликвидиран. Бидејќи, не постои фирма Бучим рудник за бакар и злато, туку постои некоја фирма Сенкоп, некои други зборуваат дека е Енџи односно Мултигруп, трети го враќаат последното Еуро-ам каде што се појави еден циркузант и ветуваше дека Бучим ќе биде златна кокошка за сите тие што работат, за Радовиш и за Македонија.

Прашувам уште еднаш дали рудникот “Бучим” не е ликвидиран, бидејќи сега се вика “Семкорп” или “Емџи” или “Еуроам”, а раководството од продажбата до сега е постојано исто. Истите тројца луѓе раководат со “Бучим”. Незнам како раководат, меѓутоа вработените веќе ниту работат ниту имаат што да работат.

Тоа се тие потпрашања во врска со рудникот “Бучим” во Радовиш.

Второто прашање сакам да го упатам до министерот за финансии.

Има ли законска основа за процесот на ревизија на приватизацијата? Дали тој процес ќе продолжи и каква е пораката што преку тоа им се испраќа на инвеститорите?

Третото прашање до министерот за внатрешни работи.

Колкав број на убиства се случиле од 1 ноември 2002 година до сега? Посебно оние од периодот 1 јануари 2003 година? Кај колкав број од нив се откриени сторителите? Колкав е бројот ан расветлените убиства што се случиле до 1 ноември 2002 година?

Ќе ја молам Владата, може да ми одговори и писмено, а министрите можат и усмено.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓица Шекеринска, на првото прашање поставено за Владата, ќе одговирите или ќе дадете писмен одговор?

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Би препорачала, бидејќи пратеникот тоа го прифати, бидејќи се работи за еден сложен случај писмено да се образложи во делот на “Бучим” и ревизијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, на првото прашање ќе дадете писмен одговор.

Второто прашање е поставено до министерот за финансии.

Има збор замееникот Кокаросски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Прашањето се однесува на рудникот “Бучим”?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не, прашањето е за приватизација на рудникот “Бучим” или воопшто за вкупниот процес?

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Вкупно за процесот на приватизацијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Воопто, за законските основи на процесот на приватизацијата.

Можете да одговорите писмено, можете и усмено да одговорите.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Може да се даде писмен одговор, бидејќи треба покомплексно да се елаборира целиот тој проблем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Третото прашање е поставено до министерот за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас ќе одговорам усно на ова прашање, затоа што во секој случај, се работи за многу лоши појави. Меѓутоа, очигледно е дека од определени поединци и партии овие трагични настани во последниов период беа злоупотребувани околу вистинската бројка.

Јас би кажал следно:

Од 1 ноември до сега, на подрачјето на Република Македонија се регистрирани вкупно 28 убиства, што во секој случај претставува зголемување на убиствата што беше во тој период, во периодот 2001 - 2002 година, кога беа регистрирани 17 убиства.

Од вкупниот број регистрирани убиства во овој вкупен тромесечен период расветлени се 17, додека нерасветлени останаа уште 11 убиства. Меѓутоа, исто така, во овие четири месеци расветлени се и други 10 убиства, што потекнуваат од претходниот период пред 1 ноември 2002 година. осебно би укажал на една бројка со која што многу се манипулира на влошување на состојбата од 1 јануари до сега.

Од 1 јануари до сега, регистрирани се вкупно 16 убиства и 12 се веќе расветлени. Нерасветлени остануваат три случаи, каде што само во еден случај имавме двојно убиство. Инаку, нерасветлени останаа случајот на двојното убиство што беше во Сингелич на 3 јануари 2003 година пред бензинската пумпа на “Мак петрол”, каде имавме двајца починати. Потоа убиството на 26 јануари 2003 година кога беше убиен припадник на МВР Кире Димитриевски, и нерасветлено е последното од 20 јануари 2003 година, со случајот кога Бекрија Решити беше убиена во фризерскиот салон “Мети” во Скопје.

Според тоа, не би сакал да правам некои компарации дека ние сме премногу ефикасни како германската полиција и т.н., меѓутоа би укажал само на една бројка. Годишниот процент на откривање на убиства во СР Германија изнесуваат околу 35% од процентот на извршени убиства што се откриени. Од Нова Година до сега, како што реков, од 16 откриени се 12 случаеви. Јас, единствено би изразил благодарност за ентузиазмот со кој полицајците, имајќи ги предвид нивните ниски приходи и плати, од почетокотн а годината што го покажуваат ентузијазмот и ефикасноста во откривањето на овие случаеви.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Камчев, дали сте задоволен од одговорот?

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Според редоследот на пријавените, на ред е Манчевски Спиро, од ВМРО-ДПМНЕ.

СПИРО МАНЧЕВСКИ:

Јас би почнал со првото прашање, тоа е во врска со патниот правец Битола - Скопје. Овој патен правец, прашањето е упатено директно до Владата или Министерството за транспорт и врски, на овој патен правец, поточно на делницата Прилеп - Росоман, веднаш после новоизградената и штотуку пуштена делница на планинскиот превој Плетвар, се наоѓа дел од патот кој што, во должина од неколку километри, што веќе подолго време е подготвен за асфалтирање, но очигледно дека тој дел од патот од ден на ден станува сега понебезбеден, опасен за сообраќај, дупкит се зголемуваат, има раслојување поради неодбележенос на патот во овие зимски услови. Сетоа тоа придонесува за оштетување на голем број возила.

Сето она што беше успешно направено со нвоата делница што го напрви патниот превој Плетвар побезбеден за сообраќај, кога луѓето увидоа некое добро, со овие неколку километри лош пат веќе сето тао паѓа во вода.

Прашањето би било што и кога предвидуваат надлежните органи да го поправат и направат овој дел од патот, што е “жива кукавица” меѓу Скопје и Битола. Многу граѓани од Битола ги оштетиле своите возила токму на тој дел од патот. Собират петиција и подготвуваат граѓанска тужба пртоив Јавното претпријатие “Македонија пат”.

Ги повикувам и колегите пратеници кои се од овој регион и кои го корстат тој дел од патот да се приклучат кон ова нивно барање.

Второто прашање исто така би го уаптил до Владата, бидејќи тука не е господинот премиер Бранко Црвенковски, попрецизно Агенцијата за млади и спорт.

Во сите изјави што новата Влада ги даваше, јасно беше најавено дека СДСМ нема намера да се меша во спортот и Владата, едноставно, нема пари за спорт. Јас би му кажал на господинот Црвенковски дека во Македонија, моментално спортот е и онака на умирање и, ако во најскоро време не добие некоја инфузија директно од Владата, можеме да стигнеме во ситуација дефинитивно да го нема.

Што моментално се случува во салите н Република Македонија во кои што моментално е многу постудено отколку што е надвор и на овие температури од минус 10 и повеќе степени целзиусови, кога последен пат овие сали беа затоплени некаде во последните месеци или во летото 2002 година, а во кои што тренираат неколку илјади млади луѓе, спортисти од најразлични категории, кадерти, младинци, пионери, па се разбира и нашите, како да ги наречеме професионалци или полупрофесионалци. Во овој период во Битола, знам повеќе млади спортисти кои добија воспаление на градите, токму поради овие невозможни услови за тренинг. Истите сега се прашуваат дали да продолжат со тренинг, истото прашање го поставуваат и нивните родители и сите ние кмои сме и се трудиме на некој начин на помогнеме во спортот.

Дали сега, во овие моменти кога државата најавува борба против криминалот на малолетничката деликвенција, борба против сидата, против дрогата, овие млади луѓе кога одлучиле да се занимаваат со спорт, ние повторно ќе ги вратиме на улиците, повторно ќе ги вратиме во кафулињата и целата нивна позитивна енергија ќе ја насочиме во нешто друго, во некој безизлез? Се надевам дека никј од нас не го посакува тоа. Но, само после случувањето на големите трагедии сме свесни дека сме пропуштиле нешто. Но, што?

Во моментот уште поголема трагедија е тоа што сите спортски сали во Македониај се дадени на управување на Агенцијата за млади и спорт, а преку нив и на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти, кои што за вакви без никакво затоплување, за тие сали има огромни побарувања од спортските клубови што во најголем број случи работат како аматерски, а со тао се заканува опасност овие клубови и комплетни натпреварувачки лиги дас изгубиме.

Мојата замолница до господинот Црвенковски е како бивш спортист и човек кој како сите нас ги споделуваат спортските успеси на нашите клубови, како што беше “Кометал” - Ѓорче Петров, ракометниот клуб “Пелистер”, одбојкарите на “Фершпед”, нашите репрезенатации во шах, кошарка, ракомет, фудбалот, резултатот што го направивме против Англија, да не бидеме со спортистите само во овие моменти кога тие ги постигнуваат овие рекорди и овие врвни резултати. Јас ќе

замолам да им помогнеме тогаш кога се подготвуваат да ги постигнат овие резултати и да им обезбедиме нормална работа во овие сали.

Што е уште потрагично, овие спортски сали во најголем број случаи се гардени со месен самопридонес на населението. На времето биле сали што ги поседувале локалната единица на самоуправата. Во моментов, Владата на еден начин се откажува од сите нив. Воопшто не се донираат средства барем за најосновните тренинзи и натреварувања на тие екипи.

Затоа, прашањето е дали Владата ќе може тоа да го направи и да обезбеди овие спортски сали да имаат затоплување и едноставно работа насите клубови што живеат и творат во нашата држава? Затоа што, ако продолжиме вака, тогаш и оние спортисти што ги создаваме со години, преку ноќ заминуваат за многу ситни пари само за да остварат еден дел од својот сон да заиграат во некоја топла и затоплена сала каде стануваат жртви на менаџерите кои имаат многу повеќе средства отколку што ги имаме ние.

Третото прашање, не го гледам господинот Гошев, но остана должен минатиот пат за еден одговор во однос на ТАТ и преговорите на ММФ.

Мислам дека минатиот пат преговорите беа во тек, тие во меѓувреме завршија, но јас не слушнав ниту еден одговор од негова страна или некоја забелешка што се случило во меѓувреме со штедачите од ТАТ, дали воопшто е разговарано или тоа останува само како предизборно ветување, како и многу пати до сега што е слушнато од СДСМ, како што знаеше да ја започне аферата, така изгледа и ќе ја заврши - срамно и скандалозно. Јас би го запрашал уште еднаш господинот ГоШев дали сертификатие за кои што имашеџ толку проблеми, штедачите беа толку убедувани дека тие ќе бидат претворени во обврзници, дали од сето тоа има воопшто нешто вистина и дали понатаму ќе се преземат некои чекори за да се добие било каква разрешница, крајна разрешница на оваа голема афера ТАТ.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање е поставено до господинот министер Ајдини. Можете да одговорите и писмено, можете и усмено.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Со оглед на прашањето што го постави пратеникот, јас ќе го задржам правото да одговорам писмено, затоа што се стекнати петиции и т.н. Во склоп на нашите можности, ги извршуваме сите работи што се оставени, меѓутоаљ за ова прашање ќе одговориме писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање поставено до премиерот.

Госпоѓице Шекеринска, можете да го одговорите, можете дас упатите на министер од Владата кој е присутен да одговори во име на премиерот што е деловнички и писмено, се разбира.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Благодарам.

Имајќи го предвид начинот на кој беше поставено прашањето, доколку пратеникот чувствува дека има потреба од дополнителни информации, ние ќе испратиме и писмен одговор.

Сакам само да кажам дека делот на проблемите што ги спомнува, не се во надлежност на Агенција за млади и спорт. Тие се во надлежност на едно посебно јавно претпријатие за управување со овие спортски објекти. Тоа јавно претпријатие моментално е во катастрофална финансиска состојба. Во тек се дополнителни финансиски контроли, од кои што треба да се констатира на што се должи таа лоша финансиска слостојба. Констатирано е дека голем дел од овие спортски објекти се дадени ан долгогодишен закуп на приватни лица и фирми, со минални цени на заклупнина, без при тоа да се преземат обврските во делот на затоплнувањето, во делот на одржувањето на објектот и сл. Тој случај или тие случаи, бидејќи ги има многу на број и понатаму ќе се испитуваат.

Политиката на Владата во овој дел ќе биде следна, нема да се дозволи политизација на спортскит есојузи, што беше случај до извесно време. Мислам дека тоа е видливо. Апсолутно не прифаќаме членови на Влада или луѓе носители на државни функции да бидат вклучени во спортските активности на врвни функции заради тоа што сметаме дека на тој начин политички се обојубваат спортските сојузи. Меѓутоа, од друга страна, Владата е заинтересирани и ја сфаќа потребата од помош на спортот, финансиска и секаква друга помош.

Нашата политика ќе биде во насока, наместо најави и трошење пари за изградба на наводно нови сали, да се подобрат условите за работа во постојните

сали, што не беше случај до сега. За тоа ќе требаат повеќе финансии, многу домаќинско работење, меѓутоа далеку под тоа дека во дадениот момент, три месеци од почетокот или 4 месеци од почетокот на работата на оваа Влада тоа е можно токму поради оваа катастрофална финансиска состојба со јавното претпријатие што требало да води сметка и е задолжено да води сметка за одржување на спортските објекти.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски, дали сте задоволни од одговорот?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Само делумно сум задоволен од одговорот, меѓутоа, јас ќе замолам една работа. Мислам дека сите натпреварувања се во тек. Ако оставиме да ги провеуваме во наредните две или три години финансиските работења, салите и онака се во никаква ситуација, тогаш нема да постигнеме апсолутно ништо. Затоа што натпреварувањата се во тек, спортистите се тие за кои разговараме. Не се работи овде ниту за екипи, се работи за комплетни натпреварувања, за цели лиги. Меѓу нас пратениците има доста кои се асктивно вклучени во спротот, ги знаат тие проблеми. Секој, на некој начин се трудел да помогне во изградбата и дооформувањето на теи сали. Што побрзо ќе се реагира, тоа е она што неи го бараме и што треба да биде обезбедено од Владата. Финансиското работење може дса се прегледа и да се види. Нема бегање од тоа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали имате коментар на дополнителното прашање?

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Пратеникот може да добие писмен одговор за тоа каква е моменталната финансиска состојба во Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи ќе добиете писмен одговор за финансиската состојба во Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти и за финансирање на спортот.

Третото прашање е до Министерството за финансии. Тука е заменикот. Ако сакате може да одговори, или ќе чекате да дојде господинот Гошев?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Никаде не прочитав никаква изјава од негова страна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Димко Кокароски.

ДИМКО КОКАРОСКИ:

Што се однесува до прашањето ТАТ штедилницата веќе е присутна долги години тој проблем.  Разрешницата сеуште до крај ја нема, но тоа е во сферата на судството.

Прашањето беше конкретно, дали сертификатите ќе бидат обврзници. Мислам дека ние до наредната седница на Собранието на Република Македонија ќе доставиме буџет и сет закони кои  што ќе одат за економсксата политика за оваа година. Прашањето кое што го постави пратеникот е конкретно од аспект на односите и дискусиите со ММФ, меѓутоа сертификатите остануваат и понатаму, нема можности за нивно трансформирање во обврзници, а сето тоа е една и од точките на кои што се разговараше со ММФ. Така што можеме оваа работа да ја затвориме тука а тие се со ограничен рок на важност, издадени се минатата година, котираат онака колку што котираат и така ќе се одвива тој процес на надоместување на штедачи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот, или имате дополнително прашање?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Значи, со ова се потврдува дека сето тоа беше предизборен маркетинг кога луѓето си веруваа дека овие сертификати ќе преминат во обврзници. Дефинитивно минатиот пат господинот Гошев не сакаше да одговори во врска со сето тоа. Сега тоа го поврдува и заменикот. Значи, на луѓето треба да им се каже дека точно е тоа, дека дефинитивно се работи за предизборен маркетинг кој што го направи во Битола Социјалдемократскиот сојуз. Така што сега се прават и постизборни маркетинзи за кои што понатаму ќе разговараме. Ако е тоа последно и дефинитивно, значи нема трансформација на сертификатите во обврзници, како што разбрав.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате дополнително прашање?

СПИРО МАВРОВСКИ:

Не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Хусеинџевад Хусеин.

ХУСЕИНЏЕВАТ ХУСЕИН:

Почитуван претседателе, почиувани колеги, причина за ова прашање ми даде еден новинарски напис каде што разбрав дека од програмата ФАРЕ во врска со грижата за деца, старци и за хендикепирани лица. Прашањето го поставувам до Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не можете да и поставите прашање на Владата во целина. Ова ќе го третираме како прашање поставено до премиерот.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИН:

Доделени се 270 илјади евра од програмата ФАРЕ и овие средства се распоредени во Скопје и неколку други градови. Градовите во Македонија, во Западна Македонија се целосно игнорирани. Граѓаните прашуваат зошто се делува вака на овој начин. Дали сеуште третирањето на граѓаните од Западна Македонија се врши на еден стереотипен стар начин. Во моите обиди тие да ги разубедам во сето ова, тие ми поставуваат аргументи и ме оставија со затворена уста. Се разбира аргументите ги имаат од минатото. Зошто Тетово нема театар, нема базени, нема спортски сали и над се зошто Тетово нема училишни објекти. Сите училишта речиси работат во три смени.

Значи моето прашање е во функција на разубедувањето на граѓаните или пак во функција на подобрување на нашата работа. Каква е дисперзијата на овие проекти на целата територија на Македонија и колку граѓаните од Западниот дел на Македонија го чувствуваат ова влијание, или пак оваа грижа на меѓународната заедница и на својата држава.

Барам писмен одговор од Владата и од службите кои што имаат вакви податоци. Ова е моето прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На прашањето ќе ви одговори Јован Манасиевски, министер за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Секако се работи за проект на ФАРЕ кој што конкретно во Македонија го водеше Европската агенција за реконструкција во соработка со Министерството за труд и социјална политика. Целата процедура е започната пред една година и процедурата е финализирана во месец декември. Така што вистинскиот одговор за самиот историјат на таа процедура пратеникот би можел да му го постави на претходниот ресорен министер во претходната Влада на РМ. Инаку се работи за 11 проекти во 11 центри за социјална работа каде што проектите претежно се однесуваат на подобрување на грижата за хендикепирани лица, за стари лица, за ресоцијализација на зависници од дрога и за други маргинализирани групи. Целата постапка ја водеа експерти на ФАРЕ на Европската агенција за реконструкција во соработка со директорите на центрите за социјална работа. Инаку фактичката ситуација, т.е. добитниците на тој конкурс на ФАРЕ се всушност ониe центри кои што покажале најголема креативност во продукцијата на програмите прифатени според стандардите и нормативите на Европскаста агенција за реконструкција.Што значи дека еден од можните правци за решавање на состојбите во насоката во која што беше прашањето на пратеникот, како дистрибуцијата на тие фондови, на тие програми да биде рамномерно распоредена на територијата на цела држава е да самите центри за социална работа во одредените градови навистина да ги опремиме со вистински човечки кадри, да поставиме директори кои што ќе водат еден креативен процес, а нема да бидат партиски машини. Во таа функција ќе работам и јас како министер и во наредниот период во рамките на вкупната анализа на човечките ресурси со кои што располагаат центрите за социјална работа, ќе биде подобрен вкупниот капацитет на овие центри за социјална работа за да можат да конурираат со добри програми кои што ќе бидат прифатени според стандардите на ФАРЕ т.е. сега Карц програмата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Хусеинџевад дали сте задоволни од одговорот?

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИН:

Јас сум задоволен од одговорот што го добив. Но, мојата цел не беше ова. Мојата цел е за сите програми во Македонија да се добие еден писмен одговор

колку тие резултати ги чуствуваат граѓаните од западниот дел на Македонија. А ова што го рече министерот е само причина за ова мое прашање.

ЈОВАН МАНАСИЕВКИ:

Како што ви реков, ќе презеде вкупни мерки за подобрување. Мора да се познава добро и начинот на функционирање на овие донаторски проекти.Тие бараат партнер, не толку во Владата, колку што во локалните администратори независно во која сфера на општествено живеење се тие. И доколку наидат на добар партнер, на добра институција која што има креативни идеи, има ефективни капацитети да реализира, тогаш тие директно всушност склучуваат договори со тие институции. Така беше и во случајот кој што вие го спомнувате. Значи, директно Европската агенција за реконструкција склучи договори со 11 центри за социјална работа. Владините ресори и вкупните владини службеници се тука само да го олеснат тој процес. Затоа вистинската насока на работа ќе биде зајакнување на капацитетот на соодветните институции во повеќе министерства на локално ниво, значи максимално да се зајакнат, да бидат способни за апсорбција на вакви фондови. Инаку ќе ни се случи една трагична ситуација каква што имаме и сега да имаме донаторски проекти, има финансии, меѓутоа капацитетот на апсорбција на нашите институции на теренот е многу низок и заради тоа тие фондови што ни се достапни не се искористуваат во потребна и во доволна мера.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Сега одиме со претставник од ДПА господинот Мендух Тачи.

Повелете, поставете прашање.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Ви благодарам. Сакам да поставам три прашања.

Првото е до министерот за правда господинот Исмаил Дарлишта, дали тој чувствува одговорност и оценува дека осудата на Османи е значи кршење на Законот за амнестија. Како претставник на Министерството за правда, или пак тој што е на чело на ова Министерство, дали чувствува политичка и морална одговорност во врска со овој случај.

Второто прашање е до господинот Муса Џафери, кој што е потпретседател на Владата. Бидејќи не е тука, барам од него писмен одговор. Што е реализирано или пак поинаку кажано, имплементирано од Охридскиот договор за време на петмесечното владеење.

И последното прашање за претседателот на Парламентот е зошто вие ги враќате моите податоци што ги пополнувам на мој албански јазик. Според Охридскиот договор граѓаните имаат право кон сите институции да се обраќаат на свој мајчин јазик. И според Уставот се разбира граѓанинот кој е дел, учесник на народот кој што има повеќе од 20% овде во Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Го молам министерот Исмаил Дарлишта да одговори.

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Да објаснам дека затворањето на господинот Османи не е направено во времето откако дојдовме ние на власт, односно откога станав јас министер. Затворањето на господинот Османи сакам да кажам дека не е затворен во времето од кога дојдов јас како министер, туку господинот беше притворен четири месеци пред да дојдам јас како министер за правда во Владата на РМ. Така што од таа гледна точка воопшто не се чувствувам ниту морално, ниту политички одговорен. Од друга страна ние знаеме сите дека Основниот суд Скопје 1 има донесено одлука односно пресуда со која господинот Османи е осуден на 6 години затвор Но, таа казна сеуште не е правосилна, така што има дадено жалба до Апелациониот суд во Скопје кој сеуште не одлучил. Иако судовите спаѓаат во ресорот на правда, ние сите знаеме дека согласно Законот и Уставот тие се независни и самостојни, одлуките на судовите во Република Македонија неможат ниту да се коментираат, ниту да се интерпретираат.Сите знаеме дека го имаме Законот за амнестија, така што истиот треба да се почиува од сите во Република Македонија без разлика дали се работи за физичко, правно, или се работи за одреден суд. Сметам дека во зависност од тоа кога е извршено делото, дали пред 26 септември 2001 година, значи согласно одредбите од Законот за амнестија, или подоцна, или воопшто не станува збор за некое дело, така ќе одлучува и второстепениот суд, односно Апелациониот суд во Скопје.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Тачи, дали сте задоволен од одговорот, или имате некое потпрашање?

МЕНДУХ ТАЧИ:

Нормално дека не сум задоволен и мислам дека е ова еден цинизам од вас господине Далишта. Се извинувам заради вашето однесување. Единствено што сте направиле како министер за правда е тоа дека не треба да се крши Законот за амнестија . И мислам дека вашето однесување е банално, бидејќи Османи бил

уапсен во времето кога ние бевме на власт, кое што го имате како аргумент кој што го употребувате, тоа беше истражна постапка, а судската одлука е донесена во ваше време. Ве молам вас и сите други, немојте да давате оценки за нашето време. Еве, јас прифаќам дека во нашето време сме работеле потрешно и затоа ги изгубивме изборите, ние затоа бевме и осудени, казната не стигна. Ти лично што превземаш да се почитува Законот за амнестија како министер за правда?

ИСМАИЛ ДАРЛИШТА:

Јас уште еднаш ќе потврдам дека одлуките кои ги донесува судот без разлика за кој суд се работи во Република Македонија ниту можат да се интерпретираат, ниту да се коментираат. Што можам јас да превземам како министер? Значи, јас неможам да се мешам во работата на судовите, бидејќи тие се независни и самостојни. Така што немам повеќе коментар по ова прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше поставено до потпретседтелот на Владата господинот Муса Џафери. Тој не е присутен. Присутна е колешката госпоѓицата Радмила Шеќеринска. Дали би сакала таа да даде одговор?

МЕНДУХ ТАЧИ:

Барам писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ќе добиете писмен одговор.

На третото прашање што е поставено до господинот Никола Поповски ќе оставиме господинот Никола Поповски да одговори .

Госпоѓицата Радмила Шеќеринска има право на коментар.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Се разбира дека вторoccupation заменик претседател на Владата, господинот Џафери ќе одговори писмено, меѓутоа само како информација, Владата веќе го донесе акциониот план за имплементација на Рамковниот договор заедно со оперативна програма за децентрализација, а во тек на следните две или три недели ќе биде донесена и програма според која ќе работи Владата заради спроведување на обврската од Рамковниот договор во делот на соодветната застапеност.

Се разбира дека второт заменик претседател на Владата, господинот Џафери ќе одговори писмено, меѓутоа само како информација, Владата веќе го донесе акциониот план за имплементација на Рамковниот договор заедно со оперативна

програма за децентрализација, а во тек на следните две или три недели ќе биде донесена и програма според која ќе работи Владата заради спроведување на обврската од Рамковниот договор во делот на соодветната застапеност. Се разбира дека, во сите овие планови и програми, соодветните министерства и Владата ќе превземат обврска за запазување на соодветните рокови во делот на делот од обврските од Рамковниот договор и оваа Влада со самиот факт дека имаше еден од замениците претседатели на Влада како задолжен за имплементација на Рамковниот договор, покажа и политички став и политчка позиција и политичка порака, меѓутоа и секојдневна волја  за спроведување целосно и ефикасно на Рамковниот договор.

Се разбира дека, писмениот одговор со дополнителни детали ќе следи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Вие не побаравте одговор од госпоѓицата Шеќеринска. Има право претставник на Владата секогаш да даде коментар.

МЕНДУХ ТАЧИ:

Се јавувам за процедурално појаснување.

Јас не барам од господинот Џафери да ми ги опише. Барам конкретно, на писмено да набележи, што е направено, што е имплементирано и што е реализирано.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање се однесуваше на господинот Никола Поповски. Затоа ќе дозволите да се врати па тој да одговори.

Во ред, тогаш одиме со следниот пратеник.

На ред е претставник од Либералнодемократската партија господинот Нелко Стојановски.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Моето прашање ќе биде поставено  до било кој од министрите, или за одбрана, или за внатрешни работи. А можат по нешто да кажат и двајцата.

Во последно време македонската јавност сериозно е загрижена поради зголемениот обем на криминалот. Посебна загриженост претставува зголемениот обем на кривичните дела, со кои на насилнички начин се загрозува животот на

граѓаните, односно се задира во најсуптилните и најголемите општествени вредности, како што се животот на човекот, неговиот телесен интегритет и уште повеќе, што нивните сторители, како што слушнавме, често остануваат неоткриени.

Се позачестените убиства, разбојништва и тн., колку за споредба да кажам дека пред десетина години во Македонија се случуваа толку ибиства годишно, колку сега што се случуваат месечно, при што, обемот на нерасветлени убиства порано беше многу помал од денешниот. Нападите на другите државни институции, како што беше скорешниот напад на Основниот суд во Струга и на други некои државни институции, во голема мерка знаеме дека ја усложнува и оптоварува вкупната општествена состојба во земјата и внесува голема доза на немир кај граѓаните.

Од друга страна, ваквата состојба негативно се одразува и на економската атмосфера за инвестирање на домашните и странските инвеститори, а би рекол дека негативно влијае и на психичкото здравје на луѓето.

Јас се сеќавам дека повеќето партии кога водеа кампања за да дојдат на власт, а и нашата коалиција ветуваа дека еден од приоритетните закони ќе биде законот за собирање на нелегалното оружје од една страна промена на некои одредби од Кривичниот закон со кој што се заострува казнената политика кон лицата кои понатаму легално ќе поседуваат оружје, или пак ќе се бават со нелегална трговија со оружје.

Во последно време се слушаат различни проценки и бројки. Никој не може да каже точно колкав е обемот на тоа оружје од неколку илјади до неколку десетици илјади, што е посебно за загрижување.

Моето прашање, да не должам повеќе би гласело зошто сеуште се чека со предлагањето закон за собирање на нелегалното оружје и потоа со превземање акција за негова практична имплементација.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашањето беше упатено до министерот за одбрана и до министериот за внатрешни работи. Кој ќе одговори.

Ќе одговори министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Еве иако на крајот имаше само сублимирано прашање, јас ќе одговорам на неколку од тезите што беа поставени во прашањето.

Прво, јас во почетокот  на самата седница укажав на бројката  околу расветлени и нерасветлени убиства. Уште еднаш ќе повторам.

Од нова година до сега во Република Македонија се случени 16 убиства, од кои 12 се веќе расветлени. Останаа само три случаи нерасветлени од кои што во еден имаме убиство кај Сингелиќ, Мак Петрол и тн.

Во овој дел јас би се осврнал на она што деновиве е актуелно, а тоа е прашањето на убиството на малолетникот во центарот на Скопје и многу едноставно сублимирање на целата одговорност и настојување целата одговорност да се препише само на Министерството за внатрешни работи. МВР тој случај го разреши веќе наредниот ден. Беа откриени сторителите, беа откриени доказите, ножевите, беше направено вештачење, крвта анализирана, облека и тн.

Меѓутоа, многу е погрешно ако некој мисли дека шест илјади униформирани полицајци во Република Македонија ќе можат на секој чекор, во секој ресторан, на секоја раскрсница да спречуваат вакви настани и да контролираат сообраќај и да ја обезбедуваат безбедноста во кризните региони и тн.

Според тоа, се работи за еден многу покомплексен проблем во кој што треба да постои  и најкомплексен приод за решавањето на ова прашање. Ние на колегиумот во МВР во понеделникот ја договоривме и програмата во која што МВР во задолжителна соработка, со конкретно повикување на рокови за кои што другите надлежни министерства ќе имаат свои обврски околу регулирањето на работното време на ресторанит еи кафаните, издавањето на дозволи на ноќните клубови и тн., за едно 20-тина дена ќе мора да се обезбеди соработка со тие министерства со еден вид на програма која ќе води кон намалување на криминалот и вакви насилнички елементи што се јавуваат во Републиката.

Во рамките на тоа е и прашањето во Законот за предавање на малото и лесното вооружување. Независно од тоа што кај некои политички партии , можеби и кај сите фактички, тоа беше прашање да се донесе за 100 дена и тн., во МВР, не само што се работи интензивно, меѓутоа работиме на модалитет, кој што ќе овозможи практично заживување на тој закон во практично негово применување, а не само да донесеме закон кој само на хартија ќе биде донесен. Во тој дел за сега работиме заедно со ОН со нивната јуердипит програма во овој дел има и своја соодветна поддршка, а пред се преку програмата за инфраструктура за оружје, односно со објаснување за предавање одредено оружје и проценка на таквиот вид оружје, за тој дел во конкретна вредност во ОН финансираат изградба на определени инфраструктури, инфраструктурни објекти во зависност од локацијата

каде што таков вид на оружје е предадено. Да речеме, во тетовско ако се собере количина на оружје од милион долари, во противвредност ОН ќе финансираат објект, како изградба на училиште, градинка, здравствена институција и тн. за противвредност на предаденото оружје.

Очекуваме до крајот на наредната недела да ги добиеме и дефинитивните коментари околу ОН на Предлогот на законот кој што ние го имаме подготвено, а во кој што е предвидено и формирање на едно национално координативно тело во кое што ќе има претставници и од Собранието и од Владата, и од невладините организации е предвидена и медиумска кампања и навистина треба во определен краток рок тие технички работи да ги завршиме со ОН да го завршиме законот и овој закон да има практична примена да не остане само на хартија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА :

Господине Костов благодарам.

Дали господинот Стојановски е задоволен од одговорот на ова прашање.

НЕЛКО СТОЈАНОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот, само да се забрза постапката, бидејќи од фактите што ги изнесов е многу влошена состојбата во земјата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА :

На ред е ЛП, господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас ќе поставам две прашања и двете до претседателот на Владата. Верувам не ќе може да ми се одговори на оваа седница, туку ќе ми се одговори писмено.

Прво, го прашувам претседателот на Владата дали има намера да го информира Собранието за оваа бркотница која настана околу тоа како ќе се водат разговорите за името во Њујорк. Дали има Владата согледување кои штети и се нанесуваат на РМ со таа конфузија што е создадена и дали и кога ќе се оконча таа конфузија и како.

Сакам да објаснам дека разговорите кои во Њујорк треба да се водат околу разликите во врска со нашето име со Грција се водат врз основа на членот 5 од Спогодбата, која е потпишана на 13 септември 1995 година и ратификувана во Собранието. Се ова што се прават разни комбинации, разни повредени суети и трки,

фактички се во рамките на извршување на ратификувана спогодба и затоа мислам дека е ред да биде информирано Собранието.

Второт прашање е повторно до претседателот на Владата, тука се разбира е и заменикот, може и на него да се однесува. Да ми се одговори колку директори на средни, основни училишта, установи на деца за предшколска возраст и воспитување во предшколска возраст се сменети од должност, иако не им е истечен мандатот, а се избрани на редовен конкурс. Која е причината што е направена таква незаконска работа, кои наоди се најдени за тие луѓе да може да им се прекине функцијата, односно мандатот, што врз основа на закон го добиле, кои се тие луѓе поименично и кои се тие институции кога е таа смена и тој упад направен. Тоа не се однесува само на едно министерство, затоа е упатено до претседателот на Владата. Верувам дека сега не може да ги изрецитирате имињата, па нека ми одговорат писмено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Бидејќи рековте дека може да ви одговори и заменик претседателот, дали госпоѓицата Шеќеринска може да одговори на првото прашање.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Јас како што го сфатив пратеникот тој очекува од претседателот на Владата да му одговори.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, дали очекувате писмен одговор од претседателот на Владата.

СТОЈАН АНДОВ:

Може да ми се одговори, се согласувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Што се однесува до второто прашање госпоѓицата Шеќеринска не би можела на тоа да одговори.Тука е министерот за образование и тој може да одговори, а и министерот за труд и социјала.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Прашањето е со детаљи кои што мислам дека тешко е да се одговори во моментот, но јас би му одговорил на господинот пратеник.

Имено, во Министерството во склоп на нашите одговорности, има активности кои што се во функција на поставеност за поодговорно вршење на својата работа на секого на своите места и во таа активност спаѓа нормално, и разгледувањето на работата на сите одговорни, па и на директорите во сите училишта. Притоа, ни за првите, ни за другите не било принцип партиска структура, туку поради фактите што при нашата работа се утврдени кога се во прашање нивните одговорности. А еден голем број се разрешени, односно именувани во една редовна постапка и во средните и во основните училишта, кои што нормално, врз основа на мислење на Бирото за образование сме направиле именување од овој аспект.

Мислам дека поименично, со име, со презиме и за одредени училишта со која законска основа ако пратеникот сака таква информација, јас мислам дека на писмено би било подобро тоа да го подготвам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Положани.

Има збор министерот за труд и социјала господинот Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас веднаш би можел да му одговорам на пратеникот Андов. Од вкупно 51 установа за предучилишна возраст, што постои во Република Македонија, во изминативе четири месеци, од кога сум јас министер сменети се три директори и тоа во Скопје, во Кратово и во Пехчево и тоа сите се променети на барање на самите колективи, поради влошени меѓучовечки односи и поради лошо управување.

Се надевам дека прашањето на пратеникот Андов е принципиелно, а не мотивирано од тоа што една од променетите во скопската градинка е ќерката на господинот Андов.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Андов дали сте задоволни.

СТОЈАН АНДОВ:

Не треба да ме замолкнувате со такви работи. Јас знам дека ќерка ми е променета заради тоа што ми е ќерка, а не заради колективот што барал. Туку не е таа во прашање. Во прашање се маса луѓе. Дајте ги вие податоците точно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА.

Дали има коментар од министрите.

Се јавува господинот Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Вие како што рековте господине Андов точно е, има повеќе институции во повеќе министерства. Во моето министерство, ви објаснив прецизно, се разбира, не ми е тешко и писмено тоа да ви пратам, има 51 установа за предучилишна возраст променети во овој период од четири месеци се само три директори и мислам дека тука во тој дел, ако компарираме со другите министерства, ова министерство е шампион во вршење на минимални промени, меѓутоа, промените се направени таму каде што е тоа нужно.

Така што во вашиот случај, во случајот како што вие посочувате, може да ве информирам најкоректно дека тоа е направено после сериозни анализи, токму поради овие причини кои што вие ги наведовте дека се работи за ваш член на вашето семејство. Затоа одлуката е донесена, се надевам дека ќе ми верувате, после многу внимателно разгледување од моја страна како тоа ќе биде протолкувано и дали ќе биде протолкувано на овој начин.

Меѓутоа, според квалификационата структура, според годините на стаж во самата предучилишна установа, во која што е и вашата ќерка може да кажам дека многу поквалификувани, со поголемо искуство воспитувачи во таа градинка немале шанса да поминат на тој конкурс кога поминала вашата ќерка минатата година.

Поради значајни реакции внатре во самата установа и поради зачувување на работниот процес во самата установа, затоа што установата е битна затоа што таму се воспитуваат деца од најмала возраст, одлучив да ја променам и да ја вратам поранешната директорка која што всушност, има и најголем работен стаж и за својата работа добила повеќе општествени признанија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКа:

Процедурално бара господинот Стојан Андов.

СТОЈАН АНДОВ:

Јас принципиелно поставив прашање да ми се одговори и сакав писмено да ми се одговори. Нека ове детали што ги кажува министерот ги напише и нека наведе податоци за тоа. Не сакам овдека да ми се замолкнува устата со случајот со ќерка

ми. Ќерка ми е избрана на редовен конкурс. Таа што е по неа доведена е доведена иако  на конкурсот не била избрана, а не дала приговор тогаш, нема приговор од никого во колективот и колку сериозно господинот Манасиевски си ја тера работата излезе од тоа што во 11 часот на 31 декември  е известена дека е сменета.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Андов јас мислам за ова постои процедура.

СТОЈАН АНДОВ:

Од едно самоволие и против законот да се прави  тука претстава како заради ќерка ми го покренувам прашањето, нема врска.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Андов јас мислам да не излегувае од дневниот ред.

Се пријави господинот  Положани за дообјаснување.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Факт е дека е масовно, само во тој сегмент, а за другите што е поименично ќе ги доставам.

Појавата и во Министерството за образование далеку е од тоа да биде масовна, а ни малку масовна, и не толку масовна колку што граѓаните навикнале да биде во тоа место и во тој сектор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали господинот Манасиевски има некој коментар?

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Јас би Ве замолил само Вас како претседавач процедуралното право да не го користат за материјална расправа, затоа што во тој случај јас би барал во рамките на материјалната расправа да одговорам.

Решението е испратено на 31.12.2002 година затоа што оваа Влада работи постојано, 24 часа дневно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Благодарам и на забелешката.

Има збор господинот Трифун Костовски.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Почитувана госпоѓо Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија, почитувани колеги, колешки.

Во мојата дискусија сакам да се осврнам прво со еден апел до сите колеги во Парламентот, кои што сакам да ги потсетам на нешто што е направено од моја страна од самиот почеток на конституирањето на ова Собрание.

Како независен кандидат изготвив своја политичка програма...

(Ја покажува на колегите пратеници во салата)

која сите колеги пратеници ја добија во една уредна писмена форма. Тоа е мојата политичка платформа за моето делување во Парламентот и сакав и очекував од пратеничките групи кои што се членови на овој Парламент да добијам идентичен или барем близок одговор за нивното политичко делување за време на овој мандат во Парламентот. На жалост до денес немам добиено никаков одговор, ниту писмен ниту усмен. Сметам дека обавуваме мошне сериозна функција во овој висок дом и многу е неопходно многу посериозно да се однесуваме едни према други како колеги во Парламентот, а посебно пред електоратот кој навистина очекува резултати од нашето работење во овој период.

Вашите програми на делување во Собранието и гледам како нешто минимум база на која што ние можеме да створиме основа за една плодотворна дискусија, за дискусија која нас ќе не однесе малку понапред да исчекориме напред. Тоа е мојата желба. Затоа навистина ги молам пратеничките групи во писмена форма да ме известат дали можам да добија една таква програма за нивно делување во Парламентот, доколку не и тоа е сепак одговор, но да добијам писмен одговор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Костовски даи тоа би значело дека до претседателот на Собранието се обраќате да Ви обезбеди одредени ставови од пратениците.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Не би сакал претседателот на Собранието да го обременам со додатна работа, затоа што сметам на совеста на сите членови овде, посебно на пратеничките групи дека сме се собрале овде, дека сме избрани пратеници на оваа

наша држава и дека неминомно мораме да имаме минимум политичка култура за меѓусебнооднесување. не би сакал тоа да биде обврска на претседателот, тука тоа го сметам да биде обврска на сите претседатели на политички партии да го земат тоа сериозно.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Во ред, тоа беше малку неспецифично прашање, дали имате друго прашање.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Да, ова е апел и би сакал да биде прифатено како чист колигијален пристап кон одредено прашање кое за мене сметам дека е еден фундамент во едно наше натамошно конструктивно делување во интерес на нашата држава.

Јас имам три прашања и сите три прашања би ги насочол до првиот човек на Владата односно до вицепремиерот Шекеринска.

Првото прашање се однесува за европизација на Македонија.

Тргнувајќи наназад за време на кампањата која што беше точно пред пет месеци во август и септември минатата година сите ние, и од позицијата и од опозицијата го убедувавме електоратот дека нашето место е во Европа. Впрочем , и мојата политичка платформа за која говорев претходни и за која што ги убедував моите колеги дека сепак би било редно и јас да добијам нивна платформа за нивното делување во Парламентот, европизацијата на Макеоднија е во центарот на моето внимание, на моето активноделување во Парламентот.

Морам да констатирам дека овој пат мораме да го држиме бидејќи тоа го ветивме пред нашите граѓани. Бидејќи нив им ветивме подобар, посигурен и побогат, како и подостоинствен живот во иднина. Денес драги мои колеги се наоѓаме на истото она место на кое бевме на почетокот на 1990-те години од минатиот век, надвор од ЕУ и со многу магличави перспективи за наше можно идно членство во ЕУ. Да не заборавиме од тоа време па до денес повеќе од 10 нови европски држави дефакто се дел од Европската Унија, а тоа значи програмски развој на тие земји, големи инвестиции и еден посигурен, поорганизиран и поквалитетен животен стандард на тоа население.

Имав можност да ја пратам оваа транзиција кај пооделни идни членки на ЕУ. Промените се фрапантно позитивни. Денес сме сведоци дека во едно јуришно темпо Република Хрватска реши да биде дел од Европа и практично патот за оваа држава е целосно отворен, а каде сме ние? Сеуште во калта и во темнината, во средината

на решавањето на меѓуетничките односи кои практично ја апсорвираат сета енергија и потенцијал и залудно губиме време, средства и нерви за нешто што практично по автоматизам ќе биде решено доколку бидеме членка на ЕУ. Типичен пример за ова има повеќе членки во Европа, кои денеска се членки во Европската Унија. Само како пример би ја земал Грција.

Почитувани колеги Република Грција во моментот кога влезе во Европската Унија како унитарна држава беше со 100% државјани декларираи како чисти грци. Што имаме денес? ЕУ наметнува уставни решавања за малцинствата, нивната традиција и култура. Денес веќе во Грција постојат граѓани на Грција од други етнички припадности признаени од самите Грци, меѓутоа за разлика од нас ова етнотрансформација на грчкото општество се прави во време на благодет, сигурност и перспектива на сите граѓани. Оваа трансформација е далеку по безболна отколку што ние денеска тоа го имаме. Имам чувство дека не умееме да кренеме глава да ја видиме виделината за нашата перспектива.

При неодамнешната посета на г-динот Проди најави дека нема колективно влегување во ЕУ, туку секоја земја ќе бид епооделно третирана, што претставува еден нов елемент барем за нашата Влада.

Затоа моето прашање е да избегаме од оваа стихијност и штетност дали Владата размислува за формирање на посебно министерство со времен карактер за европизација на Македонија, во кој што ќе ја приближи легислативата од ЕУ и Македонската и компатаабилноста на македонското стопанство со европското.

Воедно ова министерство да ги преземе ингеренциите и за самата имплементација на Рамковниот договор од Охрид како дел од интегративните процеси на оваа земја односно да поставиме цел да ни биде Европа во името на нашите млади поколенија, на нашите идни генерации, а таа цел ќе биде вклопена и во Рамковниот договор, во целта која што ќе значи европизација на Македонија.

Значи, прашањето ми е дали Владата на Република Македонија размислува за отварање на посебно министерство за евроинтеграција.

Второто прашање е за Ирак. Имам чувство дека договорите по ова горливо прашање во светот меѓу Владата и претседателот на РМ не се усогласени, што од своја страна прави уште поголема забуна во поглед на нашата перспективност. Да бидеме начисто. Имаме интерес за влегување во ЕУ и НАТО, при што водечките членки на ЕУ се истовремено стари, докажани и рамноправни партнери на САД во НАТО. Сакам да го слушнам ставот на Владата по ова прашање.

Трето, тоа е мој предлог за днесување на закон за одликувања.

Почитувани дами и господа.

Веќе 12 години Република Македонија егзистира како независна држава, меѓутоа денеска сеуште немаме симболи на одликувања за одредени граѓани заслужни, дали од политиката, дали од културата, дали од уметноста. Значи, прашањето ми е дали се размислува на овој план за луѓе кои што дале придонес за изградбата на нашата држава за едно чисто благодарам да се донесе закон во кој што тие ќе се стават.

Воедно, да не заборавиме, и шефот на државата не може да прима високи одликувања бидејки истиот не може да ги возврати на странските гости. Тоа е еден минимум политичка култура што мора да биде воспоставена под итно.

Значи прашањето е дали Владата размислува за ваков закон и кога можеме да очекуваме таков закон во Собранието.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор госпоѓицата Радмила Шекеринска.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Најнапред да изразам во име на Владата благодарност до пратеникто Трифун Костовски особено за првото прашање бидејки го сметаме како дирекна подрка на ставот на Владата за прашањето на европската интеграција да го дигне на ниво на национален, државен и владин приоритет.

Посетата на претседателот на европската комисија, прва посета од ваков тип, на Република Македонија ја покажува не само зрелоста Македонија да биде поамбициозна  во овие напори, туку и ставот на европската комисија  и ЕУ дека Македонија треба да работи на своето членство во Унијата.

Она што беше конкретно поставено како прашање би сакала и конкретно да одговорам.

Владата во овој момент не размислува за формирање на поединечно министерство, одвоено министерство за европски интеграции, не заради тоа што смета дека европските интеграции не заслужуваат посебен третман од страна на некое министерство, туку напротив заради тоа што смета дек апроцесот на европско интегрирање на Македонија може да биде успешен само ако биде напор на сите министерства подеднакво и на Владата во целина.

Нормално, искуствата се поделени, искуствата се различни. Примерот со Хрватска, кој што го спомена пратеникто Костовски навистина е индикативен. Од

една страна Хрватска бележи напредок во делот на прашањата на европската интеграција, меѓутоа би сакал да ја искористам оваа прилика и да ве информирам дека во хрватската влада се размислува да се трансформира и да премине на ниво на сектор , или на служба како во македонскиот случај , кој што ќе ја претставува централната влада.

Словенечката Влада, која што е еден од примерите како треба брзо и успешно да се чекори кон членство во Унијата тоа го примени уште од самиот почеток на своето интегрирање. Значи, јак централен сектор кој што ќе работи и ќе ги координира сите активности во делот на европското интегрирање. Она што ни е потребно дефинитивно е поголема посветеност од страна на сите институции, пред се владата, меѓутоа тука е и Собранието и сите други државни институции на полето на реформи кои се неопходни за да се пласираме во европското семејство.

Факт е дека во Спогодбата за стабилизација и асоцијација клучно место во политичките критериуми беше регионалниот пристап, меѓутоа и тогаш и денеска јасно е дека секоја од земјите индувидуално ќе биде вреднувано, што е предизвик и предност за Република Македнија коај што ќе мора да знае на соодветен начин да искористи.

Точно е дека еден дел од членките сегашни и идни дел од своите проблеми ќе ги решаваат многу едноставно бидејки се или ќе бидат членки на ЕУ, меѓутоа точно е и другото дека ние мора да го искористиме овој период за да покажеме дека заслужуваме и имаме капацитет да бидеме член на едно семејство кое што носи многу одговорности, а не само привилегии.

Што се однесува до второто прашање можам да кажам дека во име на Владата на РМ министерот за надворешни работи ја потпиша изјавата на таканаречената Вилмус група, или земјите од Вилмус плус групата во која што владит еили министрите за надворешни работи на Албанија , Бугарија, Хрватска, Естонија, Латвија, Литванија, Македонија, Романија, Словачка и Слвоенија уште еднаш потврдија дека Ирак продолжува да ја крши резолуцијата на Советот за безбедност на Обединетите нации, Резулуцијата 1441 која едногласно беше усвоена на 8.11.2002 година. Таа изјава повторивме дека ја подржуваме целта на Меѓународната заедница за целосно разоружување на Ирак, како што е предвидено во Резолуцијата 1441, бидејки во моментот постоењето на оружје за масовно уништување претставува закана за светскиот мир.

Во истата изјава побаравме од Советот за безбедност на Обидинетите нации да ги превземе неопходнит ечекори како одговор на одбивањето на Ирак да ја прифати и да се придржува до Резолуцијата 1441.

Истот ака во оваа изјава кажано е дека во случај на непредржување кон Резолуцијата 1441 во тој случај Советот за безбедност на Обединетите нации мора да превземе соодветни чекори.

Оваа изјава во најголема мерка се поклопува со Заклучоците на Министерскито совет на Европската Унија кои што беа донесени на 17 февруари 2003 година, каде што Советот на ЕУ кажа дека од страна на членкит ена ЕУ постои решеност да се справат ефикасно со заканата од постоењето на оружје за масовно уништување кај Ирак.

Целта на ЕУ согласно овие Заклучоци е целосно и ефикасно разоружување во согласност со Резолуцијата 1441, значи што е сосема во согласност со изјавата потпишана од министрите во Вилмус плус групата. Обврска е сега на властите во Ирак да ја завршата оваа криза на тој начин што ќе ги почитуваат Заклучоците на Советот за безбедност.

Во изјавата на министрите за надворешни работи исто така стои делот дека Ирак ќе ја има сега обврска да се придржува кон заклучоците на Резолуцијата, така што мислам дека непотребно се создава еден впечаток дека постои некое неусогласеност, што беше демантирано и со изјавите на претседателто на Европската комисија господинот Романо Проди. Значи целта на изјавата на Вилмус плус групата беше да се подржи акцијата и одлуките од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На третото прашање нема да одговорите во врска со одликувањата?.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

За законот за одликувања само да кажам дека на Предлог текст на законот за одликувања работи работна група во Министерството за правда, се работи за закон кој обединува ингеренции на повеќе министерства и заради тоа до ден денеска, во право сте, Македонија, за жал сеуште нема закон за одликување, меѓутоа, цел на Владата ќе биде да предложи ваков закон.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Костовски дали сте задоволен, дали имате потпрашање.

ТРИФУН КОСТОВСКИ:

Претпоставувам дека одговорот што го добив од г-ца Шекеринска е на нивото кое го имаат како став на Влада, меѓутоа би апелирал дека со тенденција на поголема посветеност за Европеизација на Македонија нема да стигнеме никаде, повторно ќе се вратиме на стихијноста за нашето идно членство во ЕУ. Или сериозно ќе ја земеме работата во свои раце или сериозно ќе се подготвиме да влеземе во ЕУ или ќе талкаме пред вратите на ЕУ како што е впрочем тоа и денеска. Тоа е мојот апел сепак, Владата ова прашање сериозно да го разгледа предлогот за формирање на посебно министерство, бидејќи ако може Република Хрватска, се извинувам што отворам дискусија, ако таа формирала такво Министерство, веќе го изоде патот, апликациите се поднесени во Брисел, тоа фактички говори дека тоа Министерство си ја завршило својата работа. Утре како ќе се трансформира, тоа е друг момент.

Затоа молам уште еднаш можеме на овој проблем да седнеме и заеднички да продискутираме, да отвориме поширока дебата, но ова е најгорливо прашање за иднината на РМ.

Од второто и третото прашање сум задоволен од одговорот.

(Со седницата продолжи да раководи г-динот Никола Поповски, претседател на Собранието)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

На дополнителното прашање од првото прашање молам г-гица Шекеринска со дополнителен одговор.

РАДМИЛА ШЕКЕРИНСКА:

Владата секако е расположена, подготвена и заинтересирана да се отворат широки дебати по прашањето кое сите би требало да не обедини, а тоа е прашањето на европското интегрирање и во таа смисла повторно ќе кажам апсолутно сме задоволни и го цениме овој придонес од страна на Собранието, од страна на пратениците и конкретно од пратеникот Трифун Костовски. Апсолутно е точно дека не постои единствен модел, некои држави се одлучиле за министерство, некои држави се одлучиле тоа да го централизираат, можно е да ги ра згледаме предностите на секој од случаите и да решиме кое ќе биде најсоодветното решение за Македонија, меѓутоа не како став на Владата, туку генерално ставот на сите оние кои учествуваат во овие интегративни процеси дека всушност работата не завршува на денот на поднесување на кандидатура, туку најтешкиот дел од работата почнува со денот на поднесување на кандидастура.

Во таа смисла и РМ, и Хрватска како потписник на ист вид на спогодба за стабилизација и асоцијација треба да преземат сериозни одговорни чекори и пред и по донесувањето на поднесувањето на евентуалните апликации за членство. Меутоа, овој тип на дебата во секој случај ќе биде прифатен, поздравен од страна на Владата и со целосна сила и енергија ќе учествуваме и благодарни сме за ваквиот придонес на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме по редот на пријавените по пратенички групи најизменично.

Збор име Кире Гештаковски.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Почитуван претседател на Собранието, почитувани министри, членови на Влда, драги мои колеги.

Имам три прашања.

Првото прашање го упатувам до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство на РМ.

Какви мерки ќе преземе Владата на РМ, за решавање на проблемот со откупот на јаболката. Ова прашање е малку задоцнето, бидејќи на првата седница на Парламентот за пратенички прашања моето прашање не стигна на ред. Но, ако имаме добра волја мислам дека кратко и јасно може и оваа сезона нешто да се направи, а уште повеќе од наредната година.

Едно кратко објаснување.

Познато е дека во сверата на откуп на јаболката владее еден тотален хаос, посебно тоа се однесува во последните 4-5 години откако е укината одлуката за заштита на домашните земјоделски производи со врзаноста на увозот на јужно овошје, задолжителниот извоз на јаболка во соодност 1:2 во корист на јаболката. Оваа заштитна мерка даваше многу добри резултати, всушност и другите земји ќе ги штитат своите производи. На пример Бугарија до 15 јануари, секоја година ги дестимулира со воведување на големи давачки, сите купувачи од Бугарија до 15 јануари, секоја тековна година буквално нема влез на ниту едно возило од Бугарија во Македонија да изврши откуп на јаболка.

Од друга страна давачките што нашата држава ги наплатува се исто така големи и се движат за секое влезено возило, без разлика на нивната носивост и до 12 илјади денеари. Јас сум свесен дека имаме големи проблеми со полнењето на буџетот. Но, мојата логика е дека ако истите давачки се намалат многу повеќе возила ќе влезат во нашата држава ќе го извршат откупот на јаболката, а со ова

јаболката нема да скапат, производителите ќе си го наплатат својот труд, а државата преку потрошувачката на сите пари повеќе кратко ќе си ги наплати своите давачки. Овие пари од продадените јаболка не се воопшто за потценување, бидејќи износот е некаде од 15 до 20 милиони евра.

На крајот дали се размислува за едно трајно решение за откупот на јаболката? Тоа би се постигнало со организиран откуп на јаболката од страна на државата и извоз на истите во странство со компензација. Конкретно такви најави имавме од Преспа со претставници од Руската федерација за извоз на јаболката со компензација на увезен гас или пилешко месо. Користо од оваа работа би била повеќекратка. Државата ќе заштеди големи суми на девизи за увоз на овие енергенси и девизи, би го намалила големиот трговски дефицит со странство, а производителите на јаболка би добиле една сигурност и ќе бидат на чисто уште при самото садење на овошките, бидејќи ќе знаат колку ќе произведат, колку ќе заработат и најважно од се ќе бидат сигурни дека нема да го фрлаат џабе својот труд. Овој проблем е најтежок во Преспа, бидејќи поминаа златните времиња кога производството на јаболка им беше дополнителна дејност на граѓаните на Преспа. Во периодот на транзиција се затворија многу стопански објекти, Преспа има над 3,5 илјади невработени и сега производството на јаболка им претставува основна дејност за егзистенција и преживување на над 70% од граѓаните на Преспа.

Второто прашање би го упатил до министерот за внатрешни работи.

Колкав број на контроли од аспект на борба против трговија со дрога има преземено МВР и колкав број на контроли од аспект на безбедност во сообраќајот?

Третото прашање го упатувам до Министерот за здравство.

Со новата повисока даночна стапка на ДДВ која за лековите е зголемена од 5 на 18% се појавија шпекулации во јавноста дека ќе дојде до поскапување на лековите. Според сознанијата кои јас ги имам постојат огромни резерви при набавките на лекови во јавното здравство. Така што не само што лековите не треба да поскапат, туку треба да поевтинат барем за 10 до 15% и покрај повисоката даночна стапка. Додека директор на Фондот беше г-динот Војо Михајловски, лековите во јавното здравство имаа повисоки цени во просек за 30 до 50% отколку во приватниот сектор и денеска, а тоа ќе го илустрирам со неколку конкретни примери  има големи манипулации со цените во аптеките кои припаѓаат на јавниот сектор. Само неколку примери. Таблета Алдизем од 60 мг. цената на Фондот е 67 денари, а цената во слободна продажба во истата јавна аптека е 133 денари. Алдизем табелети од 90 мг. 89 денари, со 205 денари. Амоксиклав серуп 233 денари

со 370 денари. Енап таблети од 10 мг., 65 денари, со 130 денари. Енап таблети од 5 мг., 60 денари со 140 денари.

Моето прашање е дали планирате да спроведете тендер за лекови и тоа за лековите од позитивната листа заедно со фондот за здравство со цел да ги утврдите максималните цени што ќе ги признае Фондот за здравство.

Дали планирате да спроведете тендер за лекови кои не се на позитивна листа, а со цел да ги утврдите максималните цени на лекови во кои ќе можат здравствените организации да ги набавуваат овие лекови. Тоа треба да важи и за цените на лековите на позитивната листа кои ќе се на слободна продажба во аптеките од јавниот сектор.

Уште полоша е состојбата со цените на медицинските помагала и потрошниот медицински материјал. Ве прашувам дали планирате да спроведете тендер за истите и тоа заедно со Фондот за здравство за дел од материјали чии трошоци се на товар на Фондот за здравство со цел да ги утврдите ајвисоките цени кои можат да ги набавуваат здравствените организации.

Убеден сум дека со овие тендери и покрај зголеменета даночна стапка на ДДВ ќе се остварат здравствени заштеди како во Фондот за здравство така и во домашниот буџет на граѓаните. Со заштедите што ќе ги оствари Фондот за здравство истите можат да се искористат за остварување на нашите дадени ветувања на нашите граѓани од 15 септември дека ќе се укине партиципацијата за деца до 15 годишна возраст и старите луѓе над 65 годишна возраст, дека ќе ја прошириме позитивната листа на лекови и дека ќе ја намалиме партиципацијата за ортопедските и други медицински помагала онака како што всушност беше од 1993 година, со новите измени што се направија во Законот за здравствена заштита.

Што ќе значат заштедите што ќе ги направат сите наши граѓани од сопствениот џеб не треба многу да се елаборира, бидејќи сме сведоци на оправданите реакции кои секојдневно доаѓаат посебно од огромната армија преку 200 илјади пензионери по најавата за зголемување на цената на лековите од 13%. Повеќето од половината од нив земаат минамална пензија од прва група, а имајќи ја во предвид нивната возраст потребите од лековите се големи и половина пензија нема да им стигне за купување на лекови. Сигурен сум ако се спроведат нови и поштени тендери без отворени понуди од три,четири керки на некоја мајка фирма со разлика од по 100 денари по понуда, како што беше случај досега, односно со претходно договорено добивање на тендер, оваа Влада може да ги намали цените на лекарствата за 20-30%.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање е до министерот Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Ќе одговорам во писмена форма, бидејќи се содржани повеќе факти кои треба да се проверат и да бидат одговор на поставените прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање беше до г-днот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас ќе одговорам усмено на ова прашање. За овие четири месеци досега со преземените мерки од страна на Министерството за внатрешни работи откриени се 49 кривични дела поврзани со недозволена трговија со дрога односно со кривичното дело неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и ресурси каде се вклучени 81 сторител.

Исто така, откриени се 17 случаи и кривични дела од 17 сторители на овозможување на употреба на наркотични дроги и досега од активностите кои Министерството ги имаше преземено пронајдени се и одземени вкупно 6,5 килограми кокаин, околу 2,5 килограми хероин, 48 кг. марихуана, скоро 4 килограми хашиш и 17,5 кг. опијум како и таблети екстази.

Како покарактеристичен случај би го издвоил оној за кој немаше информации досега, беше случајот на откриената дрога при преминот на еден италијански државјанин на граничниот премин Петровец на аеродромот кој на пропатување од Коломбија преку Грција дојде во Скопје како покарактеристичен начин тоа е фактички употреба на кебиња, пешкири, и други текстилни производи кои беа натопени кокаин база. Исцрпувањето на таа кокаин база со методите кои беа применети во лабораториите на МВР е завршено и само во тој случај се издвоени 6,5 килограми кокаин. Тоа би било накратко.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Гештаковски е задоволен од одговорот? (задоволен)

Третото прашање е поставено до Министерот за здравство, г-дин Селмани.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Во врска со прашањето за евентуалното поскапување на лековите врз база на зголемувањето на стапката на ДДВ од 5 до 18% значат најавување на поскапување на лековите од 13%. Точни се сугестиите на г-динот пратеник за да помине побезболно и да се намалат трошоците што паѓаат на Фондот и на корисниците тука

треба активно да се разгледаат евентуално надуените цени од фармацевтските куќи и веледрогерии и тоа што беше речено дека има големи залихи на лекови во некои здравствени институции што може да биде една олеснителна околност во оваа фаза и за понатаму да се корегира, ние сме во фаза на активности да имаме едни единствени цени за лековите во сите аптеки во државата и сите корисници да знаат дека има единствени цени во сите аптеки без разлика во која аптека се купуваат лековите дали во приватните или во јавните аптеки. Тука ќе се внимава и во формирањето на тендерските цени да се елиминираат евентуалните пропусти што беа евидентирани во минатото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине  Гештаковски дали сте задоволен од одговорот?

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Делумно сум задоволен и би поставил едно дополнително прашање.

Дали може г-динот министер да ми одговори дали се планира распишување на нови тендери за овие работи и кога, бидејќи три ипол месеци поминаа, а ние сеуште работиме со распишаните тендери  и воспоставените цени од бившиот директор на Фондот за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Не е поминато многу време од именувањето на новиот директор на Фондот, а знаеме дека тендерите за лекови, за медицински материјали, потрошни материјали и друго се одвиваат во Фондот значи ќе бидеме активни заедно со директорот на Фондот што побргу да се отворат тендери за да се елиминираат недостатоците и пропустите во овие активности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На ред е г-динот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, еве и јас го користам правото да го поставам максималниот број од три прашања иако имам многу повеќе кои ги поставуваат граѓаните од таму од каде доаѓам како што е примерот со мене од кочанско.

Граѓаните од кочанско прашуваат до каде се активностите околу изградбата на хидроакумулацијата на Оризарска река.

Бидејќи се работи за проект од животно значење за целиот кочанско винички регион кој покрива 100 илјади жители и оваа акумулација според идејните решенија треба да се користи за вода за пиење и како вода за наводнување.

Поставувам две потпрашања на кои сакам писмено да ми се одговори.

Првото, барам целосна писмена информација за сите досегашни активности на овој проект.

Второто потпрашање е дали оваа година ќе се спроведат активности за реализација односно за отпочнување со реализација на овој проект односно изградбата на хидроакумулацијата Оризарска река.

Првото прашање го упатувам до Владата односно до претседателот на Владата, бидејќи мислам дека опфаќа повеќе министерства, како што се Министерство за земјоделство, шумарство и водостопавство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски, а носител може да биде Министерство за земјоделство, шумарство и водостопавство, ако побара информација од другите министерства.

Второто го упатувам директно до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и прашувам дали оваа година Владата ќе вклучи некои мерки во програмата за оризопроизводството во Македонија. Дали конечно ќе имаме некое мерки кои ќе придонесат за подобрување на состојбата со оризопроизводството. Не би сакал да коментирам, познати се овие работи кои ги мачат оризопроизводителите во Македонија. И за ова прашање барам писмена информација.

Третото прашање го упатувам до министерот за труд и социјална политика, а се однесува за текстилните фирми во кочанско. Тука барам целосна писмена информација за: работното време, почитувањето односно непочитувањето на работното време во овие текстилни фирми, за секоја поименично, исплата на платата, редовност и висина на истата и трето, како потпрашање кое е содржано во ова прашање е пријавени односно непријавени работници кои работат во овие, популарно наречени конфекции односно текстилни фирми.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Стаменков, согласно Деловникот, ако претставникот на Владата до кого упатувате прашање изрази желба усмено да ви одговори на прашањето, тука работата завршува. Така е по Деловникот.

За првото прашање сум известен дека во името на премиерот ќе одговори г. Славко Петров, министер за земјоделству, шумарство и водостопанство.

Господине Петорв ќе одговорите писмено или усмено на ова прашање?

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Ја почитувам желбата на пратеникот, писмено да одговорам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро.

Второто прашање исто така беше упатено до вас г. Петров.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

И во тој дел пратеникот изрази желба писмено да биде одговорено и јас тоа ќе го сторам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро, г. Стаменков ќе добиете писмен одговор и на ова прашање.

Третото прашање беше упатено до министерот за труд и социјална политика г. Манасиевски.

Господине Манасиевски, како сакате да одговорите, писмено или усмено?

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Секако, ќе го почитувам Деловникот и усно ќе ги дадам главните насоки на Владата, а пратеникот го повикувам во секое време да се обрати до Министерството и во максимално брз рок ќе му доставиме одговори и за конкретните прашања кои ги поставува, бидејќи беа спомнати конкретни фирми кои не ги почитувале прописите.

Инаку, само да посочам дел од активностите што се токму во оваа насока и што ќе се однесуваат и на соодветниот случај во Кочани.

Досега Инспекторатот за труд, всушност, има политика, така наречените групни акции или оние што се најефикасни, каде што не ја врши контролата локалниот инспектор туку повеќе инспектори, собрани од повеќе градови што во еден ден напаѓаат едно одредено подрачје, била применувана мошне ретко. Всушност во поголемите градови на Република Македонија, отприлика по еднаш годишно дали доаѓала или не доаѓала инспекција со ваков групен надзор. Сега, инструкциите што се дадени до инспекцијата е секој поголем град во Републиката да биде квартално третиран т.е. во период од три месеци во секој град да се врши една таква помасовна групна акција која убедливо е оценета како мошне успешно.

Посебен дел од програмата се текстилните погони затоа што, факт е, она што пратникот го пастави во своето прашање е дека имаме доста проблеми со непочитување на законот за рабони односи, колективните договори и другите прописи во овие текстилни погони, така што текстилната индустрија, градежништвото и уште некои сфери се ставени на врвот на приоритетите што трудовиот инспекторат ќе ги врши.

Уште еднаш го повикувам пратеникот да се обрати и писмено до Министерството, со конкретните фирми а трудовата инспекција ќе биде веднаш ангажирана.

Сакам да ви укажам на уште една работа а тоа е дека и со синдикатите договоривме, така да кажам, да имаме една црвена линија помеѓу синдикатот и инспекторатот, на секое алармирање од синдикатот дека има податоци дека во одредена фирма се кршат правата на работниците, да имаме веднаш реакција на инспекторатот.

Се надевам дека овие мои насоки што ги дадовме ќе вродат со плод секаде во Македонија, па и на подрачјето на Кочани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам г. Манасиевски.

Дали сте задоволен од одговорот г. Стаменков?

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Не сум задоволен од одговорот.

Јас нешто конкретно побарав. Јас веќе го упатив барањето, да ми се достави писмена информација. Јас не заклучив дека постојат непочитувања или дека има прекршоци во тие фирми, туку бидејќи ги слушаме разговорите кај граѓаните дека не е како што треба, сакам точна писмена информација за сите текстилни фирми, по трите потпрашања што ги поставив: тоа се работното време, дали се почитува или не се почитува, второ, исплатата на платите, висината на гарантираниот личен доход, дали се почитува или не се почитува и редовноста на исплатата и третото потпрашање е пријавени и непирјавени работници. Дали постои такво нешто во овие фирми? За секоја поименична фирма која егзистира на подрачјето на кочанско барам точни податоци, не барам политички одговор сега ние ќе работиме или нема да работиме. Јас барам да се сработи таа работа и да се доставаат точни податоци.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам, господине Манасиевски дека конкретните работи за кои се обраќа, писмено ќе му одговорите.

JОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Пратеникот кога бара конкретен одговор треба да постави и конкретно прашање. Тој не постави конкретни прашања, не ги наведе ниту е доставен допис до Министерството каде што се наведува точно за кои фирми се работи.

Во првото прашањето неговото прашање беше формулирано дека се работи за одредени фирми. Сега слушаме дека бара за сите фирми на територијата на општина Кочани.

Иако ова барање навистина е мегаломански, јас ќе се обидам откако добијам писмоно барање од пратеникот, во деловнижките рокови, толку колку што е можно инспекторатот да му одговори на сите негови барања по сите потпрашања. Меѓутоа, за да биде одговорот конкретен мора и прашањето да биде конкретно. Вашето прашање беше начелно, во оваа фаза и јас начелно ви одговорив за промената на политиката за што е одговорен министерот. Трудовиот инспекторат е посебна институција која работи врз основа на повеќе закони и таа презема соодветни дејствија.

Мене ќе ми биде задоволство уште еднаш да ја чекираме целата состојба на територијата на општина Кочани, само доколку вие имате индиции, би било добро во прашањето да специфицирате точно на кои конкретни стопаснки субјекти се однесуваат вашите сомневања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Заклучувам дека за општина Кочани, седиштето, ќе изготвите ... Тоа, кочанско малку е ... Кочани е општина каде се знае кои општини се регистрирани.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Кочани, тоа е различен поим. Тука припаѓаат и сите други општини кои спаѓаат во кочанско. Тоа е погрешна формулација.

Второ, јас посочив една гранка, ја специфицирав текстилната гранка, текстилните фирми, конфекциите, не реков за сите фирми во кочанско.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи останува ова, со тоа што го поправам Стаменков, општина Кочани. Во нашите закони за територијална поделба и локална самоуправа не постојат поими Кочанско. Постојат општини и ќе го третираме како Кочани.

Одиме понатаму.

Со оглед на тоа што од пратеникот Мендух Тачи ми беше поставено пратеничко прашање, како на претседател на Собрание, во мое отсуство, додека ме заменуваше Поповска, сакам да дадам одговор.

Поставено ми е прашање зошто ги враќам податоците кои се пополнуваат на, мој албански јазик, како што се изразил господинот Тачи.

Сакам да соопштам дека согласно Деловникот на Собранието во член 3 е регулирано дека во работата на Собранието службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Во ставот 2 пишува дека пратеник кој зборува различен јазик од македонскиот, а кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, се подразбира дека тоа е албанскиот, може на седница на Собрание и на седница на работно тело да зборува на тој јазик но не и да пишува на тој јазик документи во Собранието.

Со оглед на тоа што г. Мендух Тачи евиденциониот лист за пратеници во Собранието на Република Македонија, кој претставува службен документ на Собаранието, го потполнил на јазик различен од членот 3 став 1, ние не можеме официјално да го заведеме во архивата на Собранието како евидентен лист. Колку што можам јас да препознаам, се работи за пополнување на евиденционен лист на Собранието, на албански јазик. Тој, ние, како официјален службен документ на пратеник во Собранието, и јас, не можам да го заведам во архивата на Собранието затоа што не е во согласност со Деловникот.

Господинот Тачи не гледам дека е тука. Кога ќе се врати, ако се врати ќе има право на дополнително прашање.

Продолжуваме по редоследот.

Има збор г. Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Првото од моите три прашања го упатувам до министерот за внатрешни работи.

Какви активности презема Министерството за внатрешни работи во врска со нелегалната трговија со луѓе, колкав број на акции има преземено, во кои градови, колкав е бројот на досега откриени жртви на трговија со луѓе, колку кривични пријави се поднесени и против колку луѓе?

Моето второ прашање го упатувам до Владата на Република Македонија, а во контекст на дадениот писмен одговор даден од Владата на пратеничкото прашање на пратеникот Коце Трајановски, за раселените лица.

Прашањето е, колку средства се одобрени од Донаторската конференција за реконструкција и изградба на објектите кои се уништени и опожарени, во смисла дали тие средства се доволни, колку од тие средства се искористени и уште колку средства ќе бидат потребни за целосна изградба и реконструкција на напред наведените објекти, како раселените лица конечно и целосно би се вратиле во своите домови?

На ова прашање може да се добие и дополнителен писмен одговор, ако смета претставникот на Владата.

Моето трето прашање повторно е упатено до министерот за внатрешни работи, а прашањето е:

Дали постои план и временски рокови кога ќе се активираат постојните полициски станици во Теарце и Лешок.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Му благодарам на г. Томиќ.

Би сакал да ги повикам сите пратеници, кога поставуваат прашања, да го следат овој пример, согласно Деловникот кратко, јасно и концизно прашање во кое се дава одговор.

Првото прашање е упатено до министерот за внатрешни работи.

Господине министре дали ќе одговорите писмено или усмено на поставеното прашање.

ХАРИ КОСТОВ:

На првото прашање ќе одговорам усмено.

Еден од приоритетите на Владата, особено на Министерството за внатрешни работи беше токму борбата против нелегалната трговија со луѓе.

И досега, во овие четири месеци Министерството за внатрешни работи имаше 9 акциски контроли. Меѓутоа, освен акциските контроли тие активности околу трговијата со луѓе и организираната простотуција се и секојдневна активност на надлежните инспектори во Министерството.

Инаку од досега преземените контроли и овие дневни активности, поднесени се вкупно 20 криивчни пријави против 34 сторители за вкупно 25 кривични

дела. Притоа кај овие сторители, во најголем број од надлежните органи досега е одредувана мерка притвор за сторителите, во 9 случаи, а веќе од овие активности кои што ги имаше Министерството во правец на трговијата со луѓе, изречена е и првата пресуда од Основниот суд во Струга каде што еден од учесниците во трговијата со луѓе веќе е осуден на казна затвор во траење од една година.

Како жртви на таа трговија досега се откриени вкупно 39 странски државјанки. Меѓутоа евидентирани се и 2 македонски државјанки кои биле жртва на трговијата со луѓе и принудната проституција.

Она што посебно сакам да кажам е дека ваквите акции на Министерството, иако имаше некои погрешни шпекулации дека се вршат само во делот на Тетово и Гостивар, ја опфаќаат целата територија на Република Македонија, не се во прашање само Тетово, Гостивар, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Скопје итн. И она што е позитивно е дека досега во тие акции на Министерството за внатрешни работи немаше никакви негативни реакции ниту кај локалното население, ниту полицијата наиде на некакви проблеми во нивното спроведување. Напротив, за разлика од поранешниот период, прв пат ни се случува да имаме случај во Тетово, во Секторот за внатрешни работи - Тетово, прв пат да се пријават три девојки, жртви на трговијата со луѓе, со нивно укажување дека досега не се пријавувале во станицата затоа што и самите имале страв, бидејќи од таквата нелегална трговија со луѓе, на некој начин биле вклужени и некои полициски офицери. Меѓутоа, со оглед на тоа како акциите сега течат, самите се пријавија и беа депортирани во своите родни земји.

Исто така, имаме и случаи, таквите жртви на нелегална трговија, девојчиња, сами се јавуваат од локации каде што се затворени и укажуваат на локации каде вакви недозволени активности се случуваат во определени градови. Според тоа, ова нема да биде само акциска контрола, туку ќе бидат и секојдневни активности на МВР, со мерките кои според законот сме во можност да ги презememен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Томиќ дали сте задоволен од одговорот.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Во потполност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашањето упатено до претседателот на Владата, ќе го одговори госпоѓуца Шеќеринска.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Во делот на реконструкција и рехабилитација во областите зафатени од кризата пред Донаторската конференција, биле побарани 45 милиони евра износ кој на самата Донаторска конференција практижно бил дуплиран и заради тоа на самата конференција биле ветени средства во износ од 85, 86 милиони евра.

До денес се завршени работи во износ на 91,2 милиони евра. Значи, како што спомнав претходно надмината е сумата која претходно била сметана задоволна и добиени се дополнителни средства за таа цел од страна на Владите на Германија, Холандија, Европската комисија, Канада, како и од страна на делот од меѓународните финансиски институции. Во меѓувреме констатирана е дополнителна потреба за финансирање на реконструкцијата и рехабилитацијата на дел од областите зафатени со кризата, така што во постојан контакт сме со Европската агенцијата за реконструкција, за пронаоѓање уште на еден дел од средствата што сметаме дека ќе бидат неопходни. 6,7 милиони евра се очекуваат дополнително од некои од владите кои сеуште го немаат испорачано ветеното, додека во последните неколку недели сме во постојана комуникација за да ги обезбедиме дополнителните 2 милиони евра кои се потребни за реконструкција на дел од куќите, како и за реконструкција на неколку инфраструктурни објекти, како што на пример е црквата и културно - историски споменици, како што е црквата во Лешок, една од амбулантите во Лешок. Меѓутоа, континуирано се работи на дополнителни проценки на штетите, така што овие суми се менуваат во тек на времето. Собранието ќе може тековно да биде информирано за овој дел од работата на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Томиќ, задоволен сте?

Благодарам.

Третото прашање за полициските станици, овие двете господинот министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

За прашањето околу полициските станици во Теарце и Лешок би укажал на неколку моменти, неколку активности кои се во тек, па на крај би го кажал и рокот. Инаку, во Буџетот на Република Македонија ниту минатата година, ниту оваа година не се предвидени посебни средства за полициските станици во рамките на Министерството за внатрешни работи. Меѓутоа, обезбедени се, да не кажам, во разговорите и преговорите кои што имаме со Европската агенција за реконструкција.

Во моментов, со оглед дека се обидуваме да направиме типски станици, се работат проекти во градежните институции, кои што треба да ни дадат стандардизирани модели на полициски станици и очекуваме дека во наредниве 10-тина дена тие проекти ќе бидат изготвени од страна на градежните организации, по што ќе следи распишување на тендер и нашите проценки се дека станиците во Теарце и Лешок би требало да бидеме во состојба да ги завршиме некаде до крајот на јуни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Имате и конкретен одговор, со рок.

Благодарам на господинот Томиќ.

Господинот Караџоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, јас незнам кој е претставник на Владата. Би сакал да поставам прашање на Владата, ама не гледам претставник.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако е до премиерот, ќе одредат членовите на Владата дали ќе одговорат, или писмено, во овој момент.

Госпоѓата Шекеринска ме извести дека ќе биде до 14,оо часот замена за Црвенковски. Сега е 14,оо часот, ние одредивме до 14,15 часот, тоа е проблемот. Има некоја обврска меѓу 14,оо и 15,оо часот.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Постои ли шанса да ви поставам две прашања до премиерот, ако доаѓа после паузата, да ги сочувам после да ги поставам двете прашања, а сега да поставам до министерот за внатрешни работи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Поставете едно и после уште другите две.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да, кога ќе дојде премиерот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе се вратиме и со господинот Манев и со госпоѓата Костадинова добија одговор писмен во меѓувреме.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, сега ќе го задржам правото да поставам само едно, а другите две кога ќе дојде премиерот.

Значи, прашањето би било до министерот за внатрешни работи.

Господине министре, на 21 јануари 2003 година вие бевте присутен на еден состанок кој што се организира во просториите на Републичкиот судски совет, каде што присуствуваа и претставниците на судската власт, заедно со вас како претставник на Министерството за внатрешни работи. На тој состанок дојдовте до едни заклучоци со кои што заклучоци како Министерство за внатрешни работи се обврзувате да преземете мерки и дејности во врска со ефикасносто спроведување на правосилни извршни одлуки од страна на судовите, да им ја пружате неопходната помош во рамките на нивната надлежност, како и други надлежности кои ги имате во заклучокот.

Ова ве потсетувам само поради тоа што сакам да поставам едно прашање. Со оглед да сте како Министерство презеле вакви обврски би сакал да ве прашам конкретно:

Дали Министерството за внатрешни работи планира да преземе спроведување и извршување на судска одлука во случајот со “Лозар” од Битола, со оглед да таму постои правосилна и извршна судска одлука, а до ден денеска не постои начин и можност како таа да се изврши. Што Министерството за внатрешни работи вотој дел планира и како мисли да ја спроведе таа судска одлука?

Како подпрашање на ова прашање би било: Дали исто така Министерството за внатрешни работи планира да поднесе кривични пријави против лицата кои ја спречуваат, односно го спречуваат извршувањето на судската одлука

во рамките на Кривичниот закон, за кривични дела кои се предвидени во Кривичниот закон, јас не сакам да ви ги нотирам, како и спрема лица кои што се политички претставници на владеачката коалиција, а кои што во претпросториите на "Лозар" парадираа, сам не знам во кое својство. Значи, како соучесници дали планира Министерството за внатрешни работи и спрема нив да преземе одредена кривична одговорност, со оглед дека делуваат како соучесници во рамките на неспроведување и неизвршување на една судска одлука.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас и на ова прашање усно ќе одговорам. Меѓутоа, би го потсетил пратеникот Караџоски дека во случајов, прво околу прашањето на Републичкиот судски совет.

Точно е, и на тој ден бевме, имавме и писмени информации за нас, уште еднаш да повторам, судската одлука за Министерството за внатрешни работи е да неречам светиња. Според тоа, не постои никаква дилема дека Министерството за внатрешни работи ќе обезбеди секаква асистенција кога судот ќе побара да се извршуваат судските одлуки, независно за кого таа се однесува. На тој состанок во Републичкиот судски совет исто така беше споменато прашањето на "Лозар" и прашањето за некоја наводна асистенција во Струга, меѓутоа беше уште на самиот состанок констатирано дека ниту судијата, ниту таков случај во Струга било пријавено дека судијата побарал асистенција на полицијата.

Според тоа, постои јасно пропишана процедура околу спроведувањето на судските пресуди дека мора на писмен начин да се побара асистенција на полицијата. Вие можете да ги проверите сега, конкретно, не постои никакво сомнение дека Министерството за внатрешни работи на барање на асистенција за спроведување на судските пресуди ќе ја овозможи таа асистенција.

Околу прашањето на последното извршување на судската пресуда во "Лозар" - Битола, постојат записниците и тие би можеле да се стават на увид. Јасно е изразена, прво, обврска на началникот на полицијата во Битола, е на судијата извршител и неговиот тим, што мислат дека беше со уште други четворица судии, да им ја образложи ситуацијата во која што ќе треба да се извршува асистенцијата на

полицијата околу извршување на судската пресуда. Тоа е укажано и во записникот јасно стои дека од страна на Министерството за внатрешни работи дека и покрај укажувањата дека таму се собрани илјада луѓе, дека таму има така и така, обезбедено ваквки орудија, такви закани, дека ќе се дигне нешто во воздух и т.н., на крајот јасон стои, од страна на Министерството за внатрешни работи, доколку судијата оценува Министерството за внатрешни работи е подготвено да влезе и да ја спроведе, да ја обезбеди асистенцијата, со тоа рштo им укажал дека се можни и такви и такви последици. Меѓутоа, Министерството ниту во тој случај кај “Лозар” не се повлече од работата да каже дека нема да обезбеди аситенцијса во извршување на пресудата.

Барањето, фактички записникот е потпишасн од сите судии што биле, значи од извршниот судија и неговиот тим и записник од страна на Основниот суд Скопје ИИ - Скопје, мислам така беше, во кој што самиот судија констатира дека го одложува извршувањето на судската пресуда на неопределено време. Сега не се сеќавам дали во заспиcникот стои или само во белешката на Министерството за внатрешни работи во кое што стои додека не стои прашањето на ревизијата на процесот на приватизација на “Лозар” - Битола, што е во тек пред надлежните органи. Според тоа, да биде на јасно, Министерството за внатрешни работи не се повлекло околу прашањето на аситенцијата на лолицијата.

За второто потпрашање, дали Министерството ќе преземе нешто спрема луѓето или пратениците кои таму биле присутни и т.н. Колку што имам увид, колку што можевме да видиме, пратениците не беа ниту во просториите на “Лозар”, ниту во зградата на “Лозар”, туку беа надвор од неа. Никој не може да му забрани на било кој пратеник да биде во локации околу тој објект, додека не преземат практични чекори што би значеле кршење на закон и чекори кои што, согласно законот спрема тие пратеници и од аспект на имунитетот може да се преземе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Караџоски, дали сте задоволен од одговорот?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро би било само едно дополнително прашање.

Според она што го одговори министерот, јас дојдов до една ваква констатација. Значи, сите оние кои биле внатре во просториите на “Лозар”, никј не може да им забрани, според тоа не подлежат на никаква одговорност.

Дополнителното прашање би било - Дали сите оние кои биле внатре во просториите на “Лозар” кои спречуваат извршување на пресуда со средства што ги кажа министерот, еве јас не сакав да ги набројам, значи имао и експлозивни и вакви и такви, не се ли тие сторители на кривично дело и што Министерството за внатрешни работи планира кон таквите сторители? Дали воопшто имас преземени нешто?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Одговор ќе даде господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Па, никј од нив за сега нема направени какво криивчно дело. И тие кои биле внатре во просториите. Судијата се откажал од асистенцвијата на полицијата за извршување на судската пресуда. Фактички, немаше барање од судијата, колку што ми е познато од белешката, дури и во просториите на Министерството за внатрешни работи во Битола, после укажувањат се откажал од спроведувањето на судската пресуда до завршување на ревизијата на процесто на приватизацијата.

Според тоа, ниту било кој од тие луѓе направил, тогаш би можело, доколку коалицијата влезеше во просториите, па лице овластено, овластено службено лице било нападнато, во тој случај, сигурно, за сите кои би преземале такви активности би биле поднесени кривични пријави, сето она што следи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, кога ќе дојде премиерот ќе имате право уште на две прашања. Ви останаа уште шест минути. Четири минути потрошивте на правото прашање.

Има збор господинто Јанаќие Витановски.

ЈАНАЌИЕ ВИТАНОВСКИ:

Почитуван претседателе,

Имам две прашања, од кои што првото се однесува делумно на Министерството за внатрешни работи, а делумно на Министерството за правда.

Второто прашање се однесува до премиерот, односно до Владата, па ќе ве замолам да го задржам правото кога ќе дојде премиерот да го поставам тоа прашање.

Првото прашање се однесува на еден случај, ме замолија учениците од Гимназијата да го поставам ова прашање:

На ден 29 јануари 2002 година во 14,30 часот во Гимназијата "Св.Кирил и Методиј" - Незготино се случи тежок инцидент. На тој ден, 20-тина рекетари на ВМРО-ДПМНЕ, предводени од братот на директорката Бајатова, сгашниот пратеник од ВМРО-ДПМНЕ Орданчо Тасев, насилно влегоа во Гимназијата и крвнички ги претепаа учениците кои во тој момент се најдоа во ходникот и во канцеларијата на директорката Бајатова. Епилогот беше 17 повредени ученици кои завршија во болница. Рекетарите на ВМРО-ДПМНЕ сиј а зедоа правдата во свои раце и со ќотек се пресметаа со учениците кои бараа од директорката да ги повлече трите отказни решенија на нивните професори.

Тогашниот министер за образование, Новковки, наместо да застане на страната на правдата, тој учениците ги изедначи со терористите на ОНА и се закани со зборовите - Или ќе си одат тројцат професори или ќе удрам клуч на Гимназијата. Застана на страната на Бајатова, наспроти барањата и потписите на 66 професори и 1.200 ученици за смена на Бајатова.

Сепак, директорката беше сменета и поставена е за началник на подрачната единица за образование во Неготино, каде е сеуште на таа функција. Против 17-те рекетари, насилници, учесници во тепачката на 29 јануари 2002 година во Гимназијата "Св.Кирил и Методиј", тогашниот порпарол на Министерството за внатрешни работи Васко Шутаров изјави дека се поднесени 17 кривични пријави од страна на Министерството за внатрешни работи до Јавното обвинителство, вклучувајќи го и сегашниот мој колега Орданчо Тасев, а тоа е согласно член 386 од Кривичниот закон. Наместо кривична постапка да се води против рекетарите во Основниот суд - Неготино, се води прекршочна постапка против 40 ученици. Од неодамна се води постапка против пет родители.

Според чие барање се води прекршочна постапка против 40 ученици? Дали се води кривична постапка против 17-те рекетари на ВМРО-ДПМНЕ и, ако се води, до каде е постапката? Ако не се води, каде завршија 17-те пријави?

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашањето е поставено до министерот за внатрешни работи. Едно прашање ви останува за после.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас ќе одговорам писмено на ова прашање, затоа што знам дека се поднесени кривични пријави, поднесени се прекршочни пријави, мислам дека се во фаза на обработка до Јавното обвинителство. Меѓутоа, со оглед дека се работи за вклучување на поголем број лица, би го задржал правото да доставам писмен одговор за ова прашање, со сите елементи што беа барани во прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Согласно Деловникот, тука прекинуваме, а вие одговорот ќе го добиете во писмена форма.

Сега објавувам пауза до 15,15 часот кога продолжуваме со редоследот Орданчо Тасев, па Невзат Бејта па останатите.

(Пауза)

(По паузата)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, пратениците и министрите да влезат во салата.

Предлагам со господинот Тасев да одиме со трите прашања, а после ќе ги завршиме овие што имаа писмени одговори. Тука се министрите за транпорт и врски и економија што ќе ги одговорат, ако има дополнително, се разбира. Премиерот ќе дојде со овие две прашања за Караџоски и после повторно по редот продолжуваме.

Господин Тасев повелете.

Благодарам.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Првото прашање е упатено до министерот за земјоделтво, шумрство и водостопанство и би гласело. Имено, знаеме ние дека Република Македонија е претежно аграрна држава, каде доминантно значајно, нормално е земјоделието и сточарството. Притоа, големо значење има производството на тутун, градинарство, житарици и тн. Но, сепак, сметам дека доминантно место кај сите гранки од земјоделието сепак зазема лозарството. Тоа е застапено во повеќе региони во Република Македонија, нормално, најповеќе тоа е во Тиквешијата, Кавадарци, Неготино, Велес, Гевгелија, Валандово, Штип и тн., што значи во други региони.

Според тоа, под лозов насад сметам дека имаме посадено огромни површини и некаде според наши сознанија околу 27 илјади хектари како винско грозје, така и она што значи трпезно грозје. Со продажбата на овие грозја односно како на асталските, така и на винските сорти на грозје, сметам дека во Република Македонија се остваруваат прилично големи девизни приливи и според наши сознанија, што од винските, што од трпезните значи во Република Македонија се реализира некој промет од цирка 250 милиони германски марки, од кои 70 милиони нормално тоа е некој влез од странство. Значи, прилично девизни средства. Според тоа, прашањето би гласело до министерот за земјоделство.

Дали има и до колку има каков е ставот на министерот за земјоделие по ова прашање, а особено дали ќе го помага развојот во лозарството и како смета да го помага тоа лозарство.

Потоа какви се можностите за кредитирање и подигање на лозовите насади, нормално под бенифицирани услови.

Потоа, каква е можноста за набавка на механизација, се мисли на тракторска и приклучна механизација, со овозможување на грејс периоди.

Дали е возможно и дали се размислува во таа насока грозјето да биде прогласено за стратешки производ, имајќи предвид како што реков претходно ситуацијата, можноста од прилив на девизни средства од таа дејност. Значи, преку овозможувањето на стимулација од еден до два денари по килограм. Ако имаме предвид дека ете така за тутунот се обезбедува по марки и тн., дали би можело во делот на лозарството и грозјето да се обезбедува по денар или два она што значи стимулации.

Во однос на наплатата на водарината, дали се размислува и таму да се прави нешто односно дали е возможно да се наплатува само она што значи постојан дел или она што значи варијабилен дел земјоделците да бидат ослободени, или евентуално ако неможат да бидат ослободени, таа да биде намалена барем за 50%. Потоа, дали во насока на ослободување и намалувањето на данок од доход за производителите на грозје и за производителите на продуктите од виновата лоза, т.е. вината и ракиите.

Дали е размислувано, дали така може едноставно министерот за земјоделие да ни каже дали може преку она што значи ослободување на репроматеријалите, препаратите и горивата, тие да бидат ослободени од царини и други давачки, како би можело производството на грозјето да се поефтини. Сето тоа, нормално, заради обезбедување на она што значи извозна ориентација на земјоделството и второ, да

се обезбеди конкурентската способност на нашите производи на европските пазари. Тоа би биле во делот на прашањето на министерот за земјоделство.

Второто прашање е до министерот за здравство. Имено, според Законот за здравствено осигурување приватните стоматолошки ординации, се изедначени, т.е. имаат ист законски третман со јавните стоматолошки ординации. Тоа е така според цитираниот закон, меѓутоа, во праксата имаме една спротивна ситуација. Имено, имаме една апсурдна состојба во примената на овој закон, затоа што ширум Република Македонија во овој момент има околу 13 приватни стоматолошки ординации, кои што работат според овој закон, т.е. се изедначени со јавните и тие имаат склучено договор за работа со Фондот за здравство. Додека, сите други приватни стоматолошки ординации иако тие немаат ништо против ваквите договори, спротивно на овие немаат заклучено такви договори. Значи на нив не е им е овозможено, на првите им е овозможено и важат договорите за работа со Фондот, додека за другите едноставно такви договори не е овозможено да се правата. Значи, едноставно Законот не е еднаков и не се спроведува подеднакво за сите од делот на стоматологијата. Досега, повеќе пати, приватните стоматолози имаат барано да склучат такви договори со Фондот, меѓутоа, тоа не им е овозможено, па според тоа прашањето би било.

Зошто се игнорира барањето на Стоматолошката комора на Македонија за склучување на договори со Фондот за здравство, со приватни стоматолошки ординации, заради нивно изедначување со јавните стоматолошки ординации, како што тоа е предвидено со законот. Морам да кажам дека со Законот за здравствено осигурување, исто така, пациентите имаат право да бираат матични лекари, па според тоа би можеле да изберат матичен забар. Значи би можеле да бараат како приватен, така и од делот на она што значи јавни стоматолошки ординации. Но, во праксата  едноставно тоа не функционира. Значи од една страна имаме обесправени корисници на услуги, пациенти и од друга страна имаме обесправени стоматолошки ординации.

Прашањето е, дали ваквата состојба со неприменувањето на цитираните закони ќе се толерира и до кога и дали ќе бидат преземени соодветни санкции за оние кои нема да го почитуваат спроведувањето на овие закони односно законски прописи. Значи, тоа е во делот на министерот за здравство.

Трететото прашање, иако имав намера тоа да биде насочено до Владата, но денес го преиначив и тоа ќе биде насочено до министерот за внатрешни работи. Бидејќи беше поставено едно прашање од страна на еден, условно кажано, пратеник

за наводните случувања во Гимназијата во Неготино од страна на тој пратеник Витанов за тоа дали имало пријави против “рекетарите”, затоа што наводно претепале 17 или јас незнам колку ученици во Гимназијата во Неготино. Прашањето е поставено и овде присутниот пратеник Витанов, за кој тврдам дека обратно тој е рекетар, не од наша страна рекетарството, затоа што во овој момент јас го поставувам прашањето што бараше тој во таа ситуација во Гимназијата во Неготино, што бараше неговиот син во канцеларијата на директорката и другите 50 ученици и едноставно кој беше организаторот на учениците. Повторно се поствува прашање, подоцна ќе имам и до министерот такви прашања, како тој се најде веднаш во Гимназијата и божем многу силен и јак физички да се пресметува лично со мене. Како тоа имаше младинци кои не се ученици во Гимназијата. Од каде родители кои што воопшто немаа свои деца да учат во таа Гимназија. Значи, лица кои го демолираа службениот голф, односно се поставува прашање кој го демолира службениот голф, кој во тој момент јас го возев и по чиј налог е демолиран и како знаеја учениците за отказните решенија за тројца професори кога тие беа издадени во сабота, а веќе во понеделник односно во вторник беше организиран штрајкот од страна на учениците, односно кој ги организира за време на викендот на тој штрајк.

На крај, зошто не се бунеа професорите кои добија отказни решенија, туку беа на преден план ставени учениците.

Сега, прашање до министерот за внатрешни работи.

Прво, дали има пријава против рекетарот и подбуцкувачот Витанов и неговиот син, кој го демолираше намештајот во канцеларијата на директорката.

Понатаму дали има за него кривична пријава, затоа што тој како пратеник професионалец сеуште зема парична надокнада од Здружението на возачите во Неготино од каде што и произлегува.

Второ, дали има кривична пријава против организаторите на штрајкот односно професорите Роска Кулатова, Зорица Глигорова и еден професор.

Трето, дали назначувањето Дуровиќ Нако денеска за директор на Гимназијата во Неготино претставува сатисвакција на власта за неговиот ангажман во штрајкот.

Четврто прашање, до каде е постапката по пријавата, тоа се службени пријави за 50 ученици кои кршеа и пријавите за граѓаните кои што воопшто немаа ништо заедничко со Гимназијата и случувањата во Гимназијата.

Петто, дали пратеничкаа функција на база на господинот Витанов е врз база на заслугите..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Тасев, во овој момент имате веќе десет ипол минути, а гледам имате уште прашања

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Имам само уште две реченици.

Дали пратеничката функција е на база на заслугите за штрајкот, затоа што според неговите стручни способности, јас се сомневам дека може да ја обавува оваа функција.

Шесто, има пријави против тројца полицајци и до каде е состојбата или работата со пријавите на полицајците.

На крајот сакам да кажам дека беа наречени од страна на господинот Новковски, беа наречени терористи тие, меѓутоа, денеска господинот Витанов со тие терористи седи во Парламентот. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Тасев, поставивте прашање до министерот за земјоделие кое ќе го одговори. До министерот за здравство поставивте прашање кое ќе го одговори. Споед мојата евиденција од 7-те прашања кои ги поставивте до министерот Костов, му давам за право да си одбере само едно на кое ќе одговори, другите 6 не ви ги признаваме, бидејќи немате право на 10 прашања, туку на три.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Сите тие прашања се врзани за инцидентот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дозволете ми да оценам дека не беа потпрашања, туку дека се седум различни прашања за седум различни луѓе во седум различни случаи.

Господинот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство има збор да одговори на првото прашање.

СЛАВКО ПЕТРОВ:

Суштински прашањето е едно како треба да се помогне на земјоделието, особено во делот каде што се однесува за лозарството, а потпрашањето се однесува исклучиво во функција на главното прашање.Ќе се обидам по ред да одговорам.

Прво е прашањето дали мож да се помогне со кредити. Да, може, во системот на земјоделието во Република Македонија постои фонд за земјоделство, кој што

помеѓу другото, во рамките на овластувањата има право да дава кредити и помош. Покрај тоа, државата Република Македонија и тоа како во претходниот состав, така и сега обезбедува и се труди максимално да обезбеди поволни кредити во кои ги вбројувам и ИФАД-1 и ИФАД-2, од кои што првиот веќе е во тек и е реализиран околу 35%, додека вториот треба да стартува некаде во почетокот на март и некаде при крајот, доколку не се зголемат или не се појават некои пречки. Значи од страна на државата е обезбедена кредитна линија, која што може да ја користат по многу поволни каматни услови корисниците на кредити.

Третото потпрашање беше прашањето дали може да се смали водарината на 50% на лозарите. На ова прашање ќе се воздржам од одговор, кој што ќе биде дециден, само ќе кажам дека во изминатиот период според евиденцијата што ја води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, стои фактот дека наплатата на придонесот за вода од претходниот период изнесува само 7%. Значи 93% водокорисниците избегнуваат да го плаќаат придонесот. Дали тоа се должи на јавните повици што непосредно пред изборите беа упатени да не се плаќа вода или на нешто друго или пак на сиромашните и лошите години тоа нема да го коментирам, меѓутоа факт е дека состојбата е таква. Во тој дел заради подобрување на системот за снабдување и на наплата на придонесот, минатата седница, само да ве потсетам, беше на дневен ред Законот за водни заедници, во кој што се уредуваат односите во испораката и користењето на вода. Тоа е закон кој што го бара Светката банкаи која што ни постави строги рокови, заради користење на средствата од истата, заради реализација на проекти. Ние, тоа го испочитувавме и се надеваме дека со донесувањето на тој закон, кој што во Собранието беше одлучено да оди во две фази и по наш предлог, мислам дека конечно таму ќе се стави ред и таму ќе се наоѓаат решенијата околу тоа кој колку треба да плаќа, дали во износ од 100%, дали сталени или променлив дел.

Следното потпрашање беше дали и колку може да се помогне со земјоделски машини. Да потсетам, во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во тек е последната реализација на Проектот ВКР-помош на Јапонската Влада за зголемување на земјоделското производство, во кој што се распределени 450 трактори, од кои што последните 72 се сега. Само за илустрација во тој дел од стасаните обврски досега од тие 380 луѓе што зеле трактори, платени се само 20% од стасаните придонеси, а стасаните придонеси, според договорот, односно стасаните рати, се ставаат во посебен револвинг фонд од кој што потоа повторно се инвестираат под исти такви услови, заради други земјоделци да им се

даде таква механизација, под исти услови под кои ги добиле првите 380 односно 450. Јас, еве, оваа прилика ќе ја искористам, без оглед што ќе правиме се таму и што ќе биде многу тешко да ги одложиме тие плаќања, сепак, тој придонес треба да се плаќа и да се враќа за земените машини, затоа што тој придонес, практично, ќе се купуваат нови машини кои што им се потребни на други илјадници земјоделци. Ако тој круг се заврти три до четири пати, можеме да замислиме дека ќе се обезбедат две или три илјади трактори кои што ќе бидат од голема помош. Тоа е многу важна околност, која што во овој момент ја користам да ја истакнам.

Конечно, прашањето за финансирањето во земјоделието ќе се реши со посебен закон, што е императив, односно барање на Европската Унија, тоа е закон за финансирање на земјоделието, во кој што финансирањето нема повеќе да биде по единица производ, како што беше спомнато по два денари, по три денари од килограм производ, туку финансирање во инфраструктура, финансирање во кредити, финансирање во квалитет односно во извоз. Или, како што го направија оние што се пред нас во Европа, во овој момент тоа се Словенија, Хрватска, по единица земјишна површина се дава одредена стимулација за одредени производи на хектар, на декар, на ар или слично, односно по единица грло крупна или ситна стока. Меѓутоа, финансирање и помош по единица производ, мисли за извоз односно по единица готов производ со договор за Светска трговска организација, е забранет. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен господине Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Добро, генерално сум задоволен од одговорот на министерот, меѓутоа со мала задршка по однос на прашањето за водарината. Сметам дека тоа ниту е предизборен маркетинг, ниту е врзано за маркетингот, туку едноставно водарината според вашиот податок каде што се наплатени само 7%, сметам дека тоа е резулат, пред се, на високата цена, како на она што значи стален, така и варијабилен дел за наплата. Според тоа, доколку во тој правец размислувате околу намалувањето на водарината, сметам дека не би била проблем наплатата на водниот надоместок. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине министре, мислам дека нема дополнително прашање. (Нема)

Благодарам.

Второто прашање, господинот Селмани, министер за здравство.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Во врска со прашањето на пратеникот зошто ни се случуваат договори помеѓу стоматолошките ординации, стоматолозите и Фондот за здравствено осигурување и бројката што беше спомната од 14, навистина се добива  еден впечаток дека се во една нерамноправна положба со другите. Поради тоа што, сега моментално ги немам податоците зошто се прави така и ако се прави зошто, затоа што договор се склучува помеѓу Фондот за здравствено осигурување и стоматолозите, тогаш за поточно да му одговориме на пратеникот, одговорот ќе биде писмен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сепак, ќе добиете писмен одговор.

Господине Костов за сето од 7 прашања под број 3.

ХАРИ КОСТОВ:

Потпретседателе, јас нема да одберам едно на кое ќе одговорам, затоа што на еден начин  ова беше покренато и од претходните пратеници и рековме дека за тој дел има поднесено прекшочни и кривични пријави. Меѓутоа, за да не обвинуваме луѓе сега, да не си играме со имиња на луѓето, рековме дека  ќе доставиме писмена информација со точно сите бројки. Меѓутоа, би замолил во иднина пратениците кога поставуваат прашања барем за МВР, да не поставуваат вакви потпрашања, кои што воопшто немаат никаква допирна точка со МВР. МВР неможе да оценува дали некој заради политички заслуги  станал пратеник, дали некој пратеничката функција или директорска функција е награда за едно или за друго, тогаш кога за МВР се бараат конкретни прашања, да се бараат од аспект на надлежноста на МВР во дел на законските овластувања и надлежности кои што ги имаме. Исто така, некој не верува дека она што беше поставено од пратеникот како можело да се разбере дека решенијата  потпишани во сабота, ќе се разберат во понеделник или во вторник. Решенијата треба да си бидат законски и ако е се во ред, не е никаков проблем, бидејќи вечерта во саботата ќе била дознаена. Меѓутоа такви работи не се во надлежност на МВР да ги оценува и да дава свои ставови. Според тоа, за она и за сите седум потпрашања од ова делче, она што е од надлежност на МВР е биде содржано во писмениот одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали се поднесени кривични пријави со конкретните имиња и тн., ќе му одговорите.

Господин Невзат Бејта.

Писмен одговор ќе ви даде. Кога ќе го добиете одговорот по прашањето, ќе добиете и право да кажете дали сте задоволни или не.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам и сите ве поздравувам.

Првото прашање е упатено до министерот за финансии. Се работи за законот кој е донесен на 2 август 1944 година, Законот за национализација. Со овој закон им се нанела голема штета на граѓаните на Македонија, каде е спроведено одземање на приватната сопственост од приватни лица кои со пожртвуваност ја имаат создадено таа сопственост, тој имот и најголема штета им е нанесена на верските заедници, посебно на исламската верска заедница која во сопственост има голем имот и тој имот е познат под името вакф. Вакфите се имоти кои им припаѓаат на верските институции, на џамиите и на теќето. Досега властите кои владееле не направиле ништо во оваа насока што се однесува до враќањето на имотот на верските институции меѓу нив и на исламската верска заедница. Тука се јавуваат голем број на проблеми затоа што во градовите каде што исламската верска заедница има голем имот затоа што не е направена денационализацијата така како што пропишува законот, за измена и дополнување на Законот за денационализација се јавуваат урбанистички проблеми затоа што тие градови не можат да се регулираат така како што треба, да имаат изглед на градови од развиените земји. Законот треба да се почитува. Доколку тоа така биде, тие градови ќе го преземат имиџот на цивилизирани и развиени градови.

Прашањето е дали исламската верска заедница, или и на другите верски заедници им е вратен имотот во согласност со одредбите од Законот за денационализација. До колку тоа не е направено, кои се причините поради тоа? Колку е направена поделбата на сопственоста на национална основа, односно сакам да запрашам колку албанци ги имаат повратено своите имоти во согласност со Законот.

Другото прашање, го упатувам до министерот за внатрешни работи Хари Костов, иако тој е запознаен, но сега сакам и пред највисокиот законодавен дом сакам да го запрашам, во текот на владеењето на минатата Влада, целата Влада, но пред се Министерството за внатрешни работи го нарушуваше Уставот и Законот. На арбитрарен начин беа затварани албанци и семејствата кои што ги немаат своите најблиски, имаат аргументи во оваа насока и имаат докази дека членовите на нивните семејства се уапсени од припадниците на Министерството за внатрешни работи, а се знае кој беше во тоа време министер за внатрешни работи, имаат

аргументи, одржливи аргументи за тоа. А освен тоа извештајот на Комисијата за исчезнати лица го покажува тоа дека сите граѓани, сите албански граѓани во кризниот период односно воениот период беа апсени од органите на Министерството за внатрешни работи. Во тоа време на чело на овој ресор беше поранешниот министер за внатрешни работи сегашен пратеник господинот Љубе Бошкоски. Тие лица се Ајредин Халими од Скопје кој беше земен од дома од полициските органи заедно со неговиот брат и неговиот син. Братот и синот биле ослободени, а за него до ден денес нема информации. Султан Мемети од Струга исто така бил затворен од струшката полиција, Ибрахим Велиу и Беќир Велиу се уапсени, затворени заедно со еден бугарски државјанин во Струмица. Ислам Велиу исчезнал без траги а пат одејќи од Гостивар кон Кичево и Ружди Велиу е затворен од страна на полициските органи, а како материјален доказ постои и возилото кое и ден денес стои во битолскиот затвор. За сите овие лица кои беа споменати ние имаме аргументи, имаме докази дека тие лица се уапсени, а не киднапирани. И тоа уапсени се од легитимните органи на државата. И доколку сакаме да имаме држава, тогаш државата треба да делува на еднаков начин со сите граѓани, а не да се вршат поделби, да се прави разлика на национална основа. Државата и полициските органи кога апсат многу добро ги знаат правилата како се врши тоа. Прашањето до министерот за внатрешни работи е со оглед на фактот дека имаме аргументи, што е превземено против поранешниот министер за внатрешни работи кој во текот на неговото водење на ова министерство на арбитрарен начин вршеше апсења и киднапирања во некои градови и сеуште за нив нема никакви податоци за тоа каде тие се наоѓаат.

И последното прашање, односно третото прашање се однесува на министерот за одбрана. Со оглед на фактот дека се знае дека во минатото, а во иднина се надевам дека ситуацијата ќе се подобри, албанските граѓани не биле третирани како што треба при служењето на воениот рок и еден голем број на албански младинци го немаат отслужено воениот рок. Барам информација за бројот на лицата кривично казнети и кои се кривично гонети за неодслужување на воениот рок и тоа врз основа на националната припадност. Сакам тоа да биде и писмено и усно одговорено.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Законот за денационализација е познат и по него во изминатиов период претходната Влада постапуваше реализирајќи дел од барањата на граѓаните. Законот за денационализација таков каков што е продолжува да се спроведува со

обврските кои што произлегуваат од него. Морам да кажам не сме правеле статистика на колку албанци им е вратен имот, на колку не и колку поднесоци има и дали воопшто има од верски заедници во овој момент. Меѓутоа, прифаќаме обврска да направиме еден конкретен извештај и за наредна седница на почитуваниот пратеник да му дадеме прецизна информација во врска со тоа.

ХАРИ КОСТОВ:

Прашањето беше можеби малку поконкретно насочено само за една личност. Меѓутоа јас ќе одговорам малку пошироко во овој дел.

Прашањето на исчезнатите лица од конфликтот во 2001 година за нас во МВР е еден од приоритетите. Притоа, воопшто не правиме разлика дали се однесува на исчезнати лица, затоа што имаме 12 исчезнати лица македонци и 6 лица исчезнати албанци. Морам да кажам дека тоа е еден од приоритетите на МВР во кој што за жал иако имаше и други изјави и најави, во документацијата во Министерството за внатрешни работи не постојат доволно документи поврзани со тие настани. И колку и да е можеби кај еден дел од исчезнатгите македонци факт е дека за тоа и тешко би можело да има документација во МВР, сепак е точно дека кај дел од исчезнатите албанци на определени места биле вклучени и активности на полицијата. Меѓутоа, и за сите овде и за сите, ние во Министерството во текот на оваа постапка имаме добиено определени сознанија за некои настани. Меѓутоа, еве, прв пат овде јавно кажувам, немам никаква намера било каков документ и сознание да откриеме додека не се постави прашањето на еднаков третман на исчезнатите од двете страни. Што значи мора да добиеме информации и од едната и од другата страна и да биде решавање во целината на проблемот, а не да биде решавање само на еден поединечен случај и тн. Во оваа активност е вклучена и Меѓународната комисија за исчезнатите лица. Она што ние како проблем во почетокот го имаме е една одбивност кај роднините и на исчезнатите македонци и на изчезнатите албанци да дадат крв со кое што можеби определени тела кои Министерството, односно Институтот за судска медицина располагаат со определени современи методи би можело да се утврди дали потекнуват од некои од тие личности. Затоа што мислам дека за сите во Македонија приоритет околу ова прашање треба да биде откривањето на вистината, односно дали се тие луѓе помеѓу живите, или не се, затоа што мислам дека предолго оставивме и за исчезнатите македонци и за исчезнатите албанци, нивните семејства да шетаат само по различни институции во државата и да не добиваат правилен одговор на своите барања. Според тоа, за жал, сеуште

немаме респузивност кај дел од роднините, заради тоа и целокупниот процес е блокиран околу давање на крв. Ние обезбедивме и научни мислења. Таа крв беше околу барањето за извршување на определени ДНК анализи. Постои една бојазност кај роднините дека давањето на крв може да биде злоупотребена со тоа што може да се даваат други тела и да се жали за некој друг, наместо наводно некој од исчезнатите роднини. Меѓутоа обезбедивме стручни и научни мислења со кои што се укажува дека нема теоретска шанса во светот да се поклопат две ДНК анализи и дека тоа е практично невозможно и таквата ДНК анализа би укажала на вистината околу настаните.

Би се вратил само уште еднаш на почетокот дека во Министерството, сакал некој да признае, или не, немаме доволно документација ниту околу едниот, ниту околу другиот случај. Според тоа, она што Владата размислува, а за тоа што во ова Собрание како што и пратеникот Бејта сега спомна, има многу личности кои во тој период беа на определени функции, беа дали на функции во државните институции, беа на функции во тој период во ОНА.

Владата сериозно размислува да предложи пред ова Собрание еда мешовита владина парламентарна комисија во која би учествувале токму лицата кои што во тој период беа на определени функции кои за сите овие настани сигурно дека имаат повеќе информации во однос на она што ние во Министерството за внатрешни работи го имаме. И тука мислам повеќе информации и за делот на изчезнатите македонци и за делот на исчезнатите албанци. Според тоа, тоа би бил некој наш предлог на крај околу формирање на една таква владина парламентарна мешовита комисија која би работела, почнувајќи од извештајот, па и околу документацијата и околу обезбедување на дополнителни докази.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Делумно сум задоволен. Но, во случајот на апсењето на албанските граѓани се работи за држава, за државни органи и се знаат кои се државните органи. И самите семејства имаат силни докази дека нивните членови на семејства биле уапсени од државните органи. Затоа тука министерот за внатрешни раоботи треба да ги земе на одговорност луѓето кои биле на водечки позиции, на власт, а кога биле правени тие апсења, кога биле вршени тие апсења. Мене ми е жал и за

македонските граѓани, меѓутоа, нема докази и аргументи за тоа кој ги има апсено, или затварано македонските граѓани. А кај албанските граѓани постојат такви аргументи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мислам дека ви даде одговор, дека нема документација.

ХАРИ КОСТОВ:

Околу делот на тоа дали од страната на МВР луѓе кои тогаш учествувале факт е дека немаат таква документација. Дали е таа уништена, или не, тоа е друга работа. Дали ние околу тоа ќе формираме посебни комисии и изјави и тн. е уште една работа. Меѓутоа, основното што уште еднаш сакам да го потенцирам, не може да се случи, барем јас немам такво размислување дека ќе решаваме само случај по случај од една, или од друга страна. Според тоа, ако овде беа вклучени да речам органи на МВР, или органи на власта, во исто време од друга страна беа вклучени други луѓе за кои што и во самиот извештај се споменуваат како поединци и како луѓе за кои постои сомневање. Според тоа, мора барем мое мислење е дека една таква владина парламентарна комисија мора да дојде до вистината за сите случаи и одеднаш да излеземе со вистината за сите случаи, а да не се злоупотребуваат од аспект на политики судбината на овие исчезнати лица па да се препукуваме околу тоа кој, што направил и тн.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е поставено до Министерството за одбрана.

На прашањето ќе одговори господинот Ризван Сулејмани, заменик министер.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Факт е дека тој проблем е уочен со измените и дополнувањата на Законот за одбрана, јавно беше кажано од страна на министерот дека ние како Министерство го имаме уочено тој проблем. Имаме точни податоци колку се потенцијални граѓани да дојдат до судир со постојната законска регулатива, колку од нив имаат веќе изречена казна дури и со затвор. Но, не би можел ова да ви го кажам точно во моментот. Затоа за овој дел ќе дадеме писмен одговор.

Инаку, што се однесува, дали ние бараме можност и начин и како да го решиме овој проблем кој веќе го уочивме и за кој констатиравме дека треба да се

најде решение. Има владина одлука и формирана е меѓуресорска комисија која треба да ја проучи целата законска регулатива на кој начин да се реши овој проблем. Така што во Министерството за правда колку што јас имам информации веќе е почнато и се бара решение. Иако ќе мора да се видат сите можни решенија и кои се закони, кој е тој закон што треба да се промени, или пак можеби треба комплетно нов закон со што ќе бидат опфатени овие лица и ќе можме да најдеме законско решение.

Инаку за делот за точните податоци колку ги има, ќе ви дадеме писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

Сега ќе се вратиме на овие два писмени одговори што ги добивме. Министрите се тука.

Пратеникот Спиро Мавровски треба да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија. Ако не сте задоволен можете да поставите дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас гледам дека тука е потпишан министерот на овој одговор. Но, мислам дека и тој не е запознат со фактичката состојба. Бидејќи одговорот го добив денеска пред самата седница успеав да видам дека стои, во 22 подружници се издадени вкупно 123 решенија за измена на раководните тимови на истите, а во РЕК Битола се издадени 20 решенија. Јас мислам дека ова е многу далеку од правата вистина и од правата бројка. Можам да зборувам за РЕК Битола и затоа сакам министерот да не биде донесен во заблуда, овие податоци што се донесуваат и што се препраќаат кај него би замолил да има потпис од кои се овие изработени и кој ги испраќа. Тоа е прво.

Во објаснувањето стои, распоредување на работници кои во претходниот период биле распоредени на работни места со повисок степен на стручна подготовка од степенот кој го поседувале. Мислам дека вакви работи има многу малку, или речиси воопшто. Се работи за политички реваншизам, тоа е сигурно, затоа што тука не разговараме за директори и управни одбори и помошници на генералниот директор, туку разговараме за луѓе кои што биле на своите работни места некои 20, а некои повеќе од 20 години. Значи стручни луѓе кои што ги

извршувале своите задачи стручно, но, еве, стигнале во ситуација поради некој политички реваншизам денес да добијат решенија со кои што се преместуваат на работни места за кои што воопшто и не се оспособени. Се работи за луѓе инжињери, се работи за бравари, за електричари, за стражари, за пожарникари и не знам уште што не од луѓето кои што се вработени во Електростопанство и посебно во РЕК Битола. Тука стои во објаснувањето дека биле пронајдени и некои фалсификувани дипломи, па токму поради тоа се издадени други решенија и овие луѓе се вратени на местата каде што требало да бидат. Јас би посакал од Министерствто за внатрешни работи да го имаме и овој број на луѓето кои што имале вакви фалсификувани дипломи. Но, би побарал од министерот една многу поточна информација после која би разговарале, еве нека биде попрецизно само за РЕК Битола, затоа што Електростопанство е гигант во кој што тешко ќе можат и да се добројат луѓето кои што се променети.

Но има едно друго прашање на кое што министерот минатиот пат не одговори. Тие беа многу прецизни се бараат бројки, а тоа значи колкаво е дневното производство во нашиот електроенергетски систем. За ова не добив воопшто, никаков одговор. Значи, колкаво е дневното производство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За тоа ќе има посебна процедура, само да се задржиме за ова што го добивте.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Значи ова што го прецизирале за РЕК Битола немам никаков одговор ни усмено ни писмнено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатиравме на почетокот дека само 5 прашања од сите поставени, меѓу двете седници не се доставени одговорите. Тие 5 ќе ги преврлиме.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господинот министер кој што е меродавен и најодговорен за енергетската состојба во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мавровски Вие имавте три минути, имавте право на три минути, потпрашања за писмениот одговор што во меѓувреме го добивте.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Бидејки имаше и едно прашање, јас имам одговор и за господинот министер по седницата би сакал да му кажам. Се извинувам што одземав драгоцено време.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

По седницата , мојот кабинет овде е на располагање седнете и договорете се. А за дополнителното прашање господинот Филиповски има право на одговор. Јас колку што сватив се негираат наодите од одговорот.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Прво сакам да кажам дека овој писмен одговор е потпишан од мене, како министер за економија. Према тоа, јас стојам зад одговорот што е даден. Одговор укажува на прашањето кое беше поставено, се работи за прераспредување во основа на вработени кои се со несоодветна стручна подготовка за местата кои ги завземале. Тоа е основно и второ, имаат одредени дипломи кои биле фалсификувани, за кои се води постапка и во Министерството за внатрешни работи.

Битно е во сето ова дека постојат 52 приговора на работници до Комисијата за заштита на правата, од кои за 13 се уважени, 14 приговори се одбиени, 4 се беспредметни, а 4 се делумно уважени. Према тоа, прашањето како беше поставено во Министерството за економија го достави и ние стоиме зад овие податоци кои се дадени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во меѓувреме добиен е писмен одговор по прашањето од госпоѓа Емилија Костадинова.

Ве молам госпоѓата Костадинова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски на прашањето и ако не е да постави дополнително прашање.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Во меѓувреме, го добив точно одговорот на моите две прашања поставени на првата седница во месец јануари кои се однесвуаат до министерот за транспорт и врски.

Првото прашање е поопширно одговорено, бидејки делумно е земено предвид она што ми беше во прашање, делумна реконструкција на таа делница и нормално , јас можам да бидам делумно задоволна, а не целосно. Но секако одговорот е дека таква е состојбата со средствата во Фондот и дека поголем дел од таа делница не може да се реконструктуира.

Додека вториот одговор е целосно негативен јас би замолила, би апелирала до министерот од соодветното министерство, бидејки оваа иницијатива за изградба на таа заобиколна делница од Собранието на општина Виница од граѓанит еод улица “Браќа Миладиновци” низ кој што минува магистралниот пат низ центарот на Виница и Гимназијата “Ванчо Прке” каде што има голема фреквенција секојдневно од ученици, а спомнав дека иницијативата е покрената од 1988 година до сега не се наишло на можност за нејзина реализација, а тоа се работи за многу мал пат, едно 3-4 километри, кои што многу ќе ги олесни проблемите од безбедностен аспект, а исто так аи од еколошки аспект и во наредниот период, барем да се има предвид, бидејки оваа заобиколница во источниот регион ќе биде и едно решение кое што ќе придонесе едно населено место кое што веќе е меѓу последните каде што нема заобиколен пат тоа да се реализира.

Зато би апелирала во наредниот период Министерството да го има тоа предвид.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ајдини, колку што разбрав од одговорот е задоволна пратеничката, меѓутоа не е задоволна од тоа што е реалноста во одговорот и апелираше до Вас да превземете мерки. Не гледам тука дополнително прашаер, освен апел да се превземат мерки. Ако сакате, можете да коментирате се разбира.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Во врска со првото прашање тоа делумното е во склоп на комплетното. Меутоа, кај второто прашање конкретните работи зависат многу од финансиските средства, за да го имаме предвид тоа ќе го имаме, меѓутоа, ќе зависи многу од финансиските средства што ќе ги имаме за таа намена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега е на ред господинот Исмет рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Ви благодарам господине претседателе.

Јас мислев денеска да поставам три прашања од кои две би биле од политички карактер, а едно од друг карактер.

Првото прашање сакам да го насочам до премиерот, меѓутоа со оглед на фактот дека премиерот не е тука, а тука е вицепремиерот, ако мисли господинот Гошев дека може да одговори на прашањето, тогаш може и тој да одговори.

Во последно време сме сведоци на една институционална соработка со Албанија, Србија, Бугарија, Грција што фактички оди во прилог на тоа што се анрекува европска интеграција преку една добра регионална соработка овде.

Меѓутоа, имам впечаток дека и натаму имаме предрасуди, или има некое табу дека не треба доволно да се соработува со косовските институции. Јас бев радосен кога една посета беше реализирана од страна на министерот за одбрана господинот Бучковски. Меѓутоа и натаму остануваат некои дилеми зошто средбата беше реализирана само со господинот Штајнер, а не и со легитимно избраните претставници на Косово. Ова го кажувам со добра намера и фактите се следни: Дека доколку има институционална соработка со легитимните институции и на Косово, тогаш сум убеден и ова го кажувам со целосна увереност дека тоа ќе користи за стабилност на регионот но и тука.

Моето прашање до претседателот на Владата реков доколку потпретседателот на Владата чувствува дека може да одговори, а се мисли и се планира премиерот Црвенковски со ресорните министри да реализира односно дали планира да реализира средба со премиерот на Косово и со министрите од разните ресори.

Второто прашање, овие денови беа реализирани две средби да кажам, доста добри средби меѓу претставниците на албанските институции од Република Албанија и институции од Република Македонија меѓу Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи. Добивме некои информации вов рска со ова од медиумите меѓутоа, го задржувам правото како пратеник или ние како пратеници да имаме повеќе информации на пример, во однос на тоа што било тема на разговор, или кои биле теми на разговори меѓу министерот Хари Костов и министерот за јавен ред на Република Албанија господинот Луан Рама.

Ова прашање, се разбира, му се поставува на министерот Хари Костов.

Третото прашање кое доаѓа од луѓе кои се заентересирани за прашања кои мислат дека нивните пратеници треба да ги постават и врз основ ана тоа ќе поставам и едно прашање вов рска со штетите кои беа направени во текто на кризата, на конфликтниот судир односно останвуањето на резервистите, нивнито претстој во зимскорекреативниот центар во Шапка. Луѓето се заентересирани за штетите што беа направени. Се знае тие што ги нанеле тие штети. Сега прашањето се поставува која е таа институција која ќе ги обештети сопствениците на викендиците на Попова Шапка.

Мислам дека прашањето и тука треба да се упати кон министерот Хари Костов и по можност би сакал одговорите да ги добијам усмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И да не сакате штом сте на седница и усмено сте ги поставиле, усмено ќе ги добиете, освен ако министрите не одлучат поинаку.

За првото прашање господине Рамадани ме известија замениците од Владата кои имаат право да определат министер во име на премиерот дека ќе одговори госпоѓата Митрева, министер за надворешни работи.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Точна е констатацијата коај се содржи во делот на прашањето на господинот Рамадани дека Македонија е учесник во една динамизирана регионална соработка во која што се разгледуваат сите прашања од взаемен интерес со соседите, а и во поширокиот регион и која што соработка практично се одвива на тоа што се индивидуални остварувања по патот кон европските и евроатланските интеграции. Една динамизиран аи регионална соработка се гледа и од нашиот став кон добрососедството. Притоа, сакам да потсетам дека Република Македонија како и Европската Унија, но и како севкупната меѓународна заедница се залага за целосна и доследна имплементација на Резолуцијата 1244 наСоветот за безбедност. Во овој контекст можеби е добра приликата, повторно да ја изразиме подршката на активностите на администраторот Штрајнер за враќање на мирот и безбедноста , почитување на владеењето на правото, создавање услови за враќање на бегалцит еи раселените лица на Косово, како и за изградба на мултиетничко се разбира, демократско мултиетничко општество.

Цениме дека вистинското прашање во односот на македонија кон сите овие активности е всушност формулата стандард пред статус, во која ќе се овозможи Косово да биде територија во која што демократските институции и владеењето на

правото ќе излезат на прв план, односно дека оргаизираниот криминал, нема да претставува закана за регионот во целост.

Притоа да кажам дека не ми се познати елементите од наредната агенда на премиерот. Ова прашање ќе треба нему да му се упати.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Рамадани дали сте задоволни од одговорот.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Јас се извинувам можеби не ја видов госпоѓата Митрева тука и добро е што одговори на еден дел од прашањето, меѓутоа, премиерот не е тука, делот кој остана во врска со агендата на негови понатамошни средби како премиер и за неговите планови би очекувал во таа насока писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека Ви е даден веќе усмен одговор ова можеме како дополнително барање и како дополнителен одговор тука завршува.

Дали госпоѓа Митрева на ова имате дополнителен коментар или не.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Јас колку што знам таков план во Програмата на премиерот нема, меѓутоа, немам мандат да одговарам во негово име за овој дел од прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Само тој дел од прашањето ќе го третираме до премиерот ќе ви даде писмен одговор со оглед дек ане е тука, бидјеки е лично упатено.

На второто прашање ќе одговори господинот Хари Костов министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Се случи во текто на минатата сабота да имаме заеднички средби со Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Република Албанија во Охрид и Струга и состанок помеѓу Министерството за одбрана на двете држави во Подградец.

Јас би се задржал само за делот што беше договорено во соработката на Министерството за внатрешни работи од двете држави.

Оваа средба беше остварена по наша иницијатива и спаѓа во делот на проширување на регионалната соработка, значи и билатералната соработка со Република Албанија во нашиот дел, меѓутоа и регионалната соработка, затоа што такви претходни посети имавме и во Југославија. Планирам епосети и размена на соработка со Република Грција, Бугарија, Украина, Молдавија и т.н. Впрочем, на таква регионална соработка не упатуваат и заклучоците од Лондонската конференција за спречување на организираниот криминал и корупцијата и токму во тој дух беше и оваа средба која што ја имавме со колегата од Република Албанија. Основните работи кои ги договоривме е потпишување на договор за соработка помеу министерствата на двете држави, во поглед на размена на информации, борба против организираниот криминал и корупцијата, тероризмот, трговија со луѓе и дрога и во текот на оваа недела ние веќе доставуваме писмен предлог со работна верзија до Министерството за јавен ред и мир во Република Албанија кој што понатаму ќе биде предмет на усогласување, потпишување и целокупен процес на ратификација преку парламентите на Република Албанија и Република Македонија.

Понатаму, исто така беа договорени и конкретни планови околу заеднички соработки и акции и тоа не само на Министерството за внатрешни работи, туку и на регионалните сектори за внатрешни работи, а тоа значи дирекна соработка помеѓу Секторот за внатрешни работи во Охрид, Подградец и така натаму, градовите кои се на границите на двете држави.

Исто така, беше констатирано од страна на двете делегации дека прашањето на безбедноста во Република Македонија е едно од основните прашања и за целокупниот регион и дека тоа ќе биде предмет на интерес не само за заедничка соработка на министерствата од двете држави и исто така беше заеднички констатирано дека сите тие идеи околу наводно големи албании, големи македонии, и големи србии се веќе идеи на минатото, во кои што ни во еден случај таквите идеи не се покажаа дека барем на теренот на Балканот ќе успеат да се остварат и дека и двете држави фактички работеле само на примена на заеднички критериуми и стандарди, кои што сите нас може да не одведат до таа голема Европа, а не на некои поединечни големи територии. Тоа е јасно дека од таа страна е осуден и оценет како терористички акт на чинот на експлозивната направа во судот во Струга.

Исто така, беше обвинет и чинот за експлозивот поставен експлозивот во Основниот суд во Струга и беше договорена размена на конкретни информации на лица за кои што или постојат потерници од страна на Република Македонија, а се наоѓаат на територија на Р.Албанија и обратно за лица за кои што во Република

Албанија постојат потерници а може би се кријат на територијата на Република Македонија.

Исто така, заеднички беа осудени било какви манифестации , појави, најави на АНА за која што заедно од двете страни беше договорена соработка околу преземање на конкретни активности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволни од одговорот?

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање за надомест за штетите беше поставено до министерот за внатрешни работи, и ќе добиете одговор од господинот Костов Хари.

ХАРИ КОСТОВ:

Во текот на минатата недела имавме некои предмети кои што беа организирана акција во Тетово и на Попова Шапка во неколку објекти во кои беше извршено препознавање на предмети кои беа одземени од сстрана на определени викендици и објекти на Попова Шапка. Во моментот го немам точниот список на објекти и на утврдените штети и математиките кои по тој основ треба да се направат, па според тоа за тој дел би дале писмен одговор во рокот предвиден со Деловникот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, ќе добиете писмен одговор.

Има збор г-динот Ружди Матоши.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ги поздравувам присутните пратеници, ве поздравувам вас г-дине претседател.

Јас имам три прашања.

Првото прашање ќе го упатам до Министерот за здравство г-динот Селмани. Прашањето гласи:

Вие господине министер со оглед на фактот што сте на чело на ова министерство можете да ни кажете во каква позиција се наоѓаат албанците во оваа област, доколку е можно со точни статистики, статистички податоци, затоа што албанците точно во Министерството кое што вие го водите се запоставени. Ова би сакал да го поткрепам со неколку факти кои се доста релевантни.

Во Здравствениот центар Гостивар 30 вработени се отпуштени на арбитен начин .Тоа се лекари и медицински сестри.Како ќе го објасните нивното отпуштање од работа?

Друг факт г-дин министер е како стои работата со вработување на албанци во државните клиники. Ние знаеме, како што вие знаете дека ние сме ве вработиле вас, ДПА ве има вработено вас лично, така имаме вработено и осум албанци лекари кои се со решение а сега тие се влечат по ходници и немаат никаква позиција.

Друг факт кој покажува дека вие не сте достоен да ги вршите работите на ова министерство е дека во управните одбори во клиниките албанците се исто така, хендикепирани. Едновремено во управните одбори на аптеките сега има една програма за државните аптеки кои ќе се приватизираат и албанците мораат да бидат присутни.

Имам прашање на кое што сметам дека сега би било добро да ни одговорат министрите албанци, кој сака од нив, може и заменик премиерот, вице премиерот писмено доколку вие не можете.

Барам, за поранешните припадници на ОНА програма за нивна ресоцијализација. Прашањето е дали имате некоја програма за ресоцијализација на поранешните членови на ОНА. Ова го поставувам затоа што на едностран начин се носат одлуки за припадниците на единиците за брза интервенција. Значи за нив ќе има вработување, ќе има работа, а парадоксот е најголем затоа што за припадниците на ОНА веќе се подготвуваат списоци и се доставуваат до границите, до полициските станици и се очекува нивно апсење во разни форми.

Третото прашање би го упатил до претседателот на парламентот, затоа што претседателот на парламентот во континуитет го газеше Уставот. Јас имам доставено барање за визит картите кои треба да ги има секој пратеник. Моето барање е да имам визит карти на албански и на англиски јазик, а исто така, визит карти на македонски и на англиски јазик. Мене ми е обезбедена и овозможена визит карта само на македонски и на англиски јазик.

Од претседателот на парламентот исто така мојот колега Халими побара на една седница одговор на прашање доставено до директорката на МРТВ да врши превод и директен пренос на парламентарните заседанија на овој телевизиски канал. Одговорот на претседателот на парламентот беше многу краток дека тоа многу брзо ќе се реализира на 15 март ќе поминат шест месеци и сеуште нема ништо во таа насока, а помина месец дена од ветувањето на претседателот на парламентот и ништо не се случи во оваа насока. Не е добро кога некои сакаат ова

прашање да го покренат на ниво на преговори. Ова е многу мал проблем и не треба воопшто да се дискутира на високо ниво за пренос на сеансите на албански јазик на третата програма.

Исто така, барав карактеристиките на канцеларијата на пратеничката група на ДПа во Парламентот што се истакнати пред вратата да бидат на албански јазик и нашите податоци кои ги доставуваме, мислам кои пратениците на ДПА ги доставуваат на албански јазик се во согласност со Уставот и не треба да се одбиваат.

(На пратениците од говорница покажува некои документи).

Сето ова што го покажувам, значи сите овие треба да се даваат и на албански јазик и картичката пред канцеларијата и визит картите и овие формулари со кои се бараат податоци на пратениците.

Ова го велам затоа што тоа е во согласност со член 5 алинеја 2 од Уставот на РМ, каде се вели дека секој друг јазик кој го говорат над 20% на граѓаните е званичен јазик, како и неговото писмо.

Имајќи го предвид фактот дека Уставот е највисок правен акт на Република Македонија од кој произлегуваат другите закони и подзаконски акти, затоа сакам да ви кажам дека албанскиот јазик во рамките на овие одредби претставува званичен јазик. Сите други толкувања или коментари кои се во насока на намалување на употребата а албанскиот јазик се злонамерни и против уставни.

Уште еднаш сакам да ве потсетам дека врз основа на регулативата и врз основа на сите закони над сите нормативни акти стои Уставот.

(Документите што ги покажуваше на пратениците ги предава на претседателот на парламентот).

Овие задржете си ги за себе г-дине претседател, нас не ни требаат се додека не се подготвени во согласност со Уставот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Матоши поставивте 4 прашања на 4 функционери избрани од ова Собрание.

Првото е до господинот Селмани, меѓутоа, на почетокот морам да ве укорам дека се однесувате недостоинствено кон луѓето кои се избрани од овој парламент и ги навредувате со некои придавки кои им ги додавате дополнително.

Не се однесува за мене, за министрите кои ги наведовте.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Господинот Матоши постави неколку прашања, не само едно и не само прашања туку имаше и други работи. Имаше и нападни ситуации од негова страна. Јас мислам дека не е во ред тој да оценува дали сум достоен или не.

Ќе почнам од тоа што тој се надоврза, а прашањето беше дали сум достоен, затоа што нема доволен број на членови на управните одбори албанци, а прашањето може да е обратно затоа што членовите на управните одбори во Јавните здравствени организации се именуваат во Собрание каде што е член односно пратеник и г-динот Матоши. Значи, тие се јавни здравствени оргнизации на кои основач е Собранието.

Второ, во врска со прашањето дали и колкав е процентот на албанците во здравството стои и сите знаеме дека не е адекватна застапеноста на албанците во здравството. Затоа е направен и рамковниот договор во Охрид, кој е имплементиран и во Уставот, па затоа сега имаме и акционен план и програма на Владата за адекватната застапеност на заедниците. Моментално не сум во состојба да дадам точен одговор колкав е процентот затоа што тие се собираат, секојдневно пристигнуваат во нашето министерство. Според заклучокот на Владата ние како министерство имаме обврска да ги доставиме до Владата. Нашето министерство е големо министерство и имаме голем број здравствени институции и може би затоа малку се пролонгира собирањето на тие податоци. Значи кога ќе ги собереме тие податоци ќе имаме подоследна информација и ќе го известиме пратеникот писмено.

Во врска со прашањето за тоа што се отпуштени доктори и друг здравствен кадар во Гостивар, точно е дека по решение на Судот во Гостивар еден број на здравствени работници се пуштени од работа. Притоа, треба да се има во предвид дека минатата власт, кога и партијата на г-динот Матоши беше партиципиент во власта требаше да се запазат правните принципи при вработувањето на одредени здравствени работници во здравствениот центар Гостивар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На еден дел од прашањето ќе добиете писмен одговор а за другиот дел дали сте задоволни.

РУЖДИ МАТОШИ:

Не сум задоволен од одговорот.

Прво сакам да констатирам дека тоа што кажавте дека јас сум го навредил министерот не е вистина. Тој треба да се чувствува горд на тоа кој го вработил, треба да се заблагодари, додека сите регресивни феномени кои се случуваат во Министерството за здравство независно од каде доаѓаат, од каде потекнуваат

именувањата на Управните одбори, Министерството мора да го има предвид процентот од 23%.

Што се однесува до отпуштањето на албанците од работа сосема сум незадоволен. Како би ја нарекле оваа операција? Чистка.

Обидот да се образложи отпуштањето од работа албанците што биле вработени со договор на дело сега таа операција и ја спроведуваат оние кои имаат договори и бараат влакно во јацето велејќи дека тие не се законски вработени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате дополнителен одговор на ова?

Повелете.

РЕЏЕП СЕЛМАНИ:

Здравствените работници што се отпуштени од работа од Медицинскиот центар од Гостивар немаат добиено решение од Минстерството за здравство, туку тоа е судско решение.

Второ, во врска со вработувањето што беше спомнато од господинот Матоши дека јас треба да се чувствувам благодарен зошто сум евентуално примен во времето кога тие беа на власт, по таа логика би требало да значи дека секој евентуален доктор или вратар или полицаец кој ќе биде вработен кога сме ние на власт, значи треба да е партиски обоен, што јас никогаш не сум бил партиски обоен и никогаш не сум бил член на таа партија во која членува господинот Матоши. Исклучиво на база на стручноста.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање беше побаран одговор од заменик премиерот. Повелете г-дин Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас би сакал да одговорам за ресоцијализацијата, бидејќи беше упатено прашање во смисла на тоа дали Владата има програма за ресоцијализација на членовите на поранешната ОНА. Мојот одговор е следниот.

Владата има и остварува програма на ресоцијализација, остварува програма на помирување, остварува програма на меѓуетничка толеранција и остварува програма на востановување на темели за натамошен мирен развиток на РМ во корист на сите граѓани на РМ. Таа програма во секој случај е програма за ресоцијализација не само на членови на ОНа, туку и на некои други луѓе во РМ. Еве да наведам некои примери, иако претпоставувам на г-динот пратеник му се познати.

Законот за амнестија кој што го усвои Собранието во поранешниот состав е чин, длабок чин за ресоцијализација, се разбира ако се сака да се почитува тој чин.

Второ, доаѓањето на извршни функции, на политички функции од поранешна ОНА е апсолутен чин на ресоцијализација.

Влегувањето на партија која одржуваше вооружен облик на остварување на вакви или онакви права е исто така длабок чин на ресоцијализација.

Програмата која ја усвои Владата, која треба да почне да се операционализира за постепено остварување на правична и соодветна застапеност на албанците е чин на ресоцијализација затоа што, според таа програма, своето место во општеството, во државната администрација можат да го најдат и ќе го најдат луѓе кои нема да бидат третирани само од страна на Хашкиот трибунал односно кои се амнестирани со Законот за амнестија.

Партијата што покрена тоа Што покрена учествува во овие процеси, комплетно учествува во тие процеси и тоа исто така претставува длабок чин на ресоцијализација.

Се разбира, некој може да биде повеќе или помалку задоволен од тоа како неговите планови или неговата замисла за ресоцијализација или за влегување во системот или за доаѓање до позиции во системот брзо или помалку брзо му се остваруваат, тоа е прашање за дискусија, меѓутоа, овие политики, овие примери и сите други кои во овој момент ги води Владата на Република Македонија се и те како длабока потврда за процесите на ресоцијализација и на припадници на поранешната ОНА, а во основа се процеси за изградба на демократксо плуралистичко општество, општество на еднакви граѓани на Република Македонија без оглед на верската, етничката и другата припадност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од овој одговор?

РУЖДИ МАТОШИ:

Ако речам дека сум делумно задоволен самиот ќе се излажам, овде имаме едно повлекување на паралели, кога имаме повлекување на паралели за лошо, за киднапирање, веднаш министерот Костов повлекува паралели со албанците, а доколку станува збор за ресоцијализација некаде е направена таа ресоцијализација, некому му е дадена работа, правото да реши една проблематика додека кај албанците треба да се одоговлекува, да се почитуваат или следат некои процедури и не знам уште што.

Јас мислам дека не е правично, не е за соживот доколуку на интимен начин, како што е започнато во МВР да се прават листи, списоци кои ќе бидат испратени на граничните премини, полициските станици и да се врши едно такво истражување и доколку некогашен бивш припадник на ОНА бил без возачка дозвола некое време тој треба да одговара пред законот. Јас со ова не се согласувам. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали имате коментар г. Гошев на дополнителното прашање. (Нема).

Ако цените за нужно инаку не е нужно, ве зема само како пример.

Дали имате потреба од дообјаснување од МВР? Кажете да или не, немојте да поставувате прашање.

РУЖДИ МАТОШИ:

Од МВР ме интересираше паралелизмот за лошото што се врши, тоа ме интересира.

ХАРИ КОСТОВ:

Во однос на она што г. Гошев го спомна немам што да додадам освен дека во исто време е во тек прием, според конкурсот кој од ноември месец го тераме во соработка со ОБСЕ и од 600 нови вработувања 400 се припадници албанци, 100 македонци и 100 од другите националности.

Меѓутоа, она што сакам во оваа работа да потенцирам за тоа што очигледно и на определени пресс конференции деновиве, а и денеска пред ова Собрание се користат невистини.

Сакам јавно да кажам дека во МВР не се прават буквално списоци, никакви потерници кои во овој момент се испраќаат по полициски станици, по гранични премини, и не знам какви други институции во кои се вадат потерници за поранешни припадници на ОНА. Таков случај нема, не само што нема во МВР, туку има многу јасен и прецизен Закон за амнестија во кој се кажува дека сите дела поврзани со конфликтот до 20 септември 2001 година се предмет на амнестија и по тој основ ниту МВР ниту било која институција прави нови потерници. Меѓутоа, би сакал овде да се разбереме. да не се мешаат работи што се случуваат по 26 септември 2001 година работи кои се поврзани со криминал, работи кои се поврзани

со шверц, со терористички активности и сега некој повторно да вади аргументи околу наводна ОНА итн. Тие работи завршија за било кој што сега врши криминални активности ќе си има и потерници, ќе си има и кривични пријави и секакво бркање на криминал.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за одговорот.

Третото прашање беше поставено до мене, па дозволете ми да ви го дадам следниот одговор.

Имам впечаток дека имплицирате во прашањето од моја страна рестриктивен однос кон албанскиот јазик или писмо во Собранието. Јас само го спроведувам Уставот, законот на начин кој е усвоен во овој Собраниски дом и не можам да се однесувам никако поинаку од тоа. Немам никакви намери да имам личен однос кон сето тоа. Затоа дозволете да го прочитам тоа што вие го прочитавте, меѓутоа застанавте во еден дел каде мислам дека требаше да продолжите.

Согласно амандманот 5 од Уставот друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните исто така е службен јазик и неговото писмо како што определено со овој член, се мисли со амандманот 5. Како што е определено со овој член и во тој член е определено во органите на државната власт, го читам амандманот на Уставот, подолу во органите на државната власт во Република Македонија службен јазик различен од македонскиот може да се користи во согласност со закон. Собранието на Република Македонија е орган на државната власт. Врз основа на ова законот во овој случај Деловникот каде е пропишано како врз основа на Уставот се користи друг јазик различен од македонскиот пред малку соопштив дека е соопштено во членот 3 и тоа има сила на закон врз основа на Уставот, врз основа на што работи Собранието како орган на државната власт.

Во него пишува член 3 во работата на Собранието службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Пратеникот кој зборува јазик различен од македонскиот јазик, а кој го зборуваат најмалку 20% ... може на седница на Собрание и на седница на работно тело да зборува на тој јазик. Значи, собранискиот закон - Деловникот дирекно упатува дека може да се зборува, меѓутоа, не може да се користи и писмото во Собранието на Република Македонија и дозволете да дополнам дека тоа е

совршено јасно на сите во Македонија дека произлегува од Уставот, од Деловникот, а двата произлегуваат од Рамковниот договор.

Оттука јас не можам да импровизирам со користењето на писмо различно од тоа што е со Уставот и врз основа на него пропишано со Деловникот, а користењето на јазикот толку колку што е определено се користи и на тој јазик ќе го поставите дополнителното прашање.

Тука нема никаква зла намера, туку од моја страна обврска да го почитувам Уставот и Деловникот. Тоа е одговорот, а сега ако имате дополнително прашање дали сте задоволен, повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Јас мислам парламентарниот документ - Деловникот не е во есенца со Уставот односно членот 5 алинеја 2, туку како основа го има овој амандман затоа Деловникот го имам прочитано многу добро, законот за јазиците сеуште не е дојден и во овој момент треба да се почитува Уставот.

Вие г. претседателе треба да го почитувате Уставот и Деловникот треба да дојде врз основа на Уставот членот 5 алинеја 2 каде што се озваничува албанскиот јазик во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам, очигледно немате намера да ме разберете инаку само да надополнам дека го ставате Деловникот на Собранието ад акта дека Деловникот на Собранието е уставен инструмент и во членот 66 пишува дека Собранието донесува Деловник за својата работа што значи не е акт кој не е врз основа на Уставот. Тоа е сосема уставен акт.

Продолжуваме со работа.

Господинот Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине претседателе, дали ќе имаме шанса да не удостои премиерот со присуство овде на седница, мене ми остана ускратено правото за две прашања. Доколку немаме таква шанса тука е заменик претседателот г. Гошев, да ги поставам прашањата верувам дека и господинот Гошев може да одговори како заменик премиер, за да не останам ускратен во правото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

До премиерот се поставени, а не одговорени до овој момент 4 прашања вклучувајќи ги и вашите, со оглед дека ќе работиме до 19,00 часот, ако до 18,30 часот не дојде премиерот тогаш ќе преминеме на тие 4 прашања што ќе ги одговорат замениците, ако ви е прифатливо, да оставиме шанса, премиерот најави, но ете уште не дошол.

Има збор госпоѓата Лилјана Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри, претставници на Владата,

Првото прашање го поставувам до министерот за транспорт и врски г. Ајдини, се однесува на транспортното поврзување на струмичкиот регион и во тој контекст чувствувам потреба да го нагласам значењето на струмичкиот регион како најголем производител на земјоделски производи во државата и посебно сакам да акцентирам што презема Владата за патниот правец Струмица - Радовиш особено на делницата од 15 км. чиј завршен слој е сеуште гранитни коцки.

Второто прашање е до министерот за екологија, се однесува за Проектот стас на Дојранското Езеро. Знаеме дека за населението од тој крај е единствен извор на егзистенција, што презема Владата за Проектот за спас на Дојранското Езеро и дали Владата нешто презема за договор со соседна Грција околу искористувањето на водите на Дојранското Езеро.

Третото прашање е до Владата на Република Македонија, дали Владата презема активности за ревизија на искористување на средствата од Програмата на претходната Влада од средствата од продажбата на Телеком.

Тоа може Владата да го достави во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање претпоставувам ќе го одговори г. Гошев кога ќе дојде на ред.

На првото прашање ќе одговори министерот Ајдини.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Ние имаме активности во врска со продолжување на изградбата на коридорот 8 и 10, пратниот правец е во склоп на овие коридори и за сега не би

можеле конкретно да одговориме затоа што уште не е усвоен буџетот, па затоа не знаеме колку средства ќе можеме да одвоиме за тие патни правци.

Госпоѓата ако не е задоволна со одговорот дека уште не можеме конкретно да одговориме поради неусвојување на буџетот, можеме писмено да и одговориме и да ги наведеме точно причините и можностите по усвојувањето на буџетот што ќе преземеме во врска со тој патен правец.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Ивановска дали се согласувате писмено да добиете по усвојувањето на буџетот?

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Се согласувам, делумно сум задоволна од одговорот, а истовремено моето прашање сметајте го со покренување на иницијатива на патниот правец затоа што е навистина во катастрофална состојба сметајќи го економското значење на овој регион.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Останувате на писмен одговор? (да).

Со оглед дека буџетот ќе се донесе подоцна десетте дена нема да ви важат повеќе, па по донесувањето на буџетот.

Господинот Љубомир Јанев, министер за екологија ќе го одговори второто прашање и евентуално госпоѓа Митрева за соработката со Грција, ако има потреба.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Владата на Република Македонија во континуитет работи на довршување на системот за спас на Дојранското Езеро. Се разбира дека целта на Владата е овој систем да се стави во функција и она што значи егзистенција на населението од Дојран и овој регион што припаѓа односно гравитира кон Дојранското Езеро е определба на Владата, спасот на Дојранското Езеро е определба на Владата на г. Црвенковски.

Се работи во континуитет, обезбедени се средства со ребалансот на буџетот за 2002 година и тоа беше предуслов градежните фирми да продолжат со работите на терен. Исто така се предвидени средства во Предлог буџетот за 2003

година за целосно доврширување на овој систем. Во моментот се работи на интерен технички прием на комплетнкиот систем, а до средината на март се очекува и технички прием, потврдување на техничката исправност на системот и пуштање на системот во употреба.

Пролонгирањето на работата на овој систем произлезе од претходно избрзани работи, бидејќи во одреден момент се работени работи кои технички немаат природен тек. Сега произлегуваат тие проблеми во испитување на системот, бидејќи таквото испитување се врши на отворен ископ на системот односно цевководот е отворен и сите овие испитувања кои требало да бидат направени во тој момент, а не се направени, сега предизвикуваат дополнителни трошоци и дополнителни напори и одоговлечување на ставање на системот во функција.

Тоа придонесе за зголемување на финансиските средства потребни за пуштање на овој систем, меѓутоа определбата на Владата е системот да се заврши и да се стави во функција. Тоа Владата ќе го направи и како што реков до крајот на март овој систем ќе биде ставен во функција.

Што се однесува до определбата на Владата за склучување на билатерален договор со Република Грција нашите напори како Министерство за животна средина е во соработка со Министерството за надворешни работи ова прашање да се подигне на највисок степен и мислам госпоѓа Митрева може да даде подетално објаснување за напорите кои ги прави Владата на Република Македонија со Република Грција за решавање на овој проблем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Митрева, дали ќе дополните.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Јас мислам дека е даден конкретен одговор на прашањето што е поставено, би го ситуирала во севкупните контакти што Република Македонија на планот на регионалната соработка што ја има со Република Грција каде се отвораат можности за заеднички интервенции на повеќе планови меѓу другото Дојранското Езеро, Еуро регионите итн. Тоа е тренд на надворешната политика на Република Македонија овие инфраструктурни, регионални работи да се одвиваат со интензитет за кој има и средства од ЕУ, но средствата за овие активности се содржани во грчкиот план за реконструкција на Балканот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволна од одговорот госпоѓа Ивановска.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Да, само со едно дополнување на моето прашање, за договорот за контрола на искористување на водите од езерото за наводнување од грчката страна. Тоа секако во билатералните односи.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

За жал таков договор сеуште не постои, но се прават напори на различни нивоа преку општините од другата страна на границата општините кои гравитираат кон Дојранското Езеро од Република Грција бидејќи тие се главни корисници на овие води преку нив да се изврши притисок на нивната влада и сметам дека постојат поволни знаци дека по наполнувањето на езерото ќе се преземат конкретни мерки во едно планирано користење на водите од Дојранското Езеро, односно планирано користење и на бунарите кои се во близина на Дојранското Езеро.

Добиваме и такви сигнали од Република Грција дека и под притисок на ЕУ Дојранското Езеро ќе биде предмет на едно планирано користење во наредниот период.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговор во име на премиерот и Владата на третото прашање ќе даде господинот Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата ја разгледуваше програмата за инвестирање, врз основа на средства од продажба на Телеком. За жал, констатира бројни примери на несоодветно трошење на тие средства. За 2003 година таа програма ќе биде ревидирана и заедно со економската политика за 2003 година, буџетот, соодветните закони што го следат извршувањето на буџетот и економската политика, на парламентот ќе му биде доставена, ако веќе не му е доставена ревидирана програма за инвестирање врз основа на средствата од Телекомот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволна од одговорот?

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Моето прашање беше од програмата за реализација на средствата од Телекомот, од претходната Влада, извештај за реализирани проекти на претходната Влада.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За годишната програма од 2002 година.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Реков дека Владата го разгледуваше тоа прашање, реализацијата на програмата за 2003 година и констатира бројни несоодветности при употребата на средствата, пласмани кои не биле во согласност со критериумите за пласман на производства и на Собранието ќе му биде предложена програма за 2003 година, каде шрто ќе се види на кој начин се извршени редукциите и корекциите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Пред паузата да ги слушнеме и прашањата на госпоѓа Ганка Самоилова - Цветановска.

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Моето прашање упатено е до министерот за внатрешни работи, бидејќи ценам дека одговорот на прашањето на пратеникот Андов е нецелосно.

Во вчерашниот број на Вест имавме можност да прочитаме еден интересен напис за актуелниот државен секретар во Министерството за култура, односно дека е покрената кривична пријава за злоупотреба на службената должност, дека е спроведена истражна постапка која е богато аргументирана со доказни материјали за кои има записници во Министерството за внатрешни работи. Тоа за мене беше една причина повеќе, во текот на вчерашниот ден да се ангажирам малку повеќе и дас добијам некои посоодветни и поконкретни податоци за сето ова.

Пред мене ја обезбедив кривичната пријава која е поднесена во 2000 година и од која би сакала да прочитам само најдрамитичните или најдрастичните примери на проневера на пари во времето кога господинот Горјан Тозија бил

директор на “Вардар филм”. Испадна исплата на 84.000 САД долари за сценарио кое до ден денес не е доставено во “Вардар филм”, односно за непостоечко сценарио. Понатаму, имаме неовластено склучување на договор за набавка на возило, џип “Мерцедес”, со една фирма, за кое е платено 69.000 ДЕМ и кое по завршувањето на мандатот на господинот Тозија односно по неговото разрешување повторно е вратено во фирмата во кое е купено, што значи дека “Вардар филм” во овој случај останал и без возилои без 66.000ДЕМ. Понатаму, по неговото сменување од неговата функција директор, од “Вардар филм”, од “Вардар филм” се изнесени принтер, факс модем и персонален компјутер кои се водат како основни средства нас “Вардар филм” и сеземени од страна на господинот Горјан Тозија. После неколкустрано барање од страна на “Вардар филм”, истите да бидат вратени, тој не ги вратил со што Министерството за внатрешни работи извршило претрес во неговиот дом, ги нашло истите и ги вратило, за што постои записник во МВР. Јас дури го имам и името, сега нема да го кажам, на инспекторот кој го извршил претресот. Како што кажав тука постојат низа финансиски малверзации, нема сите да ги читам, навикстина е многу голема кривичната пријава.

Она што е најинтересно е тоа што кривичната пријава е прифатена од Обвинителството и е спроведена до истражен судија, со цел да се поведе истражна постапка, препратена е до судијата Весна Басотова, која, за жал, до ден денес не спровела никаква истражна постапка, односно целиот предмет стои повеќе од две години во фиоките од нејзините бироа. Само за едно потсетување, тоа е истата онаа судија која видно се истакна во експедитивното покренување на истражна постапка против генералниот секретар на ВМРО-ДПМНЕ господинот Војо Михајловски.

Моето прашање до министерот за внатрешни работи гласи, тука нема да ја поставам моралната дилема како еден ваков човек, со вакво досие, е назначен на толку висока функција.

Прашањето е зошто во одговорот не е спомнато името на државниот секретар во Министерството за култура Горјан Тозија и уште колку други државни функционери имаат кривични пријави, а кои не се спомнати во одговорот.

Второто прашање е поврно до министерот за внатрешни работи.

Што се презема од Министерството за внатрешни работи со цел да се обезбеди целосен мир во кризните региони, да не напоменувам дека тоа беше една од најголемит предизборни ветувања дека новата Влада ќе обесбеди целосен мир во кризните реигони и враќање на уставно-правниот поредок, со цел д ги заштити спомениците на културата, да се вратат раселените лица и т.н., бидејќи сме сведоци

дека девастацијата на спомениците на културата продолжува и понатаму, имаме целосно оштетување на неколку цркви и повторно пред неколку дена бевме информирани дека е оштетена црквата во Лешочкиот манастир.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сакасм да дадат објаснување до пратениците.

Прашања до Јавниот обвинител се можни, само треба да најавите претходно да го известиме јавниот обвинител да биде присутен, затоа што е избран од ова Собрание со мандат. Прашања до судиите се невозможни. Мислам немаме право на пратеничко прашање до судии.

Господине Костов, ќе одговорите ли?

ХАРИ КОСТОВ:

Јас не знам само на прашањето дали државниот секретар, затоа што не се сеќавам дали во листата ви се дадени и листа на функционери, што беше побарано, мислам во одговорот на пратеничкото прашање.

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Четири имиња беа спомнати.

ХАРИ КОСТОВ:

Имиња има четири, меѓутоа не се сеќавам дали во одговорот ја имате и листата на сите функционери кои беа предмет на анализи.

Не знам куршлусот каде е, дали кај нас или овде.

Во одговорот што ние го подготвувавме одговорот беше на две страни во кои се наведени, еве поименично ќе ги кажам, Бранко Црвенковски, јас и господинот Кошутиќ, за луѓе што постои евиденција во кривичните пријави.

Како составен дел на одговорот беше и листа на функционери, затоа што Министерството се обрати до Владата да ни дадат целокупна листа кои се тие луѓе кои потпаѓаат под прашањето што минатиот пат мислам го постави господинот Андов. Ако нема, ние ќе ви ја дадеме и таа листа, кои се досиеја беа прегледани. Не се сеќавам дали, со оглед на датумот кога е поставен, дали во таа листа беше вклучен и државниот секретар во Министерството за култура. Според тоа не постои никакво криење на некои кривични пријави, дали биле погледнати или не, затоа што

мислам дека државниот секретар во Министерството за култура беше и подоцна именуван.

Второ, околу ова што беше спомнато, тоа што и пратеничката спомна, кривична пријава постои од 2000-та година. Министерството за внатрешни работи интервенирал, поднел кривична пријава. Значи, во тој период работата на МВР до поднесувањето на кривичната пријава завршува. Според тоа, судбината околу таа кривична пријава и нејзината постапка треба да се бара од страна на Јавното обвинителство, што значи ако не е доставена, во однос на првиот дел, листата на функционери кои беа разгледувани, тоа дополнително ќе го дадеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Инаку во листата не е наведен овој случај за кој станува збор. Четворица се наведени меѓу кои и тој службеник.

Госпоѓа Самоилова дали сте задоволни од одговорот и дали имате дополнително прашање?

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Добро, тоа е тоа. Задоволна сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, останува дека ќе ја проширите.

ХАРИ КОСТОВ:

Значи, во одоговорот, освен што го имавте овој тексуталeн дел, затоа што можеби и грешката е кајс нас или во дистрибуцијата, ќе мора да провериме.

Надвор од овие лица што овде се назначени, имаше и табеларен преглед во кои беа содржани сите лица кои се предмет на анализа на досиејата. Може да е грешката кајс нас што тој пропратен преглед не е пратен. Во тој пропратен преглед беше содржано по име и презиме кои се функции и имиња беа проверени. Според тоа, не велам и не се сеќавам од аспект на датумот, кога беше поставено дали во тој период државен секретар во Министерството за култура беше назначен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, треба да се добие и дополнителната листа што очигледно не е технички закачена.

Второто прашање беше исто упатено до министерот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Не само за спомениците за култура туку воопшто и ветувањата за обезбедувањето, присуство на полицијата во кризните региони и т.н.

Морам да кажам дека резултати во тој  дел имаме.

Порано беше незамисливо полицијата да влегува и да интервенира некаде во Тетово, во некои од селата, Велешта и т.н., припадници на мултиетничката контрола, најголем дел од акциите во Целешта околу нелегалната трговија со луѓе беше со мошовита полиција во која 48 лица беа албанци, 38 беа припадници македонци. Во Тетово, во Џепчиште и т.н. криминалци кои пукаа во две девојчиња, жртви на трговијата со луѓе, наредниот ден таму беше обезбеденеа мешовита полициска патрола. Според тоа, не може да се споредува ниту како аргументи да  се вадат дека не се реализирани никакви ветувања околу зголемувањето на безбедноста и присуството на полицијат во регионите и дека не се обезбедува некаква заштита и на споменици на културата. Мислам дека во тој дел имаме резултати, благодарение на соработката и со населението. Меѓутоа, не може никој и од име на Владата да кажува дека никогаш ни во наредните 5, 10, 20 години нема да ни случат такви терористички и вандалски акти, како што беше на Основниот суд во Струга, како што може да се случи на некој друг простор. Според тоа полициајта ќе презема и превентивни мерки околу заштитата на таквите објекти, мерки на прогон и поднесување на пријави против лица што ќе ги открие дека биле причинители на такви дела. Меѓутоа, да не живееме во илузија никогаш нема да се најде лице кое може такви акти самиот да направи, како што беше и случајот во Струга, би било илузорно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали госпогаѓата Самоилова е задоволна од одговорот?

ГАНКА САМОИЛОВА - ЦВЕТАНОВСКА:

Јас прашав конкретно за спомениците на културата, а министерот ми даде одговор за Велешта. Таму нема споменици на културата, таму има нешто друго, сите знаеме што има.

Од одговорот сум задоволна, но од ситуацијата не сум задоволна. Се надеваам дека во иднина одговорот ќе коренспондира со реалната ситуација на теренот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлагам сега да направиме пауза од 15-тина минути и после ќе продолжиме со работа.

(Пауза)

(По паузата седницта продолжи во 18,05 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да продолжиме со работа.

Пратенички прашања ќе постави госпоѓа Весна Борозан.

ВЕСНА БОРОЗАН:

Моето прво прашање ќе го упатам до министерот за економија господинот Илија Филиповски, а е од областа на енергетиката. Имено, новата Влада со доаѓањето на власт, се заложи за спроведување на потполна реформа во областа на енергетиката, наспроти претходно усвоената практика на монополска приватизација на големите претпријатија во државна сопственост од оваа област. Во правец на тоа, уште во ноември 2002 година, Владата го потпиша таканаречениот Атински меморандум, Меморандум за разбирање со земјите од регионот, со кој се обврзува дека до 2005 година ќе создаде услови и ќе се придружи на регионалниот пазар на електрична енергија, а подоцна во втора фаза и на европскиот пазар на електрична енергија.

Со потпишувањето на овој Атински меморандум, Владата презњеде обврски да изврши големи промени во начинот на стопанисување во оваа област и меѓу другото, тоа е цела низа обврски кои треба да се реализираат до крајот на 2005 година.

Моето прашање би го формулирала на следниот начин:

Што презема Владата за исполнување на овие обврски и во овој момент би ги навела само обврските што треба да бидат исполнети до јуни 2003 година. Тоа е: креирање на независни институции за стратегија, регулатива и оперативно водење

на системот, тоа е државна управа за енњергетика, регулатор на Агенција за енергија и оператор на преносниот систем.

Понатаму, до јуни 2003 година Владата, исто така, треба да усвои национален акционен план во оваа област и треба да ги усвои нормите и стандардите на УЦТЕМ, тоа е Здружение на европските електроенергетски системи.

Ова е прашањето кое го упатувам до министерот за економија.

Второто прашање ќе биде упатено до Министерството за образование, тука го гледам заменикот министер за образование и наука, а се однесува на состојбите во финансирањето во образованието.

Имено, оваа тема е присутна со години наназад, меѓутоа, се стекнува впечаток дека во последно време, особено после експериментите во оваа област од поранешниот министер господинот Ненад Новковски, ситуацијата рапидно е влошена во областа на финансирањето. Тука за илустрација би ја споменала само неговата формула за распределба на средствата од Буџетот меѓу факултетите од универзитетите во Македониа по број на вработени, наместо како што логично би можело да се очекува според обемот, според дејноста и според обемот на работа. Тука се вклучени бројот на часови и бројот на студенти кои студираат. Не би ги спомнувала платите на вработените во оваа област и сакам прашањето да го формулирам афирмативно, а тоа би гласело:

Дали Министерството размислува за измени во начинот на финансирасње на просветните установи.

Да појаснам дека сум свесна дека Буџетот за финансирасње на овие установи е ограничен, сакам да појаснам дека очекувам дека треба да се преземат мерки за подобрување на условите за извршување на дејноста и стандардот на извршување на дејноста во таа област. Да речеме, многу би помогнало ако Министерството за образование и наука ја преземе обврската за покривање на режиските трошоци, а притоа се мисли на вода, струја, телефон, интернет и тн. и нивна компензација директно со комуналните претпријатија, како што е тоа тековна практика со Топлификација во Скопје да речеме. Тоа, централизирањето на овие трошоци и водењето сметка за овие трошоци би можело да значи и воведување на некои унифицирани мерки за штедење во оваа област. Значи, промените во начинот на финансирање се очекуваат, пред се, во афирмирање на средства за штедење.

И третото прашање го упатувам до министерот за надворешни работи на Република Македонија, а се однесува на шпекулациите кои во последно време се појавија во јавноста околу прашањето дали Република Македонија веќе има

поднесено барање за членство во Европската Унија или нема. Ако такво барање официјално постои, би ја замолила министерката да појасни кога тоа е врачено, кога е предадено, ако не во тој случај кој е планот на сегашната Влада во таа насока.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Филиповски, дали ќе одговорите на првото прашање?

Повелете.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Реформата во енергетиката, односно во Електростопанството и вкупно, можам да ве информирам дека во постапка е формирање на Регулационата комисија, која треба да го преземе најголемиот дел од задачите и да ги реализира, а со тоа очекувам дека оваа Комисија ќе биде формирана најдоцна до април месец.

Второ, обврските кои се преземени со Атинскиот меморандум се во тек на реализација и се надевам дека ќе ги исполниме роковите кои се предвидени во јуни и јули месец и поврзано со овој дел, би рекол дека во енергетскиот дел, односно во елекросистемот веќе се врши согледување околу реструктуирањето на Електростопанство и либерализацијата на пазарот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволна од одговорот?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Сега за сега сум задоволна од добиениот одговор, меѓутоа, сакам да го замолам господинот министер да не ми замери, а исто така и Парламентот и македонската јавност, но јас имам подготвено список на сите барања кои се очекува да ги исполни Македонија во оваа област до крајот на 2005 година и јас си ја земам таа слобода, од време на време, да потсетувам на исполнувањето на тие барања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Одговор на второто прашање ќе даде господинот Тале Герамитчиоски во име на министерот за образование и наука.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Системот на финансирање во образованието и посебно на високото образование, во разговори со пратеничката веќе сме го дискутирале. Тоа е многу широка тема и ќе се обидам многу кратко и концизно да одговорам што се мислиме да направиме во овој дел, за да се релаксира навистина лошата состојба.

Имено, во 2000 година се променил начинот на финансирање, особено во високото образование, преку промена на системот на финансирање на студиски програми, финансирање по бројот на студентите и тн., во финансирање по човек и тоа навистина создаде големи проблеми при распределбата на средствата. Сега, во оваа тековна година, јас се надевам дека овој Парламент ќе има разбирање при распределбата на средствата за високото образование. Првичната проекција која ја имаме не дава некои оптимистички слики за подобрување на оваа ситуација, но еве, во вредност на оној износ кој е добиен за високото образование, конечно ќе бидеме транспарентни и ќе го примениме Законот за високо образование и ќе се формира Фондот за распределба на средствата во високото образование, кој ќе има првична задача да ги изготви мерилата и критериумите за распределба на средствата на членките на универзитетите, односно во високото образование. Се надевам дека ќе се направи поправичен начин и пристап за распределба на оној износ на средства кој го добиваме како буџетски средства.

Во делот на второто потпрашање - заштеди, колку што разбрав ќе се осврнам само на еден сегмент, а тоа е делот на заштедите при греењето, што како голема ставка ни одзема доста средства, особено во делот на основното и средното образование. Тука веќе се изготвува една анализа, во која се прават првични анализи за приклучување на училиштата на територијата на град Скопје целосно на централното греење на Топлификацијата, што мислиме дека е поефтин начин на греење на училиштата, додека во внатрешноста во поголем број училишта се изготвуваат посебни анализи и нормативи да се добие една слика на кој начин би можеле да ги намалиме расходите, да ги намалиме загубите, при што сум оптимист на тој план, бидејќи вклучени се научни работници и првичните анализи веќе покажуваат дека ќе се добијат позитивни резултати. Очекуваме во оваа тековна година, значи за наредната грејна сезона да се намалат расходите во делот на греењето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Борозан, дали сте задоволна од овој одговор?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Во однос на првиот дел на прашањето, заменикот министер не го спомна рокот во кој Владата планира да го изготви планот  за промена на финансирањето.

Во однос на вториот дел од прашањето мислам дека не бев доволно разбрана. Предлогот се однесува на подобра контрола на вкупното финансирање на сите режиски трошоци на установите од областа на образованието, преземање на сите режиски трошоци (струја, вода, интернет и тн.,) да ги врши централизирано Владата директно од своите фондови и во компензација со директна наплата со давателите на тие услуги.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Герамитчиоски, дали ќе одговорите на дополнителното прашање за рокот?

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

За рокот - колку што побрзо ќе се конституира Фондот за финансирање на високото образование, толку побрзо ќе се пристапи кон дефинирање на критериумите за распределба. Ние се надеваме дека до крајот на првата половина на оваа година ќе се оствари оваа акција.

За второто прашање, навистина бара поширока елаборација. Вие сте во право, но тука имаме хетерогени размислувања во тој дел, бидејќи за основното и средното образование е една проблематика, за високото образование е друга проблематика. За високото образование и немаме добиено голем број на средства за овие материјални трошоци и над 95% од средствата се однесуваат на плати и наемнини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање треба да одговори госпоѓа Илинка Митрева, министер за надворешни работи.

ИЛИНКА МИТРЕВА:

Да одговорам најпрво директно на прашањето што е поставено од госпоѓа Борозан во врска со спекулациите што се појавија во јавноста, дали Македонија до сега има поднесено барање за полноправно членство во Европската Унија. Не,

Македонија досега нема поднесено барање за полноправно членство во Европската Унија.

Она што се појавува како едно конфузно објаснување деновиве во медиумите се должи на фактот што на 8 март 1999 година, тогашниот премиер на Владата на Република Македонија г.Љубчо Георгиевски упатил писмо до тогашниот претседавач на Европската Унија, министерот за надворешни работи на Германија Јошка Фишер, со барање за асоцијативно членство на Република Македонија, односно за склучување на таканаречениот европски договор.

Според регулативата на Европската Унија, а тоа може да се погледа во Договорот за Европска Унија односно во Римскиот договор во тоа време постоеше таканаречениот нулти член или О-член, кој што денес е трансформиран и ревидиран во член 49, според кој секоја земја која ги почитува предностите на Европската Унија и ги споделува има право да поднесе барање или апликација за полноправно членство. Меѓутоа, таква апликација не се однесува за асоцијативно членство. Мислам дека тоа е многу јасно.

Да го дополнам тоа со неколку податоци. Асоцијативното членство што ние го имаме во Договорот за стабилизација и асоцијација е потпишан 2001 година врз основа на договори, преговори и разговори со Европската Унија. Единствено за полноправно членство се поднесува, да повторам уште еднаш, таква апликација.

Владата на Република Македонија најави дека откако ќе ги сондира состојбите во процесот на напредувања на Република Македонија кон европските интеграции, откако ќе види во кој степен се ставани на располагање европските механизми во таканаречената претпристапна стратегија, ќе ја донесе одлуката за тоа кога ќе упати таква апликација, но рокот е детерминиран до крајот на оваа година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓо Борозан, дали сте задоволна од одговорот?

ВЕСНА БОРОЗАН:

Благодарам, министерката беше навистина прецизна во одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега е на ред господинот Џевдет Насуфи, а потоа ќе одиме на тие четири пропуштени прашања.

Господинот Насуфи не е присутен.

На ред е господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитувани дами и господа,

Имам две прашања. Првото прашање е до потпретседателот на Владата Муса Џафери, иако не е присутен барам одговорот да биде по писмен пат. Прашањето се однесува на следното:

Колку вработени албанци се отстранети од работа за време на вашето владеење, без оглед на нивниот статус што го имале.

И потпрашање: Кога Владата ќе го реши проблемот со вработување на албанците, кои биле отстранети од работа поради конфликтот во 2001 година. Станува збор за вработените во Фабриката за цевки и во Македонски шуми во Куманово, а отстранетите од работа всушност се жители на Липковската општина.

Втрото прашање е до министерот за одбрана, а може да ми одговори и заменикот министер за одбрана. Со цел да се елиминираат дилемите и сето она што се случило во јавноста по контрадикторната изјава на министерот за одбрана, барам од министерот за одбрана односно во случајнот од неговиот заменик да се прононцира, да се изјави дали постои АНА.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање писмено одговор ќе добиете од господинот Муса Џафери.

На второто прашање ќе одговори господинот Ризван Сулејмани, а можете и писмено да одговорите ако сакате.

РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:

Токму тоа, се работи за изјава која ја дал министер. Јас не би сакал да коментирам изјава пренесена, ако мисли дека тоа е пратеничко прашање, писмено ќе одговориме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор од господинот Владо Бучковски.

Сега се враќаме на тие прашања што беа прескокнати. Господинот Црвенковски е присутен.

Господин Жарко Караџоски има две прашања за господинот Црвенковски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Најнапред да се заблагодариме на господинот Црвенковски што сепак не удостои да присуствува.

Првото прашање би било следното:

Деновиве во средствата за јавно информирање прочитав една информација, која доаѓа наводно од владини извори, така беше напишано, дека Владата ќе затвори десетина јавни пртпријатија, државни агенции и дирекции, како на пример: ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор, ЈП за водостопанство на Република Македонија, Агенцијата за приватизација, Агенцијата за инвестиции и развој и тн. Ова се поткрепува со фактот, прочитано во истата информација, дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство Славко Петров потпишал договоро со Скопската канцеларија на Светската банка за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување на Република Македонија, како последица на што во ова јавно претпријатие  има фаза на отпуштање на работниците на принуден одмор.

Моето прашање во овој дел би се однесувало на следното:

Доколку ова е точно, што планира Владата во смисла на оние вработени кои се затекнати во овие јавни претпријатија, дали мисли да ги отпушти да си одат буквално под Заводот за вработување и дали тоа концидира со онаа програма за која господинот Црвенковски се залагаше, да не ја разбрав јас погрешно, значи еден член на семејството вработување, да не значи тоа отпуштање на еден член од семејството.

Како потпрашање во смисла на ова прашање  би било следното, не сум сигурен дали Владата  донела таква одлука, меѓутоа повторно од средствата за информирање прочитав дека, исто така Владата планира да ги испушти сите оние вработени во јавните претпријатија, односно органите на управа кои засновале работен однос со спогодба, односно без конкурс. Ако е тоа точно, ме интересира како тоа ќе го изврши врз основа на кои законски акти?

Второто прашање до господинот премиер, господине Црвенковски, би ве прашал како претседател на Владата, дали не чувствувате потреба да го запознаете Собранието на РМ со една информација за актуелно-политичката безбедносна состојба во Македонија? Ова, имајќи ги предвид уставните ингеренции што ги има Собранието, а исто така  на 21, односно на 23 јануари група пратеници од ВМРО-ДПМНЕ до Владата достави едно такво барање, со кое што бара исмена информација во делот на актуелната политичко-безбедносна состојба, со наведени

точки што од прилика треба таа да содржи. Тоа беше доставено до претседателот на Собранието, тој зеде обврска дека ќе го достави тоа до Владата.

Независно од тоа бараме, сметам дека состојбата не е ниту малку сјајна, плус тоа ако се земе предвид дека од средствата на јавно информирање слушаме дека постојат терористички групи како АНА, те дека не постојат, те дека има криминални групи, дека ќе се случи пролетна офанзива и разни-разни други информации. Сметаме дека Собранието мора да има активна улога, а вас би ве прашал лично - чувствувате ли таква потреба и дали, како претседател на Владата ќе ја задолжите, односно ресорните министерства што ја имаат таа надлежност да подготват една писмена информација, таа писмена информација да ја доставите до претседателот на Собранието со предлог да се стави како тока на дневен ред. Па и ние, како пратеници, и како Собрание, во рамките на уставните надлежности, да донесеме одредени заклучоци.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Има збор господинот Црвенковски, премиер на Владата.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Со оглед на фактот дека е ова втора седница на овој состав на Собранието на која што се поставуваат пратенички прашања, иако е сепак само втора, можам да констатирам дека господинот Караџоски воглавном се специјализира за прашања упатени до премиерот. Јас имам потполно разбирање за тоа. Мислам дека во претходниот период тешко можеше да комуницира со премиерот.

Околу првото прашање, околу информациите што ги стекнал врз основа на некои написи во печатените медиуми, морам да констатирам дека делумно е добро информиран, а делумно погрешно информиран. Имено, точно е дека Владата расправаше и има заклучок дека, помеѓу другото, одредени институции кои што се владини институции, органи во состав на одредени министерства за кои што се цени дека нивното постоење нема целисходност од аспект на вршење на функциите што со закон се пропишани, дека во наредниот период, со измени на постојното законодавство, а тоа значи токму во овој највисок законодавен дом треба да се направи измена на тоа законодавство со кое што постоењето на тие институции ќе се укине.

На пример, во право е господинот Караџоски кога вели дека Владата иа намера да ја укинте Агенцијата за обнова и развој. Тоа е една институција што се формираше со едно единствено оразложение, заради Тајванскиот проект.
Тој проект, подоцна, од претходната Влада и не само од нив туку и од тогашната опозиција беше прогласен за промашен. Резултатите тоа подоцна го покажаа. И, ако една институција, што е формирана заради еден таков проект, нормално е кога во ситуација ќе се согледа дека едноставно нема никакви причини за понатамошно негово егзистирање нема, дека треба да се укине.

Слична ситуација е со Агенцијата за слободни економски зони и Дирекција за слободни економски зони. Расправавме и за неколку други институции, кои во случајов се формирани во последниве три или четири години, врз основа на интервенции во законската регулатива без кои што во претходниот период државата функционирала и без кои што, сме убедени, дека и во наредниот период државната администрација може успешно и ефикасно да функционира. Впрочем, ние не ја криеме нашата заложба, во повеќе наврати јавно сме ја истакнувале, дека нашата определба е рационализација во функционирањето на државната администрација во секој поглед, па и во поглед на целата мрежа на државни институции што се финансираат од државен буџет.

Сосема е друго прашање што ќе се прави со вработените кои во овој момент во тие институции функционираат. Тоа е сосема друго прашање. Меѓутоа, факт е дека во сите овие институции што постојат, за кои што не постои целисходност за нивното егзистирање, Владата има намера, со промена на законската регулатива тие институци да ги укине, на тој начин да ја рационализира јавната администрација, да ги намали буџетските трошоци и да ги растовари даночните обврзници.

Што се однесува до прашањето околу актуелнта политичко безбедносна ситуација, јас можам да искажам подготвеност, во истиот момент кога на легитимен и деловнички начин во ова Собрание ќе се покрене постапка и процедура да се стави на дневен ред точка на пленарна седница за разгледување на ова прашање, ние сме подготвени тоа да го направиме. Впрочем, како доказ на таа подготвеност, сакам да ви соопштам дека по барање на Анкетната комисија на Собранието за заштита на човековите права беше побарана една таква информација. Од страна на МВР е веќе подготвена и доставена. Ако се смета дека тоа не е доволно, значи не е доволно да се разгледува на некое од собраниските тела, туку треба таква точка да биде ставена и на дневен ред на пленарна седница, ние сме подготвени тоа да го

направиме. Повелете, пратеници сте, ако таква иницијатива постои, од страна на Владата ќе биде прифатена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски предлагам за првото прашање да се изјасните, ако има дополнителен одговор да го слушнеме, па потоа на второто прашање.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, вака, господине Црвенковски, колку јас комуницирав со претходниот премиер, вие сигурно не ми бевте стројник за да знаете како комуницирав со него. Но, факт е дека јас и немам нешто потреба посебно да комуницирам со вас, туку го користам институтот пратенички прашања. Јас не знам што е тоа навредливо или што е тоа страшно доколку цените дека треба да одговорите.

Делумно одговоривте на првото прашање. Ја спомнавте само Агенцијата за развој и Агенцијата за слободни економски зони. Кажавте дека се формирани во последните 3-4 години. Што станува со другите јавни претпријатија? Спомнав Агенција за приватизација, Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор итн. итн.

И, најсуштинското прашање го испуштивте, а тоа е како мислите да го решите, доколку, вие веќе кажавте дека делумно Владата сака да ги затвори овие претпријатија, како Владата мисли да го реши проблемот со тие вработени внатре? Значи ли тоа дека ќе ги испушти на улица под Заводот за вработување или пак нешто трето? Да речеме, согласно Законот за државни службеници, преземање итн. итн.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Само да не направиме забуна. Не се јавни претпријатија. Тоа се државни институции.

(Реагирање од место дека беше спомнато и Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор).

Некои од нив.

Господинот Црвенковски ќе даде одговор на дополнителното прашање.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Господине Караџоски, апсолутно не бев ваш стројник и не знам како комунициравте со претходниот премиер, меѓутоа знам дека немавте можност да поставувате пратенички прашања на претходниот премиер, бидејќи институтот пратенички прашања никогаш не функционирал во оваа држава така како што е на овие две седници, како што профункционира на овие две седници. Тоа е, според мое мислење, за поздравување, и од страна на Парламентот, бидејќи заживеа навистина еден ваков уставен институт, а мислам дека пратениците и јавноста можат да се уверат дека и од страна на Владата и членови на Владата кон овој институт приоѓаме апсолутно сериозно.

Во дополнителното прашање спомнавте уште две институции, и конкретно за тие две институции ќе ви одговорам.

Агенција за приватизација, да, намерата на Владата е во текот на 2003 година целокупниот преостанат општествен односно државен капитал да биде приватизиран. Таа намера е јавно обелоденета, соопштивме на кој начин тоа ќе биде направено, и, кога повеќе нема да постои државен, односно општествен капитал, нема логика да постои Агенцијата за приватизација. Согласно на тоа ние ќе се однесуваме. Да, точно е, Агенцијата за приватизација доколку се реализира овој план што го имаме во текот на 2003 година, во 2004 година таква институција во Република Македонија повеќе нема да постои.

Слична работа ќе имаме со Агенцијата што порано беше за санација на банки. Сега има назив за управување со средства во државна сопственост. Исто така, во моментот кога во državава повеќе ќе нема удели или акционерства во било кој процент во претпријатијата, нема да постои ниту логика  ниту потребата за постоење на таква институција. Јас мислма и се надевам дека овој Парламент таквата определба на Владата ќе ја поддржи, тоа е домаќинско работење. Нема логика да постојат институции што ќе бидат буџетски потрошувачи , буџетски корисници,  ако повеќе нема никаква функција што треба да ја извршува во државата.

Пред малку спомнав, што се однесува до вработените, тоа е друго прашање. Еден од начините е преземање на дел од вработените во други институции, доколку за дел од вработените не постои таква потреба, ќе се примени оној механизам што се применува за секој друг субјект во државата, било прогласување на технолошки вишок и ние од тоа не бегаме. Јавно соопштуваме, јавно ја обелоденуваме таа наша намера и сметаме дека, од аспект на домаќинско работење во државата тоа е исправен пристап.

Го спомнавте Јавното претпријатие за управување со станбен и деловен простор. Да, точно е. Намерата на оваа Влада не е со државни пари да создава нов државен фонд на станбен и деловен простор што кога ќе го даде на пазарот и на непазарен начин ќе арбитрира било со некои попусти, било со некои бенефиции, било на начин што, продавајќи го тој капитал ќе значи губење, дефакто, на супстанцата, бидејќи нешто е платено поскапо а потоа се продава поевтино.

Нашата заложба е да се заснoваме на чисти пазарни законитости, што значи нема создавање нов државен капитал во вид на станбен и деловен простор. Со текот на времето тоа ќе знчи дека ќе се изгуби потребата од постоење на такво јавно претпријатие во државата. Тоа е јасна определба на Владата и ние таа ќе ја спроведеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, со ова завршивме.

За второто прашање, ако имате дополнително, за дневниот ред, за безбедноста.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

За вториот дел од прашањето господинот Црвенковски ме упати на деловничка одредба.

Јас кажав, на 23 јануари до вас претседателе доставивме група пратеници барање за свикување односно точка на дневен ред на седница за разгледување на актуелната политичко безбедносна состојба, за која што баравме информација од Владата. Вие овде, на седницата кажавте дека ова барање сте го пропратиле до Владата. Сметам дека тоа барање лично сте го пропратиле и дека тоа е добиено во Владата. Јас не знам која друга иницијатива господинот Црвенковски бара, деловнички, што јас мислам дека сме ја запазиле.

Еве, дури и да не мора да има таква иницијатива, затоа го прашав, дали господинот претседател чувствува потреба, сепак Собранието на РМ е највисок орган на власта во Република Македонија, и тој како претседател на Влада, треба да чувствува една таква потреба со оглед на тоа што секојдневно се случуваат разни шпекулации во државава. Ако Собранието не може да донесе свои заклучиоци, јас не знам кој друг орган тоа може да го разгледува.

Тоа е по однос на ова. Само сакам да констатирам една работа, значи господинот Црвенковски, по се изгледа се согласивме, токму за она за што ви обрнав внимание дали е точно, вие полека, полека признавте дека е се тоно, но да знаете дека се коси со вашата политика за вработување на еден член од семејството. Испаѓа дека вие ќе отпуштате по еден член, а можби и по два.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Караџоски, сепак го злоупотребивте вториот дел.

Дали имате потреба да коментирате? (Не).

Извинете господине Црвенковски, инаку вие од мене не баравте да ставам на дневен ред точка писмено. Побаравте да го пропратам барањето до Владата, јас го пропратив. Ако побаравте, информација доставивте до мене, ќе беше на наредната седница на дневен ред. Точка не може да се бара без да се достави информација. Можете и сами да ја напишете. Тоа е вон од мојот домен.

Благодарам.

Има збор господинот Црвенковски.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Само една информација до пратениците во Собранието.

Од страна на МВР веќе е подготвена информација за безбедносната состојба во Република Македонија. Оваа информација, преку Владата ќе биде доставена до Анкетната комисија за заштита на човековите права во Собранието на РМ. Ако се цени дека е упатно, од било кои причини, тоа да биде тема и на пленарната седница, ние сме веќе подготвени. Материјалот е подготвен и до една од собраниските комисии е веќе доставен. Тоа е што се однесува до второто прашање.

Што се однесува до, како што вие рековте претседателе, злоупотребата од страна на пратеникот да направи свој коментар, јас само сосема кратко ќе речам дека ние стоиме зад нашите избори и определби. А, дали сме ги реализирале или не ќе се види 2006 година, тогаш кога четиригодишната изборна програма на оваа владина коалиција ќе се констатира дали е реализирана или не. Во овој момент ништо друго не можеме да констатираме освен дали програмата на претходната владина коалиција е реализирана или не, за овие три месеци. Ние излеговме со

изборна програма за четири години. На тоа добивме поддршка. На тоа работиме, да ја реализираме, а подготвени сме за тоа да дадеме отчет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Витановски Јанаќе имавте едно прашање што остана за премиерот.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Јас, на момент ќе се вратам на првото прашање, на коментарот од колегата и ќе кажам мое лично видување. Се додека ВМРо-ДПМНЕ ќе има вакви членови и пратеници како Орданчо Тасев, ќе бидат во опозиција.

Благодарам.

Одам на прашањето.

Во периодот од 1999 до 2002 година голем број работници од претходната влада во државните органи, од политички причини беа преместувани од своите работни места и на други работни места, при што не беше почитубван Законот за работни односи и Колективниот договор. Второстепената комисија при Владата, а потоа и Агенцијата за државни службеници не одговори, во најголем дел на приговорите, па работниците поведуваа работни спорови во судовите во РМ.

Моето прашање до Владата е следно - колку работни спорови се водени во судовите во периодот од 1999 до 2002 година против Владата на РМ за донесени решенија спротивни на членот 27 и членот 29 од Законот за работни односи и ленот 17 од Колективниот договор? Колку од вкупниот број на овие работни спорови се завршени а колку се уште во постапка? Колку вкупно средства се исплатени од Буџетот за судските трошоци? Колку вкупно средства за разлики во плати и други останати трошоци по изгубените работни спорови?

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Црвенковски дали ќе одговорите сега или писмено?

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Прашањето е од таков карактер што ќе мора да одговориме писмено и тоа ќе го доставиме до пратеникот до наредната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Марјан Ѓорчев бара збор процедурално.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Господине претседателе, упатувам протест до изјаснувањето на претходниот пратеник и протест до вас затоа што не реагиравте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сакав да реагирам, меѓутоа се заврши додека да реагирам.

Господинот Исмет Рамадани имаше прашање за премиерот, меѓутоа не го гледам присутен во салата.

Продолжуваме со редоследот. Со оглед дека имаме уште малку време, ве молам за трпение, што пократки прашања и одговори за да можат уште неколку пратеници да го искористат своето право за поставување пратенички прашања.

Има збор господинот Неждед Мустафа.

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Благодарам почитуван претседателе, конечно и јас да дојдам на ред да ги поставам моите прашања. Почитуван премиер, господа министри, колеги пратеници, денес би сакал да ја искористам можбноста да поставам две прашања. Едното прашање е за министерот за труд исоцијална политика вов рска со  Колективниот центар во Шуто Оризари.

Имено во Општина Шуто Оризари постои бегалски камп од 2000 година, кои во моментов престојуваат  од околу 1200 лица, а во фамилии во Општината разместени се уште околу 1000 лица. Условите во кои што живеат овие луѓе се мизерни и нивнито статус сеуште не е решен. Бидејки, според позитивните законски прописи тие не можат да имаат статус на бегалци. Функционирањето на кампот според Договорот потпишан на ден 2.о6.2000 година помеѓу Министерството за труд и социјана политика, Министерството за урбанизам и градежништво, УНХЦР и Општината Шуто Оризари, каде тогаш ја водев улогата градоначалник, требаше да се одвива во меѓусебна соработка на наведените страни. За таа цел беше предвидено да се формира координативно тело кое постојано ќе ги следи состојбите во Кампот. На ова тело и покрај силните напори на органите на Општината, не

функционираше, а дирекните последици од тоа ги трпеше месното население, акко и бегалците Роми од Косово.

Моето прашање до министерот за труд и социјална политика гласи: Како се предвидува да се реши идниот статус на ромите бегалци од Косово и кои се активности ќе се преземат во таа насока. Дотолку повеќе што имам сознанија дека се планира да се затвори Колективниот центар на 31 март оваа година.

Второто мое рпашање е до минситерот за внатрешни работи, во кое во последнов реме зачестија незаконскит еоднесувања на органите за внатрешни работи спрема лицата од ромската заедница. најсвеж пример е бруталното однесување на припадниците на полицијата спрема двајца приапдници на ромската заедница во Куманово и во Штип, што претставув акласично кршење на оснвоните човекови права.

Прашањето до министерот за внатрешни работи на Република Макеоднија гласи: Што превзема Министерството за внатрешни работи спрема припадниците на полицијата, кои често ги пречекоруваат овластувањата кои ги имаат како орган за внатрешни работи, извршувајќи ги основните човекови права, особено на граѓаните од ромската заедница. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам господине Мустафа.

На првото прашање ќе ви одговори господинот Јован Манасиевски, министер за труд и социјална политика.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Да, секако, како што посочи пратеникот во бегалскиот камп во Шуто Оризари сеуште престојуваат околу 1200 бегалци со ромска етничка припадност од Косово. Политиката на Владата е што позабрзано со контакти со администрацијата на Обединетите нации во Косово, овие бегалци да бидат вратени во своите живеалишта во Косово. Се надеваме дека со заедничка работа и пред се со поголем активизам на администрацијата на Обединетите нации во Косово, таа генерална определба ќе биде реализирана.

меѓувреме, грижата за бегалците, според Договорот и според важечките меѓународни стандарди, ја сервисира Високиот комерсијат за бегалци и она што може да ветам као ресорен министер е дека ова ресорно министерство ќе се погрижи Високиот комерсијат на бегалци во потполност да ги изврува своите обврски

во бегалскиот камп Шуто Оризари. Инаку, факт е дека таму условите се лоши, како што впрочем ги посочи пратеникот. Факт е дека за тоа голем дел од вината сноси Високиот комерсијат и Министерството за труд исоцијална политика. Веќе презеде чекори на предупредување на  Комерисијатот да ги одржи потребните стандарди и нормативи во тие бегалски кампови.

Инаку, не треба да потсетувам дека колкав товар поднесе РМ во однос на бегалците од конфликотот во Косово и навистина редно е Високиот коемрсијат до крај својата обврска према овие суште заостанати бегалци во наредниот период, да ја изврши.

Министерството за труд и социјална политика, се разбира, она што е потребно како логистика на Високиот комерсијат во континуитет го обезбедува и ќе го обезбедув аи понатаму. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Мустафа дали сте задоволен од одговорот?

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Да, секако, го молам Министерството за труд и социјална политика да воспостави контакт со Високиот комерсијат за бегалци и УНХЦР да отстапи од предвидениот рок од 31 март да се иселат бегалците роми од Косово од Кампот од Шуто Оризари, поради тоа што таа стратегија има да придонесе само еден голем немир во Шуто Оризари. Така, се додека не се донесе законот за азил, предлагам бегалците роми од Кампот во Шуто Оризари да останат во тој Камп во целосно одржување од страна на УНХЦР.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека тука немате коментар. (Му се обраќа на министерот за труд и социјална политика).

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Законот за азил се надевам дека до почетокот на летото ќе биде донесен. Дотогаш, веќе нормално Министерството е во постојан контакт со Високиот комерсијат и веќе е упатенооффицијално писмо во кое што го предупредуваме дека не треба да пристапи кон затворање на кампот, туку да вложи дополнителни напори да ги обезбеди условите, а Министерството за труд и социјална политика во секој

момент е подготвено да обезбеди и други дополнителни објекти, каде Што Високиот комерсијат може да ги сервисира овие услуги, до колку неговата проценка е дека тоа не може да го направи во Кампот Шуто Оризари.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

На почетокот само би го замолил пратеникот да не генерализира работи дека зачестија активности на Министерството за внатрешни работи за малтретирање на роми и т.н., затоа што МВР не презема активности према националности или припадници на различни национални групи и т.н.

Факт е дека МВР бара почитување на Уставот и Законот и негово спроведување. Точно е дека во овој период имавме два случаи, кои се случија употреба на сила во случајот во Прилеп и во Куманово. Сакам да кажам дека како што бараме почитување на Уставот и законите , исто така и припадниците на полицијата се должни да се држат до Законот и до уредбите и правилниците кои го уредуваат нивното постапување и начинот на употреба на средства за присила и т.н. Во двата случаи веднаш е даден налог до единицата за професионални стандарди, онаа што популарно ја викаме единицата за внатрешна контрола и во давата случаи, и во случајот во Прилеп и во случајот во Куманово утврдени се пречекорувања на овластувањата на полицијата. Во двата случаи беа по двајца припадници на полицијата и спрема нив се превземени соодветни дисциплински мерки. Во случајот во Куманово, од Комисијата низ процедурата, како што тоа се спроведува, значи од оформената комисија е утврдено предлог до Комисијата за отказ, се наоѓа во постапки и најверојатно ќе биде изречена соодветна дисциплинска мерка. Вторито случај во уманово, исто така, е утврдено пречекорување на овластувањата на припадниците на полицијата и од началникот, од старешините во СВР Куманово веќе на 24.02. беа изготвени и дадени предлози за соодветна дисциплинска мерка спрема тие работници. Мислам дека во тој случај во Куманово се однесување на платата на припадниците на полицијата кои ги пречекорија своите овластувања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

НЕЖДЕТ МУСТАФА:

Да, секако, уверен сум дека и голем број на невладини организации кои застанаа зад оваа иницијатива дека ќе бидат задоволни од одговорот на министерот. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Благодарам.

Продолжуваме, но само ја с ќе ве замолам за да овозможиме барем три, четворица да не го искористиме до крај сите што се правото од три прашања, ако може едно максимум две, за да поминат уште неколку пратеници. Имаме уште десетина минути, да не се заврши со еден или вдвајца пратеници.

Господинот Мешков Љупче.

ЉУПЧЕ МЕШКОВ:

Почитуван претседателе, јас во интерес на времето само едно прашање ќе поставам. Прашањето се однесвуа на сферата на реформите во Република Македонија, пред се, од аспект таа е упатена кон министерот за труд и социјална политика. Пред се, кон реформите во Република Макеоднија, имајки ја предвид важноста на овие процеси, пред се, од аспект на стремежот на РМ кон европските интеграции. Сер азбира , не општо во реформите, посебно реформите во пензискиот систем, кои што значат не само обична шминка н апостојниот систем, туку тие се од суштински карактер и треба на пензискиот систем да му овозможат една финансиска стабилност за еден подолг период. Сер азбира,м дека за реформите во пензискиот систем имаше следбеници, имаше и луѓе кои то мислеја роковите кои што беа зацртани за имплементација на реформите да бидат пролонгирани односно да бидат продолжени, едни од тие беа и Сојузот на синдикатите на РМ, кој што сметаше дека некој од роковите односно имплементацијата на пензиската реформа треба за одреден период да биде одложена.

Конкретно, прашањето ми е, дали овие пензиски реформи течат према зацртаните рокови односно дали евентуално при склучувањето на социјалниот договор, е прифатено барањето на Сојузот на синдиактите тие да се пролонгираат. Ако е тоа така, тогаш мроа да имаме предвид дека во Законот за капитално финансиран пензиски систем имаме одредби односно дејствија пропишани кои треба да почнат да се применуваат од 1 јануари 2003 година. Тој рок веќе помина, што значи дека треба да се има предвид, ао се пролонгираат треба да се донесе

закон за изменување на некои од тие одредби. Значи, дали реформите во тој дел према зацртаните рокови се пролонгирани или течат онака како што е предвидено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Мешков и на конструктивноста со едно прашање.

Господин Манасиевски?

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Како што му е познато и на господинот Мешков прашањето на реформите во пензискиот систем е едно од ретките прашања каде што псотоеше консензус меѓу релевантните политички партии, така што целиот процес одеше без посебни потешкотии во целиот изминат петгодишен период. Сега, полека, навлегуваме во фаза на имплементација на тие реформи. Во август е формирана минатата година и Агенцијата за супервизија на капиталното финансирано пензиско осигурување, а сега оваа година нас ни претстои обврска и ќе ја реализираме за до крај кадровско екипирање на оваа Агенција и веЌе оваа Агенција во рамките на динамиката што беше зацртана, заедно со Управниот одбор ги донесе потребните акти во роковите што беа предвидени. Меѓутоа, поради изборите, поради целиот изборен процес се случи едно шестмесечно задоцнување, кое што е направено пред оваа Влада да дојде односно да стапи на сцена и тоа шестмесечно оддолжување, за жал, најверојатно, ќе резултира со шестмесечно одложување, со отпочнувањето на предвиденат аимплементација за 1 јануари 2004 година.

Инаку, определба на оваа Влада е тој процес да се води максимално транспарентно и максимално внимателно, затоа што се работи за многу софисцитиран аоперација, каде што грешки едноставно не се дозволени. Онолку колку што е во нашата моќ ќе се обидеме дел од времето што е загубено да го надоместиме, меѓутоа, поради софисцитираноста на процесот, тешко може дека тоа изгубено време да се надомести.

Што се однесува до рефлектирањето на социјалниот договор, точно е дека Синдикатот се противеше на самиот концепт на реформите, т.е. на самиот концепт на втор задолжителен капитално финансиран пензиски столб.Меѓутоа, Владата остана на претходно дефинираниот став и едноставно поради ова задоцнување во социјалниот договор ја прифати само потребата од преиспитување на отпочнувањето на процесот во смисла на негово комплетно подготвување за еден добар солиден старт. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволен од одговорот? (Да).

Благодарам.

Господин Драган Георгиев. Ако прифатите со едно прашање, ќе ви бидам благодарен.

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Благодарам, ќе одам со едно прашање.

Почитуван претседател, почитуван премиер и членови на Влада, почитувани пратеници прашањето се однесува до министерот за транспорт и врски.

Од огромна важност за Струмичкиот регион е изградба на Карго аеродром кој ќе придонесе за извоз и пласман на земјоделските производи, а со тоа ќе придонесе и за развој на целиот регион. Повеќе години земјоделците од овој регион ја истакнуваат потребата од изградба на еден ваков објект. Последниот месец на некои медиуми беше најавено дека РМ е посетена од фирмата Сименс, која е заентересирана да инвестира износ од околу 80 до 90 милиони долари за изградба на еден таков објект.

Прашањето е, кои се условите кои што ги бара компанијата Сименс и дали има понудено финансиска конструкција или проект за изградба на карго аеродром и кои се нашите услови и ставови и до каде се стигнати овие преговори?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Ајдини .

МИЛАИН АЈДИНИ:

Во врска со тоа дека во медиумите се пишуваше тоа биле шпекулации, затоа што тимот кој беше во Министерството за транспорт и врски, не беше само Сименс, туку беше една Струмичка или Гевгелиска фирма со претставници од две турски фирми и еден претставник од Сименс, не достави никаква констукција, ни финансиска, ни никаква. Од Министерството за транспорт и врски бараа само гаранција од Владата за 93 милиони долари. Нашиот одговор беше дека гаранции за такви не доставени од финансиски аспект или од никаков аспект, нема, меѓутоа, не

се исклучува можноста да биде граден тој истиот аеродром, но најпрво да се видат сите тие потреби и ако има финансиски средства без владина гаранција, ние би прифатиле. Ние им рековме дека тоа е прифатено, само да нема финансиски импликации. Меѓутоа , истите претставници од Струмичката фирма Емсима и од две турски и од претставникот од Сименс, немале документација и не барале конкретно за карго аеродромот, туку само барале гаранција од Владата , а такви гаранции инистерството или министерот за транспорт ив рски, не може и не е надлежен да дава. Затоа, одговорот беше гаранции не, ќе имате подршка само за аеродромот во случај да имате обезбедено финансиски средства. Сега и јавно ќе се изјасниме дека и понатаму ќе ја имаат нашата подрШка во случај да имаат обезбедени финансиски средства. Ние ќе им понудиме или ќе им помагаме за местото, за сите документи, за документацијата, но не би можеле така да им гарантираме гаранција од Владата. Тука беше проблемот тогаш по тоа што го чита ценетиот пратеник, па затоа во тие новини, ако ние се базираме на новините, тогаш треба да направиме седница за читање на новини. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Господине Георгиев дали сте задоволен од одговорот?

ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:

Делумно. Дополнително прашање. Дали Министерството за транспорт ив рски или Владата има намера во иднина да се планира изградба на ваков карго аеродром, доколку се најдат стратешки партнери за инвестиции.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Повелете господине Ајдини.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Уште еднаш ќе повторам, значењето на карго аеродромто го знаеме. За тоа сме и заентересирани за такво нешто, меѓутоа, без да ја видиме финансиската конструкција и другите потребни документи, не можеме да зборуваме на памет. Но, ако се јават со такви барања, само со бланко гаранција од Владата, уште еднаш ќе повторам, Министерството за транспорт ив рски не може да дава такви гаранции, а верувам и Владата нема да прифати давање на такви бланко гаранции. Со конкретна конструкција би го анализирале и потоа би ги виделе нашите можности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Значи, одговорто е да, доколку има констукција, меѓутоа не и владини средства.

Предлагам уште по еден пратеник од опозицијата и позицијата со по едно прашање и завршуваме. Тоа се вкупно 5 до 6 минути.

Господинот краљевски побара нешто процедурално.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Јас се сложувам да бидам последен, нека постават колегите пратеничко прашање, па јас бидејки е во врска со процедурата за вакви седници, сакам последен да кажам процедурално, зашто имам еден предлог.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Прашањето ќе го упатам до министерот за труд и социјална политика а во интерес на времето ќе бидам многу кратка. Наиме, ми се обратија група на македонски граѓани воени пензионери кои биле пензионирани пред 1991 година, меѓутоа заради познатите состојби и распадот на тогашната држава, а работеле надвор од Македонија, останале без своите пензии и се вратиле во Македонија, меѓутоа, поради една несреќна одлука која Владата ја донела во 1992 година оваа категорија на осигуреници и после 10 години не успеела да ги оствари своите права. Бидејќи во оваа одлука Владата предвидела дека тие што после 31 март 1992 година, односно тие што се затекнале до 31 март 1992 година биле повторно пензионирани на товар на пензискиот фонд на Република Македонија. Меѓутоа, една категорија која според моите сознанија се некаде меѓу 50-60 луѓе кои се македонски државјани се вратиле во Македонија после овој датум и до денешен ден овие луѓе останале без никакви средства за живот. Го прашувам министерот, да напоменам дека оваа одлука мислам дека во 1995 година престана да важи, дали планира на овие луѓе кои имале остварено право на пензија пред распадот на тогашната држава да ги пензионира, бидејќи се останати без никакви средства за живот. Не се работи за многу, тоа се некаде според моите сознанија реков 50-60 луѓе. Така што не се работи за големи финансиски средства кои многу би го оптовариле буџетот.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Министерството веќе работи на овој случај, меѓутоа, како што и сама истакнавте прилично е комплицуван случајот. Владата неколку пати се има изјаснувано по однос на овој случај во изминативе 10 години и се обидуваме да најдеме решение што ќе има правен континуитет со претходните одлуки, а што истовремено ќе ги реши и проблемите на оваа категорија граѓани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволна од одговорот?

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Задоволна сум од одговорот. Меѓутоа, би апелирала до министерот оваа иницијатива да ја забрзаат, затоа што се работи за луѓе кои пред десет години биле пензионирани и што на некој начин се во залезот на својот живот, така што не можат да чекаат, бидејќи навистина во прашање е нивната егизтенција.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Талат Џафери, ќе ве замолам да поставите едно прашање.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Ќе го искористам времето за три минути да поставам три прашања.

Првото прашање се однесува на правото на добивање на државјанство на Република Македонија, бидејќи актуелниот закон веќе е во сила десет години. Ме интересира за секоја година од стапувања во сила на актуелниот закон колку барања секоја година има поднесено, колку имаме позитивни одговори на тие барања, колку имаме негативни одговори за секоја година одделно и колку предмети се во разгледување. Се разбира ова прашање е упатено до министерот за внатрешни работи.

Второто прашање до министерот за одбрана и делумно до министерот за внатрешни работи. Република Македонија е потписник на конвенцијата за уништување на против пешадиски мини. Еден дел од нив се уништени претходно, во претходниот период. Прашањето е дали има области со мини во Република Македонија, тие мини што се поставени од страна на армиските и полициски сили и дали се преземени сите мерки според правилникот за деминирање на тие територии.

И последното прашање, е упатено до министерот за финансии. Од средствата на Телеком предвидени за 2001 година со одлука на Владата распоредени во 2002 година за изградба на регионален водовод за општина Чегране не се реализираше

сума од 500 илјади германски марки, како и еден дел од средствата за завршување на училишни објекти во општина Гостивар и околината.

Прашањето е, дали Министерството за финансии планира овие прашања да ги реши со Буџетот за 2003 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Џафери, неколку пратеници своите прашања ги повлекоа за да имате вие шанса да поставите едно. И сега вие навистина не фер мене ме доведовте во ситуација, пратениците пред вас ги повлекоа своите прашања.

На првото прашање ќе одговори господинот Хари Костов, а за останатите две прашања ќе добиете писмен одговор.

ХАРИ КОСТОВ:

И на првото прашање во моментов не би можел да одговорам, со оглед на тоа дека се работи за десет годишни податоци кои што ги побара пратеникот. Во секој случај во рокот од десет дена, она што е предвидено по Деловникот ќе биде писмено одговорено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да ви појаснам нешто заради што се доведовме во ваква ситуација. За мене е релевантен пријавата на компјутерот. Ако некој од вас еднаш се пријавил и листингот ве дале, тоа ништо не значи затоа што состојбата на компјутерот се менува, постојано има пратеници што се пријавуваат и одјавуваат. И јас одамм по состојбата на компјутерот. Господинот Чашуле навистина бил во еден период пријавен, меѓутоа се одјавил и го немам на списокот, тоа е целата приказна. И сега не сте пријавени. Исто има и други пратеници кои биле пријавени, па се одјавиле. Меѓутоа, сакам да ве самолам сите пратеници, кога ќе се пријавите за дискусија извадете ја картичката, пријавата ви стои, меѓутоа не се одјавувајте, затоа што после новото пријавување ќе ве стави на крајот на листата. А листата овде е 60 пратеници. Така што техниката раководете ја како што е таа, ние не можеме да ја менуваме.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседател, со сиот почит јас исто толку добро се разбирам во електрониката колку и секј друг од нас овде. Јас се пријавив и не се одјавив. Што значи дека нешто се случило. Ве молам, да не се случува во иднина, имаме служби за обезбедување, имаме техника, да се гарантира начинот на пријавување особено во тие извонредно важни седници каде што ние од името на луѓето што не избрале се обраќаме до извршната власт. Мислам дека нема поважна институција во

Парламентот од ова. Трпеливо чекав еден месец да поставам три прашања. Се плашам дека тие се сеуште актуелни, но времето  да постапиме според нив истекува. Така што ќе сведам на едно.

Дали Владата ќе свика посебна седница . Прашањето го поставувам до премиерот и преку него до претседателот, бидејќи не го гледам претседателот тука, а ингеренциите ги презедоа претседателот на Републиката на своја рака, а премиерот според Уставот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Немаме право на претседателот на Републиката да му поставиме прашање.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Јавноста има право да знае, бидејќи се работи за полемика која ја произведе таквото недоразбирање. Имено, се работи за следното. Дали Владата, премиерот ќе го извести Собранието за аргументите врз основа на кои ние постапуваме како што постапуваме во меѓународните односи каде што во овој момент е доминантна ирачката криза. Врз основа на ова ќе ја пренесеме расправата и полемиката од улиците, весниците и кафеаните во Собранието каде што ќе треба да се ратификуваат таквите клучни услови. Значи, прашањето е тоа.

Второ, во медиумите настанува едно сериозно недоразбирање околу ингеренциите што да правиме во овој случај, па читаме дека дури и ќе пратиме и војници, а Собранието тоа го дознава од медиумите.

Другите две прашања се однесуваат на тоа. Само кратко ќе ги кажам. Дали е променета позицијата на Македонија на разговорите за разликите околу името во Обединетите нации.

И третото е ќе ни дојдат евро силите. Кога ќе го гледаме законот кој ќе ги воспостави нивните права и обврски и нашите права и обврски за време на нивниот мандат овде.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање имаше прашање и одговор околу несогласувањето по весниците меѓу Владата и претседателот на државата и беше одговорено од стсрана на замeникот премиер. Дали цените повторно да го одговорите истото прашање, истиот одговор.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Кога ќе седнеме да расправаме овде. Цела Европа расправа, парламентите се изјаснуваат како законодавни домови околу оваа цивилизациска криза. Јас мислам во интерес на конструктивноста на нашата поддршка во борбата против

таквите режими треба овде да донесеме одлука која најверојатно ќе биде поддржана. Значи, не е расправата кој и што правел, туку кога ние ќе расправаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да не го пореметиме редот. Инаку, да ви кажам според нашиот Устав и закони Македонија не може ниту да прими странски воени сили, ниту да прати домашни припадници на АРМ во странска мисија без Собранието да донесе закон. Меѓутоа, тоа треба да го побара некој од Собранието. Додека Собранието не донесе закон, ние не можеме да пратиме и тоа е совршено јасно.

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Сосема кратко токму како одговор на прашањата што ги постави г-дино Чашуле.

Прво, Владата не е подготвена и не гледа никаква потреба да ги коментира ставовите, изјавите и позициите на претседателот на државата. Доколку Владата биде соочена со дилема за која што ќе оцени дека треба и самата да се изјасни, а согласно Уставот и законите на оваа држава да се изјасни Собранието, таа дилема односно таква расправа ќе биде предложена на Собранието на Република Македонија. Значи, никакво испраќање на војници на Република Македонија, воени сили. Во овој момент ниту од нас е побарано, ниту било кој во Владата на таква тема размислува. Тоа е околу првото прашање.

Околу второто прашање кое што да повторам беше, дали има промена на позоциите на Владата на Република Македонија по спорот околу разликите со името. Во однос на позициите што Владата на РМ, ги имаше до 1998 година промена на позициите нема. Ако ме прашува господинот Чашуле дали евентуално оваа Влада има различни позиции од оние кои што на еден или на друг начин биле навестувани, или создавани во текот на изминатите четири години за кои што на еден директен и индиректен начин дознаваме овие денови, да, има разлика во однос на позициите дека постои согласност за евентуална промена на Уставното име. Значи, позицијата на оваа Влада е да се сочува Уставното име на Република Македонија не само за употреба во Република Македонија туку и за меѓународна употреба. Тоа е одговорот на второто прашање.

И околу третото прашање така како што беше поставено се плашам дека не ќе можам во кратки црти да одговорам на оваа седница. Ако инсистира г-динот Чашуле ќе добие писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен со одговорот на второто прашање во врска со името?

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам господине премиер, со сиот почит би сакал да добијам писмен одговор за третото прашање.

Првото прашање не се однесуваше на некоја разлика помеѓу вас и претседателот, туку дали ќе расправаме за таа работа.

Второто прашање не е во однос на некаква нова промена. Денеска читаме дека човекот кој разговараше, ние немаме спор, ние разговараме околу разлики за името со Грција,  поднел оставка. Но, бидејќи седницата е на крај, бидејќи за подетално образложение немаше време, морам да кажам дека сум доволно задоволен и со тоа. Ќе исчекам уште еден месец, па ќе разговараме уште еднаш за тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во секое време можете писмено да поставите прашање. Меѓутоа, тоа ретко го користат пратениците.

ЧЕДОМИР КРАЖЕВСКИ:

Имам процедурална забелешка.

Почитуван претседателе, почитувани членови на Владата, колеги пратеници, само за едно потсетување до јавноста во РМ, можноста за зачестена комуникација на пратениците со премиерот и членовите на Владата преку институтот пратенички прашања во функција е новиот Деловник на Собранието на Република Македонија кој Деловник го донесе претходниот состав на Собранието, а кој Деловник во примена со сегашниот состав на Собранието.  Во таа насока и заради изразеното задоволство од стсрана на премиерот за ваквиот тип на комуникација со пратениците и во духот на демократијата имам еден предлог. Бидејќи институтот пратенички прашања пред се треба да се однесува на правото на пратениците од опозоцијата да го поставуваат кон премиерот и членовите на Владата да односот на правото на поставување на пратеничко прашање да се промени од сегашниот однос, тој да биде 2:1 во корист на опозицијата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ако постигнете договор меѓу пратеничките групи јас тоа ќе го спроведувам. Меѓутоа, постигнете го договорот меѓу пратеничките групи. Не можам јас сам тоа да го наметнам.

Ја заклучувам седницата.

(Седницата заврши во 19,20 часот).